**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК**
**НА ОПШТИНА ОХРИД**

| | |
|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **О Х Р И Д**<br>**01.12.2023 год.**<br>**БРОЈ 13 ГОДИНА 58** |


**С О Д Р Ж И Н А**


| **Реден број** | **Име на актот** | **Страна** |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за усвојување на извештајот за работата на ЈП„Билјанини Извори“ - Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година. | **6** |
| **2.** | Одлука за усвојување на извештајот за работењето на ЈП „Водовод“ Охрид за периодот од 01.07. - 30.09.2023 година. | **7** |
| **3.** | Одлука за усвојување на извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година. | **8** |
| **4.** | Одлука за усвојување на извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП Градски Пазар Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година. | **9** |
| **5.** | Одлука за усвојување на извештајот за работењето на ЈП„Нискоградба Охрид“ - Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година. | **10** |
| **6.** | Одлука за усвојување на извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП„Охридски Комуналец“ - Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година. | **10** |
| **7.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП „Градски гробишта“ Охрид. | **11** |
| **8.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цени за вршење хортикултурни услуги на јавни зелени површини и јавна чистота на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид. | **13** |
| **9.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на измена на годишниот план за вработување за 2023 година на ЈП Градски Пазар Охрид. | **18** |
| **10.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.09.2023 година. | **19** |
| **11.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за подршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.09.2023 година. | **31** |
| **12.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за финансиските потреби на Територијалната противпожарна единица - Охрид за 2023 година за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година. | **51** |

| | | |
|---|---|---|
| **13.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2023 година за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година. | **55** |
| **14.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за 10заштита на животната средина и природата за 2023 година за периодот од11 01.07. до 30.09.2023 година. | **66** |
| **15.** | Одлу13ка за усвојување на извештајот за реализација на годишната програма за спорт и рекреација за 2023 година за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година. | **70** |
| **16.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за млади и невладини организации за 2023 година за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година. | **84** |
| **17.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за културни манифестации и творештво за периодот од 01.01. до 30.09.2023 година. | **98** |
| **18.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на годишната програма за активностите на општина Охрид во областа на основното образование за 2023 година (Н1) за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година. | **112** |
| **19.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на основното образование 2023-2025 (НА) за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година. | **120** |
| **20.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на годишната програма за активностите на општина Охрид во областа на средното образование за 2023 година (Н2) за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година. | **123** |
| **21.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на средното образование 2023-2025 (НБ) за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година. | **130** |
| **22.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на годишната програма на општина Охрид за детска заштита за 2023 година (В1) за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година. | **133** |
| **23.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на детската заштита 2023-2025 (ВА) за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година. | **139** |
| **24.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на годишната програма за здравствена и социјална заштита за 2023 година за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година. | **141** |
| **25.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за активностите на општина Охрид од областа на заштитата и спасувањето за 2023 година за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година. | **147** |
| **26.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023 година за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година. | **150** |
| **27.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2023 година за периодот од 01.01. | **153** |

| | | |
|---|---|---|
| | до 30.09.2023 година. | |
| **28.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата други комунални услуги за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.09.2023 година. | **158** |
| **29.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата урбана опрема - изградба и одржување за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.09.2023 година. | **161** |
| **30.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување јавна чистота за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.09.2023 година. | **165** |
| **31.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.09.2023 година. | **174** |
| **32.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.09.2023 година. | **177** |
| **33.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за подигање и одржување на паркови и зеленило за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.09.2023 година. | **183** |
| **34.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.09.2023 година. | **193** |
| **35.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште во 2023 година за период од 01.01. до 30.09.2023 година. | **196** |
| **36.** | Одлука за усвојување на извештајот за остварување на буџетот на Општина Охрид за периодот од 01.01. до 30.09.2023 година. | **207** |
| **37.** | Одлука за донесување на буџетскиот календар. | **221** |
| **38.** | Нацрт-програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2024 година. | **223** |
| **39.** | Нацрт-програма за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2024 година. | **230** |
| **40.** | Нацрт-програма за финансиските потреби на територијалната противпожарна единица Охрид за 2024 година. | **231** |
| **41.** | Нацрт-развојна програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2024-2026 година. | **240** |
| **42.** | Нацрт-програма за заштита на животната средина и природата за 2024 година. | **249** |
| **43.** | Нацрт-годишна програма за спорт и рекреација за 2024 година. | **256** |
| **44.** | Нацрт-програма за млади и невладини организации за 2024 година. | **265** |
| **45.** | Нацрт-програма за активностите на општина Охрид во областа на културата за 2024 година. | **281** |
| **46.** | Нацрт-програма за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштитата и спасувањето за 2024 година. | **295** |
| **47.** | Нацрт- програма за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2024 година. | **302** |
| **48.** | Нацрт-програма за еднакви можности на општина Охрид за 2024 година. | **307** |

| | | |
|---|---|---|
| 49. | Нацрт-годишна програма за активностите на општина Охрид во областа на основното образование за 2024 година. | 317 |
| 50. | Нацрт-развојна програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на основното образование 2024-2026 година. | 323 |
| 51. | Нацрт-годишна програма за активностите на општина Охрид во областа на средното образование за 2024 година. | 328 |
| 52. | Нацрт-развојна програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на средното образование 2024-2026 година. | 334 |
| 53. | Нацрт-годишна програма на општина Охрид за детска заштита за 2024 година. | 338 |
| 54. | Нацрт-развојна програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на детската заштита 2024-2026 година. | 343 |
| 55. | Нацрт-годишна програма на општина Охрид за социјална и здравствена заштита за 2024 година. | 347 |
| 56. | Нацрт-развојна програма за уредување на градежно земјиште за 2024-2026 година. | 355 |
| 57. | Нацрт-програма за уредување на градежно земјиште во 2024 година. | 362 |
| 58. | Нацрт-програма за енергетска ефикасност за 2024 година. | 372 |
| 59. | Нацрт-програма за изградба на сообраќајна сигнализација за 2024 година. | 378 |
| 60. | Нацрт-програма урбана опрема-изградба и одржување за 2024 година. | 380 |
| 61. | Нацрт-програма за други комунални услуги за 2024 година. | 382 |
| 62. | Нацрт-програма за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај за 2024 година. | 384 |
| 63. | Нацрт-програма за јавно осветлување за 2024 година. | 389 |
| 64. | Нацрт-програма за одржување јавна чистота за 2024 година. | 390 |
| 65. | Нацрт-програма за подигање и одржување на паркови и зеленило за 2024 година. | 399 |
| 66. | Одлука за усвојување на Нацрт буџетот на општина Охрид за 2024 година. | 410 |
| 67. | Програма за измени и дополнувања на програмата за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај за 2023 година. | 439 |
| 68. | Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Охрид за 2023 година. | 440 |
| 69. | Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Охрид за 2023 година. | 441 |
| 70. | Одлука за донесување Правилник за утврдување на критериуми за исплата на побарувања кон доверители на општина Охрид по основ на судски и извршни решенија. | 443 |
| 71. | Одлука за формирање Комисија за заштита на правата на пациентите. | 445 |
| 72. | Заклучок за усвојување на Информацијата за Физибилити студијата за оправданост за поставување на фотоволтаични централи во општина Охрид. | 447 |
| 73. | Одлука за започнување на постапка за избор на консултантска куќа (консултант) за изработка на комплетна документација за избор на | 448 |

| | | |
|---|---|---|
| | најповолен модел за поставување на фотоволтаични централи на општинските објекти на подрачјето на општина Охрид. | |
| **74.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Григор Прличев“ - Охрид. | **449** |
| **75.** | Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Братство Единство“ - Охрид. | **450** |
| **76.** | Одлука за пренесување на правото на користење на натоварувач-ровокопач марка „JSB“-сопственост на општина Охрид на ЈП Нискоградба Охрид. | **451** |
| **77.** | Одлука за отстапување на времено користење простор на Здружение на ловците „Охрид“ Охрид. | **453** |
| **78.** | Одлука за отстапување на времено користење простор на Здружение „Воведение 2014“ с. Завој Охрид. | **454** |
| **79.** | Одлука за примање донација за поставување на урбана опрема и зеленило во дворот на ООУ„Братство и единство“ општина Охрид од Халкбанк А.Д. Скопје. | **456** |
| **80.** | Одлука за разрешување член во Надзорниот одбор на ЈП „Водовод“ - Охрид. | **457** |
| **81.** | Програма за измени и дополнувања на годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2023 година. | **458** |
| **82.** | Одлука за донесување детален урбанистички план во УЗ 15, УБ 15.7, Општина Охрид, плански период 2019-2024. | **460** |
| **83.** | Одлука за донесување техничка исправка за ГП 1.2 и ГП 1.3 во ДУП измени и дополнување за населба „Радојца Новичиќ“ - Охрид, Блок Детска градинка, општина Охрид донесен со одлука број 07-565/2 од 07.10.1998 година, општина Охрид. | **462** |
| **84.** | Одлука за донесување Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.4 во ДУП за дел од УЗ 10 и 11, УБ 10.4 и 11.1 Влашка Маала и Градинар, блок 7 во КО Охрид 2, општина Охрид. | **463** |
| **85.** | Одлука за донесување Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 2.3.30 формирана во ДУП за дел од УЗ 2, УБ 2.3 опфат 2 во КО Охрид 3, општина Охрид. | **464** |
| **86.** | Јавна објава | **466** |
| **87.** | Јавна објава | **467** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за работата на ЈП„Билјанини Извори“ - Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/116**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09. 2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на ЈП„Билјанини извори“- Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година, усвоен со Одлука на Управниот одбор бр.02-1924/2 од 16.10.2023 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-1923/2 од 16.10.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/3**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на

општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „ВОДОВОД“ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. - 30.09.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за работењето на ЈП „Водовод“ Охрид за периодот од 01.07. - 30.09.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/117**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „ВОДОВОД“ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. - 30.09.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на ЈП „Водовод“ Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година, усвоен со Одлука на Управниот одбор бр.02-2399/4 од 01.11.2023 година и Мислење на Надзорниот Одбор бр.02-2395/2 од 01.11.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/4**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

| | |
|---|---|
| **Број 09-17168/118** | **ОПШТИНА ОХРИД** |
| **30.11.2023 год.** | **Градоначалник,** |
| **О х р и д** | **Кирил Пецаков,с.р.** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година, усвоен од Управниот одбор со Одлука бр.02-1133/3 од 27.10.2023 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-1132/2 од 27.10.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

| | |
|---|---|
| **Број 08-17168/5** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД** |
| **30.11.2023 год.** | **Претседател** |
| **О х р и д** | **Сашо Донев,с.р.** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на

општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП Градски Пазар Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/119** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП Градски Пазар Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година, усвоен со Одлука на Управниот одбор бр.02-558/4 од 27.10.2023 година и Заклучок на Надзорниот Одбор бр.02-557/3 од 27.10.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„НИСКОГРАДБА ОХРИД“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за работењето на ЈП„Нискоградба Охрид“ - Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/120**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„НИСКОГРАДБА ОХРИД“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на ЈП „Нискоградба Охрид“ - Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година, усвоен од Управниот одбор со Одлука бр.02-1192/3 од 30.10.2023 година и Мислење на Надзорниот одбор бр.02-1191/3 од 30.10.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/7**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП„Охридски Комуналец“ - Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/121** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето и остварените резултати на ЈП„Охридски Комуналец“ - Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година, усвоен од Управниот одбор со Одлука бр.02-1748/4 од 02.11.2023 година и Мислење на Надзорниот одбор бр.02-1747/4 од 02.11.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП „Градски гробишта“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/122**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19 и 89/2022), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката измена и дополнување на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП „Градски гробишта“ Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП„Градски гробишта“ Охрид бр.02-1133/5 од 27.10.2023 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/9**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа начлен 19 од Законот за јавни претпријатија и член 19 од Статутот на ЈП Градски Гробишта Охрид Управниот Одбор на ЈП Градски Гробишта Охрид ја донесе следната

## О Д Л У К А
### За измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП Градски Гробишта Охрид бр.02-1356/2 од 12.12.2022 год.

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП Градски Гробишта Охрид бр.02-1356/2 од 12.12.2022 год.

**Член 2**

Во Член 6, по редниот број 73 се додаваат четири нови броја 74, 75, 76 и 77 кои гласат:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 74. | Санација на прекоп со бехатон плочки со целосна припрема и одвоз на материјал | до 3м² | 7.130,оо ден. |
| 75. | Санација на прекоп со бехатон плочки со целосна припрема и одвоз на материјал | од 3 до 5м² | 10.373,оо ден. |
| 76. | Санација на прекоп со бехатон плочки со целосна припрема и одвоз на материјал | од 5 до 10м² | 18.040,оо ден. |
| 77. | Санација на прекоп со бехатон плочки со целосна припрема и одвоз на материјал | од 10 до 20м² | 33.088,оо ден. |

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на добивање на согласност од Советот на Општина Охрид.

**ЈП Градски Гробишта Охрид**
**Претседател на УО**
**Бојчовски Јован,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИ ЗА ВРШЕЊЕ ХОРТИКУЛТУРНИ УСЛУГИ НА ЈАВНИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ И ЈАВНА ЧИСТОТА НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цени за вршење хортикултурни услуги на јавни зелени површини и јавна чистота на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/123** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и 275/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ХОРТИКУЛТУРНИ УСЛУГИ НА ЈАВНИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ И ЈАВНА ЧИСТОТА НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цени за вршење хортикултурни услуги на јавни зелени површини и јавна чистота на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП„ Охридски Комуналец“ Охрид бр.02-1748/5 од 02.11.2023 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 19 ст.2, точка 1 од Законот за јавни претпријатија и член 17 од Статутот на ЈП “Охридски Комуналец“ Охрид, Управниот Одбор на ЈП “Охридски Комуналец“ Охрид на својата седница одржана на ден 02.11.2023 година, ја донесе следната:

## *ОДЛУКА*
### *за изменување на Одлуката за утврдување на цени за вршење на хортикултирни услуги на јавни зелени површини и одржување на јавна чистота број 02-1348/3 од 15.08.2018*

Со оваа Одлука се врши следната измена и дополнување:

**Член 1**

Се менува член 2 алинеи 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 15, 16 и 17 и тоа:
-Во алинеја 1 бројот “1,82“ се заменува со бројот “2,2о“
-Во алинеја 2 бројот “0,5о“ се заменува со бројот “0,8о“
-Во алинеја 3 бројот “0,3о“ се заменува со бројот “0,95“

-Во алинеја 4 бројот “3,2о“ се заменува со бројот “3,9о“
-Во алинеја 5 бројот “23,3о“ се заменува со бројот “40,оо“
-Во алинеја 6 бројот “4,58“ се заменува со бројот “5,5о“
-Во алинеја 7 бројот “19,5о“ се заменува со бројот “24,4о“
-Во алинеја 8 бројот “0,48“ се заменува со бројот “0,6о“
-Во алинеја 9 бројот “15,93“ се заменува со бројот “19,9о“
-Во алинеја 10 бројот “0,48“ се заменува со бројот “0,6о“
-Во алинеја 11 бројот “15,93“ се заменува со бројот “19,9о“
-Во алинеја 12 бројот “15,оо“ се заменува со бројот “18,75“
-Во алинеја 13 бројот “15,оо“ се заменува со бројот “18,75“

-Во алинеја 15 бројот “0,06“ се заменува со бројот “0,08“
-Во алинеја 16 бројот “2,5о“ се заменува со бројот “3,2о“
-Во алинеја 17 бројот “25о“ се заменува со бројот “350“
После алинеја број 17 се додаваат нови алинеи број 18, 19, 20, 21 и 22 кои гласат:
18. Машинско чистење на неуредна вегетација.......1.000,оо ден./час
19.Косење со трактор со мулчер..................................... 0,69 ден/м2
20. Постапување со оштетени дрвја..........................1.000,оо ден./час
21. Постапување со оштетени дрвја со дигалка……..3.500,оо ден./час
22. Одвоз на гранки....................................................1.600,оо ден./тура
Со измената, членот 2 ќе гласи:

**Член 2**

**Надоместокот за извршените услуги е определен во зависност од извршената услуга и тоа:**
**1 МаШинско косење трева ............................................................ 2,2о ден./м2**
**2. Собирање трева по маШинско косење со изнесување трева ........0,8о ден./м2**
**3. Поливање на трева, дрвја и грмуШки............................................ 0,95 ден./м2**
**4. Чистење на трева од лист со изнесување...................................... 3,9о ден./м2**
**5. Садење на сезонско цвеќе............................................................40,оо ден./бр**
**6.Припрема на цветни леи, фрезирање и ѓубрење...............................5,5 ден./м2**
**7. ПраШење на сезонско цвеЌе.........................................................24,4о ден./м2**
**8,Полевање на сезонско цвеќе...........................................................0,6о ден./м2**
**9. Откопување на дрва и грмуШки....................................................19,9о ден./бр.**
**10.Одржување на жардињери, Полевање ............................................0,60 ден./м2**
**11.Одржување на жардињери, Плевење.............................................19,9о ден./м2**
**12 Кроење - режење грмуШки..........................................................18,75 ден./бр.**
**13 Кроење - режење трендафили ....................................................18,75 ден./бр.**
**14. Кроење дрвореди.........................................................................812,оо ден./бр.**
**15.Собирање хартија и отпадоци .........................................................0,08 ден./м2**
**16,Косење на трева со грбна косачка....................................................3,2о ден./м2**
**17.Чистење на трња и грмушки .........................................................350,оо ден./час**
**18. Машинско чистење на неуредна вегетација..............................1.000,оо ден./час**
**19.Косење со трактор со мулчер............................................................0,69 ден/м2**
**20. Постапување со оштетени дрвја.................................................1.000,оо ден./час**
**21. Постапување со оштетени дрвја со дигалка................................3.500,оо ден./час**
**22. Одвоз на гранки..........................................................................1.600,оо ден./тура**

**Член 2**

Се менува и дополнува член 3 точка 2.1, потточки 2.1.1; 2.1.2; 2.1.3 и точка 2.2 и тоа:

Во потточка 2.1.1. реден број 1, зборот "Метач" се заменува со зборот "Општ работник" а бројот "170,оо" се заменува со бројот "350,оо"

После реден број 1 се додава нов реден број 2 кој гласи:

2.Општ КВ работник..........................................................400,оо ден./час

Со измената, потточката 2.1.1 ќе гласи:

**2.1.1.Вредност на работна рака по час**

**1.Општ работник..................................................................350,оо ден./час**

**2.Општ КВ работник..............................................................400,оо ден./час**

Во потточка 2.1.2. реден број 1, бројот "0,08" се заменува со бројот "0,103"

Во потточка 2.1.2. реден број 2, зборот Прскање се заменува со зборовите Машинско миење а бројот "0,06" се заменува со бројот "0,120"

Во потточка 2.1.2. реден број 3 бројот "0,06" се заменува со бројот "0,120"

Со измената, потточката 2.1.2 ќе гласи:

***2.1.2.Вредност на работна рака по м2***

**1. Метење ...........................................................................0,103 ден./м2**

**2. Машинско миење…......……………………………………….…… 0,120 ден./м2**

**3. Машинско метење.........................................................0,120 ден./м2**

Во називот во потточка 2.1.3.после зборот "час" се додава "/ тура"

Во потточка 2.1.3. реден број 1, бројот "1.750,оо" се заменува со бројот "3.500,оо" а "м2" се заменува со "час"

Во потточка 2.1.3. реден број 2, зборовите "ТАМ Кипер" се заменуваат со зборовите "МАН Фап"; бројот "880,оо" се заменува со бројот "3.500,оо" а "м2" се заменува со "тура"

Во потточка 2.1.3. реден број 3, бројот "880,оо" се заменува со бројот "2.000,оо" а "м2" се заменува со "тура"

Во потточка 2.1.3. реден број 4, бројот "2.000,оо" останува ист

Во потточка 2.1.3. реден број 5, бројот "1.950,оо" се заменува со бројот "3.000,оо" а "м2" се заменува со "час"

Во потточка 2.1.3. реден број 6, бројот "1.750,оо" се заменува со бројот "3.500,оо" а "м2" се заменува со "час"

Во потточка 2.1.3. после реден број 6 се додаваат реден број 7 и 8 кои гласат:

7.Хидромак.........................................................................3.500,оо ден/час

8. Товарно возило Кесон, транспортер..................................1.600,оо ден./тура

**Со измената, потточката 2.1.3 ќе гласи:**

***2.1.3.Вредност на основни средства по час / тура***

**1. Цистерна.......................................................................... 3.500,оо ден./час**

**2. МАН Фап.........................................................................3.500,оо ден./тура**

**3. Трактор...........................................................................2.000,оо ден./тура**

**4. Утоварувач RD-130..........................................................2.000,оо ден./час**

**5. Фиат Хитачи FB100.2.......................................................3.000,оо ден./час**

**6. Метачка...........................................................................3.500,оо ден./час**

**7.Хидромак.........................................................................3.500,оо ден/час**

**8. Товарно возило Кесон, транспортер..............................1.600,оо ден./тура**

Во точка 2.2. се вршат следните измени:

Во реден број 1, бројот "170,оо" се заменува со бројот "350,оо" а бројот "880,оо" се заменува со бројот "2.000,оо"

Во реден број 2, бројот "1.950,оо" се заменува со бројот "3.500,оо"

Во реден број 3, бројот “170,оо“ се заменува со бројот “350,оо“ а бројот “880,оо“ се заменува со бројот “2.000,оо“

Во реден број 4, бројот “170,оо“ се заменува со бројот “350,оо“

Во реден број 5 се утврдува надоместок од 1.000,оо ден./парче

Со измената точката 2.2. ќе гласи:

***2.2 Вонредни активности***

**1.Чистење реса........................................................................ 350,оо ден./час**

**-Подигање и транспорт........................................................2.000,оо ден./тура**

**2.Чистење езеро од муљ и багеровање на кеј......................3.500,оо ден/час**

**3.Чистење лист........................................................................350,оо ден./час**

**- Подигање и транспорт .....................................................2.000,оо ден./тура**

**4. Одржување на плажи кои не се под концесија...................350,оо ден./час**

**5.Собирање угинати животни...............................................1.000,оо ден./парче**

Со горенаведените измени, членот 3 од Одлуката ќе гласи:

**Член 3**

Надоместокот за извршените услуги е определен во зависност од извршената услуга и тоа:

***2.1.Редовни активности***

***2.1.1 Вредност на работна рака по час***

1.Општ работник........................................................................350,оо ден./час

2.Општ КВ работник...................................................................400,оо ден./час

***2.1.2.Вредност на работна рака по м2***

1. Метење ....................................................................0,103 ден./м2
2. Машинско миење….....…………………………………......……0,120 ден./м2
3. Машинско метење......................................................0,120 ден./м2

***2.1.3.Вредност на основни средства по час / тура***

1. Цистерна................................................................ 3.500,оо ден./час
2. МАН Фап..................................................................3.500,оо ден./тура
3. Трактор....................................................................2.000,оо ден./тура
4. Утоварувач RD-130...................................................2.000,оо ден./час
5. Фиат Хитачи FB100.2................................................3.000,оо ден./час
6. Метачка....................................................................3.500,оо ден./час
7. Хидромак..................................................................3.500,оо ден./час
8. Товарно возило Кесон, транспортер.........................1.600,оо ден./тура

***2.2 Вонредни активности***

1.Чистење реса............................................................... 350,оо ден./час

-Подигање и транспорт................................................2.000,оо ден./тура

2.Чистење езеро од муљ и багеровање на кеј................3.500,оо ден/час

3.Чистење лист.................................................................350,оо ден./час

- Подигање и транспорт ...............................................2.000,оо ден./тура

4. Одржување на плажи кои не се под концесија.............350,оо ден./час

5.Собирање угинати животни.........................................1.000,оо ден. /парче

## Член 3

Се менува член 4 од Одлуката и истиот гласи:

**Член 4**

Во цената на услугите утврдена со оваа Одлука не е пресметан данокот на додадена вредност.

**Член 4**

После членот 4 во Одлуката се додаваат нови члена 5, 6 и 7 и истите гласат:

**Член 5**

Со стапување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на цени за вршење на хортикултурни услуги на јавни зелени површини и одржување на јавна чистота број 02-1348/3 од 15.08.2018 година донесена од страна на Управниот Одбор на јавното претпријатие а усвоена со Одлука од Совет на општина Охрид број 08-16084/3 од 15.11.2018 година.

**Член 6**

Надлежните служби во ЈП “Охридски Комуналец“ Охрид должни се да изготват пречистен текст на Одлуката за утврдување на цени за вршење на хортикултурни услуги на јавни зелени површини и одржување на јавна чистота број 02-1348/3 од 15.08.2018 година кој ќе ги содржи измените согласно оваа Одлука.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивање согласност од страна на Советот на општина Охрид.

**ЈП “Охридски Комуналец“ Охрид**
**Претседател на Управен Одбор**
**Александар Буџакоски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2023 ГОДИНА НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на измена на годишниот план за вработување за 2023 година на ЈП Градски Пазар Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/124** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и 275/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“

бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2023 ГОДИНА НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за усвојување на измена на Годишниот план за вработување за 2023 година на ЈП Градски Пазар Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП Градски пазар Охрид бр.02-617/3 од 23.11.2023 година и заклучок на Надзорниот одбор бр.02-616/3 од 23.11.2023 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.09.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/125** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.09.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА**
**ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2023 – 30.09.2023 ГОДИНА**

Извештајот е изработен за период од шест месеци и ги сумира активностите извршени од страна на администрацијата во Секторот за туризам и локален економски развој, Одделение за Туризам во периодот од 01.01.2023 до 30.09.2023 год. за реализација на:

- Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2023 – 30.09. 2023 ГОДИНА

Во периодот 01.01.2023 – 30.09.2023 год. Одделението за туризам ги вршеше активностите неопходни за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид:

1. **Развој на туристичка инфраструктура и производ**
2. **Туристичка промоција на Охрид**
3. **Стандардизација и развој на туристички услуги и производи**
4. **Управување со туристички дејности за стимулирање на развој на туризмот**

Како резултати од реализацијата на програмата кои дадоа особен белег на работењето во овој период треба да се посочат:

- Промоција на туристичкиот потенцијал,
- Финансирање на микропроекти за поддршка на развојот на туризмот согласно приоритетните цели за одржлив развој
- Реализација на активности од Анализата на визуелното оптеретување на градот и правилникот за стандардизација и визуелна унификација - “OHRID GO authentic”
- Процесот на евиденција, регистрација и категоризација на станоиздавачи од мал обем (вкупно регистрирани 3031 станоиздавачи),

- Процес на продолжување на решенијата за категоризација на сместувачките капацитети од мал обем,

**<u>Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1</u>**

**АНЕКС 1**

I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2023 година.

1. Развој на туристичка инфраструктура и производ
2. Туристичка промоција на Охрид
3. Стандардизација и развој на туристички услуги и производи
4. Управување со туристички дејности за стимулирање на развој на туризмот

II. Информација за наплата на таксата за привремен престој

III. Извештај за туристички промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2023 год. во однос на 2022 год.), според записници од општински инспекторат.

**I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за периодот 01.01.2023 – 30.09.2023 год.**

1. **РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРСТРУКТУРА И ПРОИЗВОД**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1 Изградба на адреналински парк “OHRID GO adventuristic”** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Септември 2023 | Изградба на адреналински парк | Целта на изградбата на адреналинскиот парк е подобрување и проширување на туристичката и спортска понуда, со цел привлекување странски и домашни посетители и групи, нудејќи им единствено катче за спорт, рекреација и дружење. Паркот ќе биде нова туристичко – рекреативна содржина, привлечен за многу потенцијални сегменти на посетители. | Во консултација со ДЕУ утврдена е нова локација на паркот (во шумата во Касарна). Во овој период се правеше ново истражување на пазарот и подготовка на нова техничка документација соодветна на новата локација.Постапката за јавна набавка е планирано да се реализира во Октомври/Ноември 2023 | Средствата се обезбедени од проектот “OHRID GO”.<br>Не се потрошени финансиски средства. |
| **1.2 Изградба на PUMP TRACK полигон “OHRID GO dynamic”** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Септември 2023 | Изградба на PUMP TRACK полигон | Полигонот Pump Track претставува кружна патека со кривини и заоблени контури, кој се користи во рекреативни цели за сите возрасни категории. На него може да возат велосипедисти и други корисници од сите возрасти и нивоа на вештини. Како прогресивна структура, тој е совршен како за учење основни трикови, така и за обука на елитните спортисти. Подобен е за користење од страна на за сите видови на велосипеди, скејтборди, | Проектната документација е подготвена, одобрена е измената во буџетот. Постапката за јавна набавка ќе започне во Октомври 2023 | Средствата се обезбедени од проектот “OHRID GO”.<br>Не се потрошени финансиски средства. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ролери, тротинети и слично. | | |
| **1.3.** | **Бесплатен Hot Spot Интернет “OHRID GO connected”** | | | | |
| **1.** | Јануари – Септември 2023 | Бесплатен hot spot интернет | Поставувањето на бесплатен hot spot интернет на јавни локации е одлична можност за посетителите и гостите во градот преку користење на бесплатен интернет да добијат информации за туристичката понуда и услугите во градот. Планирано е обезбедување на бесплатен hot spot интернет на неколку најпосетувани локации во Охрид. | Во тек е имплементација согласно договорот склуен на ден 25.11.2022 год во време траење од 1 год. | Во овој квартал не се потрошени финансиски средства. |

## 2. ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1. Промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Септември 2023 | Промоција на туристичкиот потенцијал | Промоција на туристичкиот потенцијал се реализира преку стандардните начини на промоција, но ќе бидат применети и нови, современи пристапи во промовирањето на туристичката понуда и потенцијалите на Охрид.<br>Воедно, оваа активност предвидува директни или индиректни претставувања на Охрид на туристичките берзи и саеми, како и партиципација на промотивни настани во странство. | Учество на саем за туризам во Белград – Р. Србија 24-26.02.2023. Општина Охрид зеде активно учество на штандот на АППТ на РС Македонија како и учество на промоцијата на Охрид пред српски туристички работници, која се одржа во рамки на саемот.<br>Доставени промотивни материјали до АППТ при нивните учества на одржаните саеми за промоција на туризмот.<br><br>Учество во саем за туризам и спорт во Приштина – Р.Косово 27-28.04.2023. Општина Охрид учествуваше со свој штанд и се претстави пред посетителите на саемот и туристичките работници на Косово.<br><br>Учество на саем за бизнис инвестиции во Сараево – Р.Босна и Херцеговина 18-20.07.2023. Општина Охрид учествуваше со свој штанд и се претстави пред посетителите на саемот и бизнис заедницата. | Реализирани се 400 288,00 мкд. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.2. Редизајн на ohrid.com во туристичко информативен портал** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Септември 2023 | Редизајн на веб страна www.ohrid.com во информативен портал | Оваа активност вклучува редизајнирање на веб страната www.ohrid.com со цел поширока промоција на културно-историското наследство на градот Охрид, како и споделување на информации од промотивен карактер кои ќе се од корист на туристите и посетителите на Охрид. На веб страната, покрај за културно-историските знаменитости ќе бидат содржани информации за сместувачките капацитети на градот, информации за настани како и останати содржани кои ќе бидат од корист на посетителите. | Изготвена е документација за објава на тендер за избор на економски оператор. Првата објава не беше успешна, по што постапката за јавна набавка беше повторена. По склучувањето на договорот ќе започне со реализација. | Не се потрошени финансиски средства. |

**3. СТАНДАРДИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ УСЛУГИ И ПРОИЗВОДИ**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1.** | **Финансирање на микропроекти за поддршка на развојот на туризмот согласно приоритетните цели за одржлив развој** | | | | |
| **1.** | Јануари – Септември 2023 | Финансирање на микропроекти за поддршка на развојот на туризмот | Микропроектите претставуваат ефикасна форма на финансиска поддршка на микрозаедниците во партнерство со граѓанските здруженија за реализација на развојни идеи во областа на туризмот. Активноста ќе се реализира со објавување на јавен повик, по претходно утврден правилник за критериуми за учество. | Активноста се реализираше со објавување на јавен повик, по претходно утврден правилник за критериуми за учество. Комисијата донесе одлука за кофинансирање на 6 проектни предлози во делот од Туризам:<br><br>1.1. Здружение- Културно уметничко друштво: КУД ФАЛАНГА село Лескоец - Охрид, - „Вечер на јаготка“ - 63.760,00 ден.<br><br>1.2. Здружение Добротољубие 2014 при црквата Свети Георгиј – Охрид, - „Изработка на стасиди во длабока резба“ - 120.000,00 ден.<br><br>1.3. Нуркачки Центар Амфора, - „Флората во изворите Св. Наум - 60.000,00 ден.<br><br>1.4. Здружение за истражување и заштита на пештери СПИРИДОН СПЕЛЕО - Охрид, - „Прелиминарка карстолошка евалуација на пештера | Исплатени се средства во износ од 123.760,00 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Козја дупка“ - с. Куратица; - 98.580,00 ден.<br><br>1.5. Здружение АВТО МОТО КЛУБ ОФФ РОУД ЛИХНИД Охрид – „Промоција на туризам во Охрид Атрактивни ОФФ роуд тури низ терените на планината Галичица“ - 66.000,00 ден.<br><br>1.6. ЕДЕН - Туристички кластер на југозападен плански регион – „Вкуси го Охрид локално“ - 90.890,00 ден. | |
| **3.2.** | **Реализација на активности од Анализата на визуелното оптеретување на градот и правилникот за стандардизација и визуелна унификација - “OHRID GO authentic”** | | | | |
| **1.** | Јануари – Септември 2023 | Анализа на визуелно оптеретување на градот и правилникот за стандардизација и визуелна унификација | Елементите на урбаната опрема претставуваат нишка која "ги спојува" деловите на градот како целина. По искуствата и принципите на туристичките метрополи со стари автентични градски јадра, таа треба да има униформен изглед (дизајн, материјали, бои), осмислено поставени - со јасни правила / принципи на распоред со одреден ритам и "геометриска логика". Само на овој начин “јавната опрема” може да придонесе за уредноста, просторниот и визуелен поредок на градот, (посебно најексклузивниот дел на градот), кој индиректно ќе влијае врз целокупното однесувањето на луѓето, гостите и туристите. | Од секторот за ТЛЕР е извршен мониторинг и комплетна теренска анализа на постоечката состојба на објекти опремени со огласни табли (фирми) и други визуелни и рекламни опреми), на потегот на улиците Цар Самоил и Коста Абраш, започнувајки од плоштадот Св. Софија до плоштадот Климент Охридски. Изработени се фотографии и опис на секоја од огласните табли. Изработена е спецификација за огласување на табли. Објавен е оглас за јавна набавка и е одбран екомонски оператор за изработка на табли. Поставувањето на таблите ќе започне во Октом ри 2023. | Не се потрошени финансиски средства. |

**4. УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ ЗА СТИМУЛИРАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.2 Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Септември 2023 | Континуиран процес на извршување категоризација и регистрација на станоиздавачи | Активностите опфаќаат излегување на терен на Комисиите по однапред поднесено барање од страна на лицата кои вршат угостителска дејност и изведување на процесот на категоризација на објектите. | Регистрирани се вкупно 3031 станоиздавачи од кои во текот на првото полугодие на 2023 се регистрирани 113 нови станоиздавачи | Не се реализирани финансиски средства. |
| **2.** | Јануари – Септември 2023 | Континуиран процес на продолжување на решенијата за категоризација на станоиздавачи | Постапката за продолжување на решенијата за категоризација се одвива по претходно утврдена процедура. | Во периодот од јануари до јуни поднесени се 186 барања за продолжување на решенијата за категоризација. Постапено е по однос на сите. | Не се реализирани финансиски средства |
| **3.** | Јануари – Септември 2023 | Заверка на нормативи за храна и пијалоци | Согласно законот за угостителска дејност угостителските објекти должни се да ги заверуваат нормативите за храна и пијалоци кои ги нудат односно даваат на своите гости. | Во секторот за ТЛЕР при општина Охрид во текот на првото полугодие од 2023 година заверени се 65 нормативи за храна и пијалоци | Не се реализирани финансиски средства |
| **4.** | Јануари – Септември 2023 | Пријава за утврдување на работното време | Согласно законот за угостителска дејност угостителските објекти должни се да го пријават своето работно време | Во секторот за ТЛЕР при општина Охрид во текот на првото полугодие на 2023 година поднесени се вкупно 61 пријави за утврдување на работно време од кај угостителските објекти | Не се реализирани финансиски средства |
| **5.** | Јануари – Септември 2023 | Пополнување на база на податоци на вршители на угостителска дејност од мал обем | Водење на регистар во пишана и електронска форма на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем | Базата со податоци за вршители на угостителска дејност од мал обем се ажурира континуирано. | Не се реализирани финансиски средства |
| **6.** | Јануари – Септември | Пополнување на база на податоци на вршители на | Водење на регистар во пишана и електронска форма на лицата кои вршат | Базата со податоци за вршители на туристичка дејност (туристички | Не се реализирани финансиски |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 | туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | водичи, туристички агенции) се ажурира континуирано. | средства |

**5. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ**

| **5.2. Средства од аплицирани и одобрени проекти** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Јануари – Септември 2021 | Учество во имплементација на проекти | Во оваа програмска ставка се предвидени реализација на активности кои се во склоп на развој на туризмот, а претставуваат активности кои би се реализирале во рамки на проекти финансирани од други страни и донатори.<br>Во текот на првиот квартал се реализирани проектните активности. | Реализација на проектот „Развој на спортски туризам на општина Охрид - изградба на вежбалиште за голф“. Вкупниот износ на сите реализирани активности изнесува 5.313.176,00 денари. Во текот на првото полугодие доставен е финален извештај кон Министерството за локална самоуправа и се исплатени сите обврски за реализираните активности по однос на проектот. Во овој период се изведува последната активност – набавка и поставување на заштитна мрежа. | Реализирани се 3.696.976,00 мкд |

**II.Информација за наплата на таксата за привремен престој**

Според податоците од одделението за финансии и буџет, целокупната наплата на ТПП за периодот **од 01.01.2023 до 30.09.2023** година е следна:

**Приход од такса за привремен престој по месеци (добиени податоци заклучно со месец септември)**

**Во периодот од 01.01.2023 до 30.09.2023 година, согласно податоците од одделението за финансии и буџет од такса за привремен престој собрани се вкупно 15.644.682,00 денари.**

| | **ВКУПНО** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.Бр** | **Месец** | **Хотели** | **Приватни станоиздавачи** | **Вкупно** |
| 1 | **Јануари** | 327.376 | 64.816 | 392.192 |
| 2 | **Февруари** | 223.424 | 73.120 | 296.544 |
| 3 | **Март** | 283.648 | 24.992 | 308.640 |
| 4 | **Април** | 244.672 | 10.824 | 255.496 |
| 5 | **Мај** | 871.416 | 30.016 | 901.432 |
| 6 | **Јуни** | 1.390.576 | 85.472 | 1.476.048 |
| 7 | **Јули** | 3.886.501 | 192.377 | 4.078.878 |
| 8 | **Август** | 3.286.258 | 294.460 | 3.580.718 |
| 9 | **Септември** | 3.762.598 | 592.136 | 4.354.734 |
| 10 | **Октомври** | | | |
| 11 | **Ноември** | | | |
| 12 | **Декември** | | | |
| | **ВКУПНО** | 14.276.469 | 1.368.213 | 15.644.682 |

**Споредба Јануари - Септември**

**За споредба, во 2022 година за истиот период од такса за привремен престој од основни сместувачки капацитети и од сместувачки капацитети од мал обем се собрани вкупно 13364.849,00 денари при што може да се забележи дека наплатата за период од јануари до септември, 2023 година е зголемена за 17 % во споредба со наплатата по наведениот основ во истиот период во 2022 година.**

**III. Извештај за туристичкиот промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2023 год. во однос на 2022 год.)**

| | **РЕГИОН НА ОПШТИНА ОХРИД - ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ (НОЌЕВАЊА)** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р.Б** | **Месец** | **Дом. Ноќевања** | | **Однос %** | **Стр.Ноќевања** | | **Однос%** | **ВкупноНоќевања** | | **Однос %** |
| | | **2022** | **2023** | **2023/22** | **2022** | **2023** | **2023/22** | **2022** | **2023** | **2023/22** |
| 1 | Јануари | 8.590 | 6.518 | 75.9 | 3.146 | 5.914 | 188.0 | 11.736 | 12.432 | 105.9 |
| 2 | Февруари | 5.905 | 5.286 | 89.5 | 3.844 | 5.671 | 147.5 | 9.749 | 10.957 | 112.4 |
| 3 | Март | 6.999 | 5.603 | 80.1 | 7.253 | 7.012 | 96.7 | 14.252 | 12.615 | 88.5 |
| 4 | Април | 8.974 | 8.825 | 98.3 | 13.046 | 24.901 | 190.9 | 22.020 | 33.726 | 153.2 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Мај | 14.863 | 20.376 | 137.1 | 31.896 | 51.795 | 162.4 | 46.759 | 72.171 | 154.3 |
| 6 | Јуни | 22.810 | 24.327 | 106.7 | 41.863 | 58.052 | 138.7 | 64.673 | 82.379 | 127.4 |
| 7 | Јули | 250.808 | 254.349 | 101.4 | 69.425 | 81.647 | 117.6 | 320.233 | 335.996 | 104.9 |
| 8 | Август | | | | | | | | | |
| 9 | Септември | | | | | | | | | |
| 10 | Октомври | | | | | | | | | |
| 11 | Ноември | | | | | | | | | |
| 12 | Декември | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | | 318.949 | 325.284 | 102.0 | 170.473 | 234.992 | 137.8 | 489.422 | 560.276 | 114.5 |

**Согласно податоците од Државен завод за статистика, бројот на ноќевањата од основни сместувачки капацитети и од сместувачки капацитети од мал обем за период од 01.01.2023 – 30.09.2023 година, во однос на 01.01.2022 – 30.09.2022 година, е зголемен за 14.5% и тоа: кај домашните ноќевања има зголемување за 02.0%, а кај странските има зголемување за 37.8%.**

**Број 08-17168/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2023 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за подршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.09.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/126** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за подршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.09.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/14**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2023 ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**Извештај за реализација на програмата за поддршка на локалниот економски развој за период 01.01.2023 до 30.09.2023 година.**

Во текот на овој период одделението за ЛЕР ги вршеше задачите кои произлегуваат од Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Општина Охрид.
Општина Охрид оваа програма ја реализира преку Секторот за ТЛЕР и одделението за локален економски развој, согласно своите надлежности и задолженија, во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, од стратегијата за одржлив локален економски развој. Овој период скоро сите мерки во програмата опфаќаат социјална инклузија на сите граѓани, се водеше сметка за социјалната димензија да биде инкорпорирана во повеќето мерки.

Активностите за реализација на годишната програма за 2023 се реализираат во следните области на делување:

1.Подобрување на економската конкурентност на Охрид и рационална употреба на ресурсит преку партиципативно учество на заедницата.
2.Охрид – Паметен и зелен град /SMART AND GREEN CITY
3.Развој на рурални средини.;
4. Подготовка на проекти и проектно управување;

**Посебен акцент вопрограмските активности одовој период од работењето на одделението за локален економски развој се даде на следните активности:**

- Изработка на Студија за технолошко-рекреативен развој на просторот на поранешната касарна;
- Изготвување на инвестициски каталог за Охрид;
- Активности за поддршка на женско претприемништво во општина Охрид
- Субвенционирање на занаетчиски дејности;
- Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд. (Кузман Шапкарев);
- Финансирање на Микропроекти согласно целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој;
- Имплементација на проект „Roads Not Taken: Municipality of Ohrid Going Green, Smart, Innovative (OHRID GO)" од програмата EU for municipalities.

Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1

**АНЕКС 1**

**1. Реализација на програмата за подршка на локалниот економски развој за период 01.01.2023 – 30.09.2023год.**

**1. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ОХРИД И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА**

1.1. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛИДЕР пристапот во општина Охрид
1.2. Изработка на Студија за технолошко-рекреативен развој на просторот на поранешната касарна
1.3. Изработка на инвестициски каталог за Охрид
1.4. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд на Општина Охрид
1.5. Активности за поддршка на женско претприемништво во општина Охрид
1.6 Субвенционирање на занаетчиски дејности

**2. ОХРИД – ПАМЕТЕН И ЗЕЛЕН ГРАД / SMART AND GREEN CITY**

2.1 Изработка на Green City Action Plan (GCAP), со цел аплицирање во програмата на EBRD Green Cities
2.2 Smart City Bike System "Ohrid Go Mobile" – Градски Систем за Велосипеди
2.3 Smart Street "Ohrid Go Smart" – Поставување на Паметни урбани елементи на ул. „Македонски Просветители"

**3. РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ**

3.1. Финансирање на Микропроекти согласно целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој
3.2 Мерки за зголемување на приходи и економски развој на руралните средини. – субвенционирање на регистрирани даватели на туристички и угостителски услуги во руралните средини

**4. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ**

4.1.Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти.
4.2.Средства од аплицирани и одобрени проекти.

| Бр. | | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.1.** | **1.2. Имплементација на Лидер пристапот во општина Охрид** | | | | | | |
| **1.** | | Јули – Септември 2023 | Имплементација на ЛИДЕР пристапот во општина Охрид и формирање на ЛАГ | LEADER/ЛИДЕР пристапот како метод за иницирање и мобилизирање на руралното население за спроведување на активности во локалните рурални заедници е нова тема LEADER/ЛИДЕР и е дел од 5-тата компонента на ИПА – програмата ИПАРД. | ЛИДЕР пристапот и неговата имплементација е тесно поврзан со формирање и регистрација на Локална Акциска Група или ЛАГ, што ќе обезбеди ефикасно користење на финансиска помош од ИПА 3 програмата за рурален развој. На територија на општина Охрид и општина Дебрца формално постои ЛАГ кој што е сосема нефункционален, неактивен и не е регистриран во Министерството за земјоделие и рурален развој. Во овој период се превземени низа на активности а отворање на постапка за бришење на постоечкиот ЛАГ од централниот регистар на Р.М. Донесени се сите одлуки на собранието на ЛАГот според Статутарните и други документи. Процедурата за бришење во централниот регистар не е отпочната заради административни пречки и неоперативност на досегашните членови на формално регистрираната ЛАГ група. Најефикасна процедура за функционална ЛАГ група е да се отпочне со формирање на нова Локална Акциска Група со заинтересирани страни и основачи. | | За оваа активност не се предвидени финансиски средства. |
| | **1.2 Изработка на Студија за технолошко-рекреативен развој на просторот на поранешната касарна** | | | | | | |
| 1. | | Јули – Септември 2023 | Поранешната касарна претставува локација која овозможува одлична можност за нејзин понатамошен развој. Лоцирана надвор од градскиот урбан центар, надвор од градскиот метеж, а сепак доволно близу да може да претставува локација која е блиска | | Со изработка на Студија за развој на овој простор, планирање на нејзината намена долгорочно, и подготовка на | Изготвена е нацрт верзија, дадени се забелешки и коментари од првичното читање. Во овој квартал се вршеше усогласување | Во овој период не се реализирани средства |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | и достапна за сите. Со површина од околу 30 ха, дава изворнредна можност истата да биде функционално искористена. | акциони планови за реализација на стратешките насоки, ќе добиеме можност целата оваа област да ја транформираме во технолошко-рекреативна зона. На овој начин ќе се добие сериозен документ кој покрај неговата примена во однос на планирањето на развој, ќе претставува основа преку која ќе може да се генерираат средства од различни донатори, а воедно ќе биде и алатка за привлекување на инвеститори. Преку оваа студија ќе се добие и идејно решение за нејзиниот можен изглед, прикажан преку соодветни модерни алатки, 3Д анимации и сл. | на забелешките по што истата ќе биде финализирана и ќе биде дадена на јавен увид и расправа. | |
| | **1.3.** | **Изработка на инвестициски каталог за Охрид** | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | Јули – Септември 2023 | Оваа активност предвидува изработка на брошура за подршка и стимулирање на економијата со привлекување инвестиции. | Активност предвидува изработка на брошура за промоција на мерките кои се насочени кон поддршка на економијата, чија основна цел е стимулирање на инвестиции, технолошки развој и зголемување на конкурентноста на македонските компании, но и промоција на поволностите кои се на располагање привлекување странски инвестиции и поддршка на извозот. | Изработен е инвестициски каталог за просторот на поранешната Касарна во кој се наведени сите улови за инвестирање во овој простор, како и можностите за соработка . Истиот беше промовиран на Саемот за инвестиии во Сараево. | За оваа активност не се предвидени финансиски средства. |
| | **1.4. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд на Општина Охрид** | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | Јули – Септември 2023 | Преку наведената активност општна Охрид предвидува субвенционирање на обуки за прекфалицијација и докфалификација на младите и на невработените лица, како и обуки за стекнување на дополнителни вештини. | Со оваа активност е предвидено одржување на серија стручни обуки кои се реализираа во соработка со ОЈУ ОГУ Кузман Шапкарев со цел стимулирање на социјалната интеграција, намалување на невработените и подобрување на нивните квалификации за идновработување. | Оваа активност се реализираше преку објава на јавен повик, кој беше објавен на 23.02.2023 год. Избран беше курсот за водоинсталатери. Курсот за водоинсталатери успешно го завршија 40 кандидати. | Предвиден буџет 400.000,00 мкд. Во овој квартал исплатени се 160.000,00 мкд или вкупно 360.000,00 мкд. |
| | **1.5. Активности за поддршка на женско претприемништво во општина Охрид** | | | | | |
| 1. | | Јули – Септември 2023 | Овие активности произлегуваат од досегашното активно учеството на општината во реализација на проектот: Национална платформа за женско претприемништво (НПЖП). | Поддршката на оваа Платформа е направена преку потпишување на Декларација за учество од страна на градоначалникот на општина Охрид и иницијативата за | На 15.09.2023 одржана е обука на тема Решавање проблеми и креирање бизнис идеи и иновации. Во тек е собирање информации и податоци за изработка на стратешка анализа - извештај од кој ке произлезе главната Стратегија за женско претприемиштво на | За оваа активност не се предвидени финансиски средства. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | формирање на Совет за поддршка на женско претприемништво на општина Охрид.<br>Целни групи на активностите би биле жени претприемачи (тековни и потенцијални);<br>Невработени жени од Општина Охрид;Микро, мали и средни компании од општината;<br>Организации за поддршка на бизнис секторот од Општина Охрид;<br>Здруженија на граѓани и невладини организации од Општина Охрид | територија на општина Охрид. | |
| | **1.6 Субвенционирање на занаетчиски дејности** | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | Јули – Септември 2023 | Мерката за субвенционирање на занаетчиски дејности предвидува поддршка на веќе регистрирани занаетчии. | Секторот за ТЛЕР реализираше мерка за субвенционирање на одредена категорија на занаетчии. Право на користење на субвенцијата имаа веќе регистрираните занаетчии (листа на занаети која беше утврдена во соработка со Регионалната Занаетчиска Комора). Реализацијата се одвиваше преку објавување на Јавен Повик во кој беа дефинирани критериумите и условите за користење на средства. | Оваа активност се реализира преку објава на јавен повик, кој беше објавен на 30.03.2023 год. Право на користење на субвенцијата имаа дефицитарни занаети и занаети во изумирање. По извршената евалуација врз основа на критериумите и условите наведени во Јавниот повик, 13 занаетчии ги исполниле условите за добивање на субвенции за дефицитарни занаети и занаети во изумирање и тоа 4 свеќари, 1 клучар, 1 книговез, 4 чевлари, 1 опинчар, 1 сервис за електрични апарати и 1 работилница за рачна изработка на хартија, а 5 апликанти не ги исполниле условите од Јавниот повик. | Предвиден буџет 200.000,00 мкд. Исплатени се 156.000,00 мкд. |

## 2. ОХРИД – ПАМЕТЕН И ЗЕЛЕН ГРАД / SMART AND GREEN CITY

| Бр | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.2 Smart City Bike System “Ohrid Go Mobile” – Градски Систем за Велосипеди** | | | | | |
| **1.** | Јули – Септември 2023 | Воспоставување на Градски SMART систем за велосипеди. | По консултациите и насоките дадени од страна на Делегацијата на ЕУ, и анализите направени од страна на општина Охрид, во овој период се вршеше проценка за измена на оваа активност од проектот Ohrid GO, со нејзина промена во набавка и имплементација на систем на електрични возила. Во наредниот квартал ќе биде дефинирана и целокупната активност и начинот на нејзина реализиацијa. | Во овој квартал се вршеа анализи и испитување на пазар за набавка на електрични возила. Воедно ос страна на ТА од проектот Охрид ГО, се врши анализа на оваа активност преку ангажман на експерт од Германија за областа урбана мобилноста. По ова ќе следи измена на проектните активности и подготовка на јавна набавка. | Не се реализирани финансики средства. |

**3.РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1. Финансирање на Микропроекти согласно целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој** | | | | | |
| 1. | Јули – Септември 2023 | Преку наведената активност општина Охрид предвидува стимулирање на партиципативноста на локалното население за финансиска поддршка на микрозаедниците во партнерство со граѓанските здруженија за решавање на мали инфраструктурни проблеми и реализација на развојни идеи. | Оваа програмска активност се реализира со објавување на јавен повик, по претходно утврдени критериуми за учество во Правилник.<br>Оваа активност е базирана на следните подмерки:<br>1.1. Активности за уредување на јавни површини<br>1.2. Доизградба и осовременување на спортските терени и детски игралишта во делови на општина Охрид | Оваа активност се реализира преку објава на јавен повик, кој беше објавен на 10.03.2023 год.<br>Комисијата ги рангираше пристигнатите проектни предлози согласно критериумите за техничка евалуација, изготви ранг листа на најуспешни и најсоодветни проектни предлози.<br>Потпишани се договори за вкупно 12 проектни предлози, од кои 6 се проектни предлози кои ги опфаќаат активностите од областа на ЛЕР:<br>1.Здружение за организација на фестивали културни, спортски и хуманитарни активности СПАСОВДЕН 2012- с. Лескоец Охрид, Проект | Предвиден буџет 450.000,00 мкд. Исплатени се 10.700,00 денари за Здружение Нова Порта. Остатокот од предвидените средства ќе се реализира по завршување на сите проекти и прифаќање на финалните извештаи. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | „Реконструкција на спортско игралиште во село Лескоец“ - 106.700,00 ден.<br>2.Здружение за рурален туризам екологија и традиција ОРТЕТ село Куратица- Охрид, Проект „Набавка и монтажа на водомери за селски домаќинства“ - 125.970,00 ден.<br>3.Здружение на граѓани Св. Василиј, с. Куратица – Проект „Уредување на јавните селски тоалети“ - 100.800,00 ден.<br>4. Здружение за развој и унапредување на културата, екологијата и туризмот ”Нова порта“ – Охрид, Проект „Охрид низ легендите“ - 10.700,00 ден.<br>5.Институт за традиционални вредности – здружение за култура и соживот со природата Охрид, Проект „Визуелно креативен град 2“ - 59.500,00 ден.<br>5.Еколошко друштво Грашница – Охрид, Проект | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | „Инфраструктурно доуредување за подобрување на животниот стандард и намалување на опасноста при движењето на жителите и посетителите на населба Рача“ - 46.500,00 ден. | |
| **3.2. Мерки за зголемување на приходи и економски развој на руралните средини – субвенционирање на регистрирани даватели на туристички и угостителски услуги во руралните средини** | | | | | |
| 1. | Јули – Септември 2023 | Оваа активност вклучува креирање на мерки и активности кои имаат за цел да го поттикнат економскиот и општествениот развој во руралните средини | | Со измените на програмата, средствата за оваа активност се пренаменети за други активности. | Не се реализирани финасиски средства. |

# 4. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.1. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти** | | | | | |
| 1. | Јули – Септември 2023 | Имплементација на Проект "Меѓугранична соработка и интегрирани здравствени и социјални услуги за стари лица и деца и нивна рана превенција” акроним”CROSS4ALL” | Проектот беше имлементиран во соработка со водечкиот партнер - Лабораторија на медицинска информатика на Универзитетот Аристотел во Солун и другите партнери: Општина Неаполис,Грчка Национална Конфедерација на лица со попреченост,Факултет за Информатички и Комуникациски технологии ,Св.Климент Охридски “- Битола,Општина Охрид и Кардиолошкиот Центар„Св.Стефан“ – Охрид.<br><br>Проектот е поднесен на Првиот повик за проектни предлози од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република Македонија 2014-2020, во Приоритетна оска: Промовирање на социјална и културна инклузија преку границите,<br>Специфична цел: Подобрување на | Проектот е целосно реализиран на крајот на 2021 година.<br><br>Вкупен буџет на проектот е 1.130.290.00 евра. Ревидиран вкупен буџет на проектот за општина Охрид изнесува 142.810.00 ЕУР.<br><br>Во овој период е одобрен четвртиот последен извештај преку МИС системот за верификација на трошоци. | Во овој период не се реализирани средства. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | здравствената заштита и социјалните услуги на децата и старите. | | |
| **4.2.** | **Средства од аплицирани и одобрени проекти** | | | | |
| 1. | Јули – Септември 2023 | Имплементација на активности од проектот „Roads Not Taken: Municipality of Ohrid Going Green, Smart, Innovative (OHRID GO) | Целта на проектот е:<br>-Адаптација на просторот на поранешната воена касарна со претварање во технолошко-рекреативна зона (изготвување на сеопфатна физибилити студија за генерален развој на просторот и адаптација во технолошко-рекреативна зона),<br>- Подобрување на локалната микро-мобилност преку воведување на Smart City Bike System (набавка на 60 велосипеди и 10 докинг станици низ Охрид и околината),<br>- Создавање на услови за креирање на работни места со висока додадена вредност (формирање на Стартап Центар и организација на голем број на обуки и менторства),<br>- Иновативни рекреативни содржини во поранешната касарна. | Во овој квартал се вршеше усогласување на активностите и дадени се предлози за евентуална измена и на проектниот предлог. Активностите по потпишувањето на Адендумот ќе продолжат со реализација. | Вкупно се реализирани 215.930,00 мкд. |
| 2. | Јули – Септември 2023 | Јапонска амбасада за Јапонска грантова помош (Japan’s grant assisstance for grassroots | Проектот е имплементиран | Проектот е успешно реализиран, набавено е едно специјално комунално возило - Комбе Фургон со агрегат за чистење на | Предвидени се средства во износ од 3.714.812,00 мкд. Во овој квартал |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | human security projects (the GP/KUSANONE). | | канализација во товарен простор, за потребите на ЈП Нискоградба. Возилото е предадено на трајно користење на ЈП Нискоградба и истото е ставено во функција. Сите извештаи и комплетната документација за реализарација на проектот согласно потпишаниот договор се доставени до донаторот, истите беа предмет на ревизија од надворешна ревизорска куќа, при што се во целост одобрени, без забелешки по однос на истите. | вкупна реализација е 3.680.391,00 мкд. За извршена ревизија исплатени се 36.900,00. |
| 3. | Јули – Септември 2023 | Project Watch and learn од програмата Capacity Building program in Innovation in the Public Sector- Co design for Sustainable, Resilient and Inclusive Public Spaces and Services (CIPSS 2023-2024) | Проектот е во тек на реализација | Согласно петте модули на едукација е креиран Change project- Watch and learn, според кој се организирани состаноци, едукативни посети на јавни простори и организирани се повеќе работилници, следат проектни активности за доорганизација на предвиденире работилници и завршна изложба за сите партиципиенти од проектот. | Проектот не предвидува средства од буџетот на општина Охрид. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Јули – Септември 2023 | Реконструкција на линиски инфраструктурен објект - локален пат за с.Куратица | Изготвена е и доставен проектна апликација со комплетна пропратна документација во рамки на Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 година, Проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби. | Барањето за одобрување на финансиски средства преку оваа апликација се однесува на **првата фаза од реконструкцијата**, **од раскрсницата со магистралниот пат Охрид – Битола кај месноста Прентов Мост,** до каменоломот на ГП – Гранит АД Скопје во должина од **1200** метри, каде се поврзува кракот на локалниот пат кој води кон **селата Речица** и **Плаќе.** Со техничката документација се предвидува да се изврши реконструкција на коловозот и од двете страни да се изработаат банкини со ширина од по 0,75м . Вкупниот износ на барани средства изнесува 8.000.000,00 денари со вклучен ДДВ. | Во тек е процесот на евалуација од страна на Комисијата формаирана во рамки на Бирото за регионален развој. |
| **5.** | Јули – Септември 2023 | Подобрување на јавната инфраструктура во општина Охрид преку реконструкција на линиски инфраструктурен објект за дел од улица „Александар Турунџев “- општина Охрид | Изготвена е и доставен проектна апликација со комплетна пропратна документација во рамки на Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 година, Проекти за развој на урбани подрачја. | Бараните финансиски средства се наменети за реконструкција на линиски инфраструктурен објект за дел од улица Александар Турунџев- општина Охрид, во должина од 450 метри. Улицата се состои од коловоз со приближна ширина од 2.5- 3,50м за кој е предвидено гребење на коловозот и асфалтирање со нов асфалтен слој тип БНХС 16 со дебелина од 5см. Вкупната вредност на проектните активности изнесува 3.343.943,00 | Во тек е процесот на евалуација од страна на Комисијата формирана во рамки на Бирото за регионален развој. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | денари со вклучен ДДВ. | |
| **6.** | Јули – Септември 2023 | Изградба на линиска инфраструктура за примарна фекална канализациона мрежа во с. Горно Лакочереј – с. Долно Лакочереј-Општина Охрид | Изготвена е и доставена проектна апликација за добивање на средства од Програмата за инвестирање во животната средина за 2023 година за Изградба на линиска инфраструктура за примарна фекална канализациона мрежа во с. Горно Лакочереј – с. Долно Лакочереј-Општина Охрид. Проектната апликација е позитивно оценета и склучен е договор за финансирање на активности. | Проектот предвидува израдба на примарна фекална канализациона мрежа во с. Горно Лакочереј и с. Долно Лакочереј.<br>Од Програмата за инвестирање во животна средина на Миниcтерството за животна средина и проекторно планирање се одобрени средства за финансирање на проектните активности во износ од 8.000.000,00 денари со вклучен ДДВ. | Проектната апликација е позитивно оценета и склучен е договор за финансирање на активности помеѓу општина Охрид и Министерството за животна средина и просторно планирање. |
| **7.** | Јули – Септември 2023 | Набавка на возила и друга опрема за ЈП Водовод, ЈП Нискоградба и ЈП Охридски Комуналец | Склучен е Договор помеѓу општина Охрид и Центарот за развој на југозападен плански регион за набавка на следната опрема:<br>- Камион кипер со двојна кабина за водоснабдителни интервенции<br>- Трактор со кабина и придружна опрема за шмукање фекалии<br>- Трактор со кабина за чистење на снег<br>- Плуг за чистење на снег со предна хидраулика за трактор<br>- Соларка N 065<br>Склучениот договор е во целост реализиран и планираната опрема е набавена и доставена до крајните | Реализацијата на проектните активности се одвива согласно предвидените рокови при што тендерската постапка е веќе завршена и склучени се договори со економски оператори.<br>Вкупната вредност на договорот за набавка на возилата е 7.723.206,00 денари, од кои 6.108.928,00 денари се средства обезбедени преку Бирото за регионален развој, а останатите 1.614.278,00 денари се обезбедени од буџетот на општина Охрид. Обврските на општина Охрид по однос на сопственото учество се подмирени во последниот | Во овој квартал не се потрошени буџетски средства од општина Охрид. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | корисници со што проектот е реализиран во целост согласно предвидената динамика. | квартал од минатата година. Возилата се испорачани согласно склучениот договор, и истите се предадени на користење на страна на соодветните јавни претпријатија за чии потреби беа набавени. | |
| **8.** | Јули – Септември 2023 | *Проектот на УСАИД Здружи се за заедницата-* Комунити е платформа за граѓанско учество која ќе се користи како алатка за комуникација помеѓу граѓаните и општината на локално ниво | Проектот на УСАИД „Градиме инфраструктура за активни и дарежливи заедници“ е спроведуван од здружението Конект во партнерство со Фондацијата Аполонија, Индиго и ЕВН. | Во овој период беа одржани повеќе средби за организација на општина Охрид да ги воведе системските промени во електронска форма по насоки на Здружението Конект и беше одржана конференција за отварање на апликацијата, истата беше презентирана пред 7те општини кои ќе ја користат и беа дадени насоки за организација на секторите кои треба да назначат по едно лице кое ќе внесува податоци во ситемот. Е назначен администратор кој ќе управува и ќе ја спроведува наведената апликација и воедно беше склучен Меморандум за официјално отпочнување на | За оваа активност не се предвидени финансиски средства. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | проектот. | |
| **Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците** | | | | | |
| 1. | Јули – Септември 2023 | Постапување по барања на граѓаните за добивање потврда за поставување електрична пумпа за сопствени потреби | Редовна процедура за добивање потврда за поставување електрична пумпа за сопствени потреби | Поднесени се 41 барања, обработени и издадени се 42 потврди и 3 известувања. | Не се реализирани финасиски средства |
| 2. | Јули – Септември 2023 | Издавање на ИПАРД 1 и 2 потврди согласно Стратегијата за одржлив економски развој на општина Охрид. | Развој на локалната економија, вработувањето и рационалното искористување на природните и демографските ресурси и стратешки цели за поддршка на развојот на индивидуалните земјоделци | Добиени и спроведени се 7 барања | Не се реализирани финасиски средства |

**Број 08-17168/15**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА - ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за финансиските потреби на Територијалната противпожарна единица - Охрид за 2023 година за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/127** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА - ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за финансиските потреби на Територијалната противпожарна единица - Охрид за 2023 година за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/16** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 43 став 1 од Законот за Пожарникарство на РМ, го изготвувам следниот

**ИЗВЕШТАЈ**
**За работата на Територијалната противпожарна единица – Охрид(ТППЕ) и реализација на Програмата за финансиските потреби на ТППЕ за 2023 година,за период од 01.07.2023 до 30.09.2023 година.**

Заради гаснење на пожари,спасување на животот на граѓаните и имотот загрозени од пожари и експлозии,укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации,како и извршување на други работи при незгоди и несреќи воедно и извршување на задолженија,наредби и услуги,ТППЕ Охрид во третото тромесечие во 2023 година изврши и презведе за решавање 165 (144 во 2022) интервенции и тоа:

**ПОЖАРИ**

-ТППЕ – Охрид во текот на третото тромесечие во 2023 година изврши вкупно 71 интервенции за гаснење ( 49 во 2022 ) .

-Деветомесечие 198 интервенции за гаснење ( 197 во 2022 ) .

*пожари на објекти – деветомесечие 94 ( 109 во 2022 ).

*пожари на отворен простор – деветомесечие 91 ( 75 во 2022 ).

| **Вид на пожар** | **Општина Охрид** | | **Општина Дебрца** | | **Општина Струга** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2023** | **2022** | **2023** | **2022** | **2023** | **2022** | **2023** | **2022** |
| **Пожари на објекти** | **15** | **17** | **1** | **0** | **/** | **/** | **16** | **17** |
| **Пожари на отворен простор** | **39** | **20** | **9** | **6** | **/** | **/** | **48** | **26** |
| **Пожари на сообраќајни средства** | **4** | **5** | **1** | **1** | **/** | **/** | **5** | **6** |
| **Останато** | **2** | | **/** | | | | **2** | **/** |
| **Вкупно** | **60** | **42** | **11** | **7** | **/** | **/** | **71** | **49** |

*пожари на сообраќајни средства – деветомесечие 11 ( 13 во 2022 ).

*остнанато - деветмесечие 2

| Видови на опожарени објекти ( тромесечие ) |
|---|

| | |
|---|---|
| Станбена зграда | 3 |
| Куќа | 5 |
| Угостителски објект | 1 |
| Барака | 2 |
| Останати град.објекти | 4 |
| Производен погон | 1 |

Од вкупниот број на опожарени објекти, Тппе Охрид интервенираше на 16 опожарувања од поголем обем ( пожари на простории во објектите, опожарувања на производен погон, угостителски објекти,бараки,останати магацини, .. и сл. )

**ПОЖАРИ НА ОТВОРЕН ПРОСТОР**

Во Третото тромесечие на 2023 година, ТППЕ Охрид интервенираше на вкупно 48 пожари на отворен простор. Од вкупниот број на пожари нашите екипи интервенираа на 8 опожарувања на земјоделски површини/стрништа, 4 опожарувања на ниска шумска вегетација , 14 интервенции на опожарени депонии и на 22 останати интервенции на отворен простор ( опожарени контењери и сл. ). Според наша интерна проценка приближната опожарена површина изнесува околу 4.3 Ха.

**ПОЖАРИ НА СООБРАЌАЈНИ СРЕДСТВА**

Во Третото тромесечие на 2023 година, ТППЕ Охрид интервенираше на вкупно 5 пожари на сообраќајни средства . Од вкупниот број на пожари нашите екипи интервенираа на 5 опожарени патнички моторни возила.

| Начин на предизвикување на пожарите според интерна проценка | |
|---|---|
| Намерно палење | 10 |
| Невнимание | 8 |
| Неутврдено | 53 |

| Причина за појава на пожарите | |
|---|---|
| Отворен пламен | 13 |
| Ложиште/огниште | 2 |

| | |
|---|---|
| Електрични уреди и апарати | 1 |
| Самозапалување | 1 |
| Статички електрицитет | 1 |
| Неутврдено | 53 |

Од вкупниот број на пожари во Третото тромесечие на 2023 година, сопственоста на објектите и просторот во Општина Охрид и Општина Дебарца е следна:

- Во приватна сопственост - 31 ( 30 во 2022 )
- Во државна сопственост - 40 ( 19 во 2022 )
- Во државно-приватна соп. - 0 ( 0 во 2022 )
- По основ на осигурување од пожар од вкупниот број на пожари на објекти и простори во третото тромесечие за 2023 година 5 објекти се пријавени како осигурани по основ на штета од пожари ( 5 во 2022 ).
- Споредбено со 2022 година, во третото тромесечие во 2023 година имавме 22 интервенции за гаснење на пожар повеќе.

**ТЕХНИЧКИ ИНТЕРВЕНЦИИ**

| Технички интервенции | | |
|---|---|---|
| | 2023 | 2022 |
| Интервенции во услови на сообра.незгоди | 5 | 1 |
| Интервенции на испумпување на вода од поплавени простории | / | 8 |
| Спасување на луѓе и животни од височини и длабочини | 1 | 2 |
| Отварање на заклучени објекти | 22 | 15 |
| Обезбедување,санирање на состојби после несреќи | 2 | 7 |
| Несреќи со опасни материи | / | / |
| Осветлување на терени | / | / |
| Друго | 12 | 10 |

Во текот на третото тромесечие во 2023 година, ТППЕ – Охрид во ситуации од спасување на животот на граѓани и укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации изврши вкупно 42 интервенции ( 43 во 2022 )

Техничките интервенции се извршени со 6 ПП возила,секое возило со своја специфична намена при употреба.

Успешно завршени до 1 час – 38 , за време од 1-2 часа – 4 , над 2 часа - /

**ДРУГИ АКТИВНОСТИ И УСЛУГИ НА ТППЕ – ОХРИД**

Во придонес за поголема безбедност на подрачјето на Општина Охрид и Општина Дебрца , во одредени случаеви на итна потреба , задолженија , наредби и барања , ТППЕ – Охрид во текот на третото тромесечие во 2023 година изврши вкупно 52 активности и услуги ( 52 во 2022 ) и тоа:

| Други активности и услуги на ТППЕ - Охрид | | |
|---|---|---|
| | 2023 | 2022 |
| Обезбедување на спортски натпревари | 11 | 7 |
| Обезбедување на објекти и друго | 27 | 25 |
| Носење на вода | 5 | 16 |
| Други активности и услуги | 9 | 4 |

Согласно правилникот за давање на дополнителни услуги на ТППЕ за користење на противпожарно возило за обезбедување на саеми,јавни приредби,спортски натпревари,културни настани, индустриски и други објекти,носење техничка вода и сл.,ТППЕ при Општина Охрид во третото тромесечие на 2023 година има остварено 396.900,оо денари.

Во текот на овој период согласно планот за јавни набавки по основ на поправки, сервисирање,гуми за пп возила,набавка на горива за пп возила,пумпи и сл,купување на пп опрема,сервисирање и испитување на пп апарати итн.,реализирани се средства во висина од 691.677,оо ден.

Сите видови на интервенции ТППЕ – Охрид , ги извршуваше со 38 пожарникари и 6 возила.

**Број 08-17168/17**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2023 година за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/128**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/1, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2023 година за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/18**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј ЗА ТРЕТ КВАРТАЛ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023**

Во текот на Третиот квартал 2023 година се работеше на изработка на плановите предвидени со Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Охрид 2023. Дел од нив се комплетираат за согласност во Министерството за транспот и врски, дел се во фаза на изработка, а дел сѐ уште не се отпочнати со работа.

**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИИ, УРБАНИСТИЧКИ ДОКУМЕНТАЦИИ И ПРОЕКТИ КОИ СЕ ВО ФАЗА НА ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ**

| I-2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА | | |
|---|---|---|
| **1** | **Урбан блок 1.1** | |
| 1.1 | ДУП за УЗ 1, УБ 1.1- опфат Табана | |
| | ▪ **Изработка на нова ажурирана подлога бидејќи има несовпаѓање со катастарот** | |
| **2** | **Урбан блок 2.1** | |
| 2.1 | ДУП УЗ 2, УБ 2.1-опфат Кеј (Ривиера) | |
| | ▪ **Изработка на нова ажурирана подлога бидејќи има проблем со катастарот**<br>▪ **Нов анекс на заштитно - конзерваторски основи** | |
| **3** | **Урбан Блок 2.3** | |
| 3.1 | ДУП во УЗ 2 УБ 2.3„опфат 7„ | |
| | ▪ **Одобрена Планска програма** | |
| **4** | **Урбан Блок 4.3** | |
| 4.1 | ▪ ДУП во УЗ 4 УБ 4.3 | |
| | ▪ **Одобрена Планска програма** | |
| **5** | **Урбан Блок 4.4** | |
| 5.1 | ДУП во УЗ 4 УБ 4.4 | |
| | ▪ **Врз основа на забелешките од Министерствата постапката продолжува по новиот Закон за урбанистичко планирање** | |
| **6** | **Урбан Блок 5.2** | |
| 6.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.2 | |
| | ▪ **Нема одобрена планска програма** | |
| **7** | **Урбан Блок 5.3** | |
| 7.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.3 | |
| | ▪ **Планот се преработува согланзо Планот за управување за да се достави до Комисија за управување со светско природно и културно наследство во Охридскиот регион** | |
| **8** | **Урбан Блок 5.4** | |
| 8.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.4 | |
| | ▪ **Планот нема активности** | |
| **9** | **Урбан Блок 6.1** | |
| 9.1 | ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.1 - Опфат 2 | |
| | **Испратен по надлежните Министерства за Мислења јавна анкета и презентација** | |
| **10** | **Урбан блок 12.4** | |
| 10.1 | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 - опфат 3 | |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ **Чека мислењеод ЕВН** | |
| **11** | **Урбан блок 14.2** | |
| 11.1 | ДУП за УЗ 14, дел од УБ 14.2 – опфат 1 | |
| | ▪ **Фаза изработка на нацрт - план** | |
| **12** | **Урбан блок 15.1** | |
| 12.1 | Измени и дополнувања на ДУП за УЗ 15 (15-ти Корпус) дел од УБ 15.1 плански опфат 1 | |
| | ▪ **Негативно мислење од Министерството за образование, пораи кое неможе да се испрати на согласност во МТВ** | |
| **13** | **Урбан блок 15.4** | |
| 13.1 | ДУП за УЗ 15, дел од УБ 15.4 – опфат 1 | |
| | ▪ **Се постапува по негативен допис добиен од Агенцијата за катастар** | |
| **14** | **Урбан блок 16.3** | |
| 14.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 4 | |
| | ▪ **Се постапува по негативен допис добиен од Агенцијата за катастар** | |

**I-3. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 1 - "Табана" | |
| 2 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 2 - "Болнички" | |
| 3 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 3 - "Мал Свети Климент" | |
| 4 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 4 - "Робевци" | |
| 5 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 5 - "Радничка" | |
| 6 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 и дел одУБ 1.2 – Урбан комплекс 6 - "Св.Софија" | |
| 7 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 7 - "Долни Сарај" | |
| 8 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 8 - "Канео" | |
| 9 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 –Урбан комплекс 9- "Плаошник" | |
| 10 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплек 10 – "Св.Врачи" | |
| 11 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплек 11 – "Самоилова тврдина" | |
| 12 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 и дел од УБ 1.2 – Урбан | |

| | | |
|---|---|---|
| | комплекс 12 - "Горна Порта -Театар" | |
| 13 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 14 - "Чаршија" | |
| 14 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 15 - "Месокастро" | |
| 15 | ДУП во УЗ 1 УБ 1.3 и дел од УБ 1.1– Урбан комплекс 16 - "Чинар" | |
| 16 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1, дел од УБ 1.4 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 17 - "Кошишта" | |
| 17 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2, дел од УБ 3.2 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 18 - "Воска" | |
| 18 | ДУП во УЗ 2 дел од УБ 2.1 Урбан комплекс 19 - "КЕЈ" | |

| **I-5. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| **1** | УП за село Велестово | |
| | ▪ **Изработени ажурирании подлоги** | |
| **2** | УП за село Пештани | |
| | **Планот се преработува согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |

| **I-6. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| **1** | ЛУПД за намена Е2 – комунална супраструктура за изградба на претоварна станица за комунален отпад на дел од КП 1219/1 КО Д.Лакочереј- вон град | |
| | **ЛУПД кај планерот да изврши корекции на истото и истовремено да постапи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство** ▪ **Изработен Финален извештај за влијание на животната средина** | |

| **II-1. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА ОХРИД И АГЕНЦИИ ФОРМИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
|---|---|---|
| 1 | УП за село Љубаништа ▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 2 | УП за село Трпејца ▪ **Дел од Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридското езеро** | |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | УП за село Елшани<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 4 | УП за село Лагадин<br>▪ **Одобрена Планска програма** | |
| 5 | УП за село Долно Коњско<br>▪ **Дел од Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридското езеро** | |
| 6 | УП за село Велгошти<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 7 | УП за село Лескоец<br>▪ **Одобрена Планска програма** | |
| 8 | УП за село Косел<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 9 | УП за село Горно Лакочереј<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 10 | УП за село Долно Лакочереј<br>▪ **Одобрена Планска програма** | |
| 11 | УП за село Подмоље<br>▪ **Се врши корекција на границата по добиените податоци од Агенција за патишта** | |
| 12 | УП за село Орман<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 13 | УП за село Горно Коњско<br>▪ **Одобрена Планска програма** | |
| 14 | УП за село Рамне<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 15 | УП за село Опеница<br>▪ **Одобрена Планска програма** | |
| 16 | УП за село Вапила<br>▪ **Одобрена Планска програма** | |
| 17 | УП за село Сирула<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 18 | УП за село Куратица<br>▪ **Одобрена Планска програма** | |

| **III-2. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
|---|---|---|
| **1** | УПВНМ за изградба на туристички локалитет Горица-Св.Стефан- Метропол со пристаниште КО Коњско Општи Охрид | |
| **2** | УПВНМ за индустриска зона "Охрид" КО Охрид 4 | |

| **III-3. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
|---|---|---|
| **1** | ЛУПД „Купи куќа за млади„ | |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ **На комисија за стручни мислење** | |

| **IV-1. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| **1** | Измена и дополна на ГУП на Охрид за<br>УЗ 8 УБ 8.3 УЗ 17 УБ 17.4; | |
| | ▪ **одобрена планска програма**<br>▪ **Донесена одлука за спроведување на стратегиска отцена** | |

| **IV-2. ЗАЕДНИЧКА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГУП И ДУП ФИНАНСИРАН СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| **1** | Обединета постапка на ГУП и ДУП за УЗ 15 УБ 15.1 | |
| | ▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| **2** | Обединета постапка за изменување и дополнување на ГУП за УЗ 9 УБ 9.3 и ДУП УЗ 9 УБ 9,3 опфат,,1,, | |
| | ▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| **3** | Обединета постапка за изменување и дополнување на ГУП за УЗ 10 УБ 10.1 и ДУП УЗ 10 УБ 10,1 опфат,,1,, | |
| | ▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |

| **IV-3. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| **1** | **Урбан блок 2.2** | |
| 1.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 2 | |
| | ▪ **Вратен до изработувач за постапување по забелешки, согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **2** | **Урбан блок 2.3** | |
| 2.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 5 | |
| | ▪ **Подготвен за јавна анкета и презентациа** | |
| 2.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 6 | |
| | ▪ **Завод и музеј на Охрид – издаботува нови заштитно конзерваторски основи** | |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ **Планот треба да се преработи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **3** | **Урбан блок 2.4** | |
| 3.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 1 | |
| | ▪ **Постапката продолжува по новиот Закон за урбанистичко планирање** | |
| 3.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 3 | |
| | **Планот е вратен кај изработувачот за да се постапи и усогласи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **4** | **Урбан блок 2.5** | |
| 4.1 | ДУП за УЗ 2 УБ 2.5 опфат 2 | |
| | ▪ **Кај комисија за стручно мислење** | |
| **5** | **Урбан Блок 3.2** | |
| 5.1 | ДУП во УЗ 3 дел од УБ 3.2 – опфат 2 | |
| | ▪ **Планот треба да се преработи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| 5.2 | ДУП за изменување и дополнување на ДУП за УЗ 3 – Кошишта, дел од УБ 3.2,за плански опфат помеѓу улиците: Васил Стефоски, Махмуд Рифат и новопроектирани ул. | |
| | ▪ **Нема актививности** | |
| **6** | **Урбан Блок 4.5** | |
| 6.1 | ДУП во УЗ 4 дел од УБ 4.5 опфат 2 | |
| | ▪ **Планот е подготвен за согласност во МТВ** | |
| **7** | **Урбан Блок 6.1** | |
| 7.1 | ДУП за УЗ6 УЗ УБ 6.1, опфат „3„ | |
| | ▪ **кај планер** | |
| **8** | **Урбан Блок 6.2** | |
| 8.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДЕЛ 2 од ДУП за 6-та УЗ УБ 6.2 | |
| | ▪ **Планот се преработува согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **9** | **Урбан Блок 7.1** | |
| 9.1 | ДУП за УЗ 7 дел од БЛ 7.1 опфат 1(измени и дополнувања) | |
| | ▪ **Кај планер за постапување** | |
| **10** | **Урбан Блок 7.2** | |
| 10.1 | ДУП за УЗ 7 дел од Б 7.2 опфат 1 | |
| | ▪ **Кај изработувач за постапување по мислењето добиено о Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион** | |

| | | |
|---|---|---|
| **11** | **Урбан Блок 8.1** | |
| 11.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДУП за УЗ 8дел од УБ 8.1 - Опфат 1 | |
| | ▪ **Планот е кај планер за постапување** | |
| 11.2 | ДУПза УЗ 8 УБ 8.1 опфат 3 | |
| | ▪ **Планот е кај планер за постапување** | |
| 11.3 | ДУПза УЗ 8 УБ 8.1 опфат 4 | |
| | ▪ **Доставена планска програма** | |
| **12** | **Урбан блок 8.2** | |
| 12.1 | ДУП за УЗ 8 дел од УБ 8.2 - опфат 1(измена и дополнување) | |
| | ▪ **Нацрт Планот е кај планер за постапување по забелешките од Комисијата за управување во Охридскиот регион** | |
| **13** | **Урбан блок 9.2** | |
| 13.1 | ДУП за УЗ 9 УБ 9.2 опфат,1,, | |
| | ▪ **Одобрена иницијатива** | |
| **14** | **Урбан блок 9.4** | |
| 14.1 | ДУП за УЗ 9 УБ 9.4 | |
| | ▪ **Кај комисија на разгледување** | |
| **15** | **Урбан блок 10.2** | |
| 15.1 | ДУП воУЗ 10 дел од УБ 10.2 опфат 1 | |
| | ▪ **Планерот постапува по забелешки од Комисија за урбанизам** | |
| **16** | **Урбан блок 10.4** | |
| 16.1 | ДУП за измена и дополнување на ДУП за УЗ 10 и 11 УБ 10.4 и 11.1, Влашка Маала и Градинар | |
| | ▪ **Планот треба да се преработи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| 16.2 | ДУП за УЗ 10 и 11, дел од УБ 10.4 и 11.1 – опфат 2 (измена и дополнување) | |
| | ▪ **Кај планер за корекција по мислење од комисија за управување** | |
| **17** | **Урбан Блок 11.2** | |
| 17.1 | ДУП за УЗ 11 дел од УБ 11.2 – опфат 1 | |
| | ▪ **За постапување по забелешки** | |
| **18** | **Урбан Блок 11.5** | |
| 18.1 | ДУП за УЗ 11 УБ 11.5 | |
| | ▪ **На мислења по институции пред согласност во МТВ** | |
| **19** | **Урбан Блок 12.1** | |
| 19.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДУП УЗ 12 дел од УБ 12.1 – опфат1 | |
| | ▪ **Кај планер за корекција по мислење од Планот за** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **управување** | |
| 19.2 | ДУП во УЗ 12 , УБ 12.1 – опфат 2 ( измени и дополнувања ) | |
| | ▪ **Кај комисија за урбанизам** | |
| **20** | **Урбан Блок 12.3** | |
| 20.1 | ДУП УЗ 12 ,УБ 12.3 – опфат2 | |
| | ▪ **Кај планер за корекции по забелешки од Комисија за урбанизам** | |
| **21** | **Урбан Блок 12.4** | |
| 21.1 | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 – опфат2 | |
| | ▪ **По препорака на МТВ се изработи нова ажурурирана подлога и се вршат корекции по истата**<br>▪ **Планот се преработува согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **22** | **Урбан Блок 13.3** | |
| 22.1 | ДУП за УЗ 13 дел од УБ 13.3 - опфат 1 | |
| | **Поради непостапување на Планерот по забелешки, планот ќе биде прекинат** | |
| 22.1 | ДУП за УЗ 13 УБ 13.3 - опфат 2 | |
| | ▪ **Предлог планска програма** | |
| **23** | **Урбан Блок 15.5** | |
| 23.1 | ДУП за УЗ 15 дел од УБ 15.5 - опфат 1 | |
| | ▪ **Планерот нема доставено корегиран нацрт план за повторена јавна анкета и презентација**<br>▪ **Планот се преработува согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| 23.1 | ДУП за УЗ 15 УБ 15.5 - опфат 2 | |
| | ▪ **Одобрена иницијатива** | |
| **24** | **Урбан Блок 15.7** | |
| 24,1 | ДУП во УЗ 15 УБ 15.7 | |
| | **Планот е на согласност во МТВ** | |
| **25** | **Урбан блок 16.1** | |
| 25.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 3 | |
| | **После јавна анкета и презентација, планот е на ревизија пред согласност** | |
| 25.2 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 4 | |
| | ▪ **Одобрена на планска програма, планерот изработува нацрт фаза** | |
| **26** | **Урбан блок 16.2** | |
| 26.2 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.2-опфат 2 | |
| | ▪ **Отпочнување на постапка** | |
| **27** | **Урбан блок 16.3** | |

| | | |
|---|---|---|
| 27.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 2<br>▪ **Планот треба да се преработи согласно Планот зауправување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |

| **IV-4. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| **1** | УПВНМ за комплекс Андон Дуков, КО Охрид 4 | |
| | ▪ **Кај изработувач за постапување по мислење од комисија** | |
| **2** | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 1 | |
| | ▪ **Одобрена планска програма** | |
| **3** | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 2 | |
| | ▪ **Во фаза на одобрување на планска програма** | |
| **4** | УПВНМ Горица Север | |
| | **Планот е дел од Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбр<br>појас на Охридското езеро** | |
| **5** | УПВНМ за плански опфат за локалитет Св.Стефан опфат 1 | |
| **6** | УПВНМ Долно Лакочереј за викенд населба на место викано Вишо | |
| | ▪ **Се чека пренамена од земјоделско во градежно земјиште** | |
| **7** | УПВНМ за потег Лагадин – Пештани, плански опфат 1 , на дел од КО Пештани и дел од КО Елшани, општина Охрид | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| **8** | УПВНМ Горица исток – опфат 1 | |
| | ▪ **Нацрт фаза** | |
| **9** | УПВНМ Горица исток – опфат 2 | |
| | ▪ **Одобрена планска програма** | |
| **10** | УПВНМ Горица исток – опфат 3 | |
| | ▪ **Услови за планирање** | |

| **IV-5. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| **1** | ЛУПД за изградба на базна станица за мобилна телефонија ОХР 3108 КО Долно Лакочереј-вон град | |
| | ▪ **Се чека достава на документација за влијанието на мобилната станица** | |
| **2** | ЛУПД за ГП1 со основна класа на намена А4-времено сместување на КП 1544/1 во КО Трпејца, општина Охрид | |
| | ▪ **Кај планер за корекции по мислење на Комисија за урбанизам** | |

**Број 08-17168/19**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за заштита на животната средина и природата за 2023 година за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/129**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за 2023 година за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/20**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 64 од Законот за животна средина(„Сл. весник на РМ“ бр. 53/05 ,81/05,24/07 и 159/08 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/2012, 93/13,42/14,44/15, 129/15, 39/16 99/18 и 171/22), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид ( „Сл. гласник на општина Охрид“ бр 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14,10/19 и 15/20), Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад го доставува следниот извештај:

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА
## П Р О Г Р А М А Р1
## Заштита на животната средина и природата за 2023 година
## за период од 01.07.2023год до 30.09.2023год

Во актуелниот развоен момент на глобално ниво, постојат сериозни проблеми во управувањето со состојбите и можните ризици во животната средина. Повеќе медиуми и области на животната средина, како и комплементарните процеси, имаат нарушен квалитет, како во развиените, така и во земјите во развој, сè поголемите ефекти од климатските промени ја комплетираат сликата за исклучително сериозната закана за можноста за загрозување на сите медиуми на животната средина, а со тоа и неопходноста од тесна соработка на локално ниво и стратегиска, интерсекторска интервенција на сите нивоа во државата. Кон наведеното, несомнена е и потребата за унапредување на животните стилови и навики на населението во испреплетените сегменти на оваа област што бара системски и силни едукативни и промотивни активности и размена на информации, но и неизбежно вклучување на граѓанското општество во процесот за подобро здравје и почиста животна средина.

Со програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2023 година, планирани се активности врз основа на законските прописи и обврски, врз основа на анализите направени за можна реализација на плански документи/проекти од областа на комуналните дејности : сообраќај,улици и урбанизам во наредниот период како и подигање на јавната свест.

Анализирани се проблемите од аспект на заштита на животната средина и природата во општина Охрид, а кои се однесуваат на истите во сите медиуми: вода, воздух, почва и природата. Проблемот околу отстранувањето и пречистувањето на цврстиот и течниот отпад директно влијае врз квалитетот на животната средина, а индиректно и на здравјето на населението. Овие состојби и неизбежната експанзија на консумирачкото општество можат да ги доведат во опасност не само безбедноста и квалитетот на водата за пиење, туку и безбедноста на храната.

Главна цел на програмата во која се предвидени активности од областа на заштитата на животната средина и природата на подрачјето на општина Охрид е преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање, заокружени со временска и финансиска рамка, постигнување на повисок степен на разрешување на состојбите во

сферата на животната средина и заштита и зачувување на квалитетот на сите медиуми на животната средина, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

**СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА**

Со оваа програма опфатени се следните сегменти и тоа :

- Проценка на состојбите со животната средина на локално ниво;
- Дефинирање, проценка и поставување на проблемите од областа на животната средина, базирани на ризикот за човечкото здравје, еко - системите и квалитетот на животот;
- Развивање стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината и
- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина во општината.

Изготвената програма за заштита на животната средина и природата за 2023 год. содржи мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето, од интерес и во надлежност на општината, а особено за :

- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанци во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода ;
- Управување со отпад;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Управување и користење на природните ресурси и
- Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина и намалување на последиците од економскиот развој .

**ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2023 година се финансира од извори на средства утврдени со закон, преку планирање во буџетот за 2023 година . Исто така се финансира и преку средства од разни домашни и меѓународни институции –донации .

## Предлог - проекти:

Оваа програма се однесува на проекти кои директно ќе бидат реализирани преку Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад, а се дел од поголем корпус на активности од делот на заштитата на животната средина и природата кои заради специфичноста и начинот на реализирање се имплементирани во програмите на други сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа на Општина Охрид. Дел од тие проекти се: Изградба на системи за водоснабдување, изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води, чистење на речни корита и диви депонии, јавна чистота, изработка и одржување на парковско и јавно зеленило и др.

I. **Табела на активности предвидени за реализација за заштита на животната средина и природата за 2023год.**

| Ред.бр. | Назив на проектот | Реализација | Забелешки |
|---|---|---|---|
| 1. | **Услуги за изработка на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на плански документи** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 550.000, 00ден | Проектот е реализиран, спроведена е тендерска постапка и избран е најповолен понудувач **Завршен проект** |
| 2. | **Елаборат за валоризација на локалитетот Дувало - Сулфатарата во с.Косел заради негово прогласување за заштитено подрачје** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 240.000, 00ден | Избран е најповолен понудувач, изготвен е Елаборат за валоризација на локалитетот Дувало - Сулфатарата во с.Косел **Завршен проект** |
| 3. | **Стратегија за развој на зеленилото на Општина Охрид** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 600.000, 00ден | Избран е најповолен понудувач и изработена е Нацрт верзија на документот, во тек е постапка за стратегиска оцена |
| 4. | **Подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во општина Охрид – субвенционирање на граѓаните при купување на модерен систем за затоплување инвертер клими за 2023година** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 400.000, 00ден | Проектот беше отпочнат во април Поради огромниот интерес и пристигнати голем број барања за исплата на субвенции, а ограничениот број на средства за оваа намена и заради неможност за исплата на сите граѓани и доведување во нееднаква положба, Градоначалникот на Општина Охрид донесе одлука за поништување на јавниот повик. |
| 5. | **Набавка и доделување на пластични канти од 120л за селекција на отпад на домаќинства во општина Охрид** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 400.000, 00ден | Зпочната е тендерска постапка за Набавка и доделување на пластични канти од 120л за селекција на отпад на домаќинства во општина Охрид |
| 6. | **Цветни балкони- цветен Охрид** | За реализација на проектот беа | Пректот беше реализиран во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | предвидени средства во висина од 100.000,00ден. | почетокот на месец јуни, по повод одбележувањето на 5-ти јуни Светскиот ден на животната средина **Завршен проект** |
| 7. | **Чистење на Охридско Езеро од цврст отпад** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 200.000,00ден | Избран е најповолен понудувач,проектот беше реализиран во текот на септември **Завршен проект** |
| 8. | **Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни (организирање на едукативни предавања во основните училишта со овластени постапувачи со различни видови на отпад за потребата за селектирање на отпадот)** | За реализација на проектот не се потребни финансиски средства | Пректот беше реализиран во текот на месец јуни **Завршен проект** |
| 9. | **Есенска рамноденица - почеток на есента 23 септември(ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта)** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 30.000, 00ден | Пректот беше реализиран во текот на месец септември **Завршен проект** |

II – Финансиски дел за активности за период 30.06.до 30.09.2023 година
Согласно финансиската евиденција во опфатениот период од оваа програма се реализирани финансиски средства во висина од 2.688 935,00 денари.

**Број 08-17168/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на годишната програма за спорт и рекреација за 2023 година за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/130** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на годишната Програма за спорт и рекреација за 2023 година за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/22** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев**

**КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ**
**За реализација на програмата за спорт и рекреација**
**2023 год.период од 01.07.2023 до 30.09.2023**

**Програми Л0 и ЛА**

Создавањето услови за спортување на сите генерации,за правилен физички развој на младите генерации преку изградба,реконструкција и опремување на спортските сали,фудбалски игралишта,организирање и поддршка на најразлични спортски настани и активности како и поддршка на талентирани спортисти се трајна определба на Општината Охрид во сферата на спортот.

Спортските содржини со кои располага Општина Охрид на ЈП „Билјанини Извори“, затворените и отворените спортски објекти во училиштата и неколкуте фудбалски игралишта се од големо значење за развојот на спортот и спортската рекреација.

Општината Охрид кога станува збор за младите и спортот вложува и понатаму ќе вложува во ресурсите и посветено работи врз развивањето и насочувањето на потенцијалот на младите од причина што добрите навики се развиваат рано и физички активните деца веројатно остануваат активни и кога ќе пораснат.

За овој извештаен период согласно Одлуката за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за користење на спортски терени на ЈП „Билјанини Извори“ од **КОНТО 425130** *ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ДРУГ ТИП НА ПРОСТОР* до одделението за спорт пристигнати фактури за искористеност на субвенциите од страна на корисниците за спортските терени на ЈП „Билјанини извори“ се во висина од 2.227.160,00 денари додека со судски извршни решенија во овој извештаен период извршени се вкупно 68.408,00 денари.

| | |
|---|---|
| ЈП„Билјанини извори“Охрид | 2.227.160,00 |
| Судски извршни решенија | 68.408,00 |
| Вкупно | 2.295.568,00 |

**Од КОНТО 463120** *ТРАНСФЕРИ ДО СПОРТСКИ КЛУБОВИ* во овој извештаен период искористени и исплатени се средства во висина од **8.706.000,00** денари за реализација на програмите од клубовите согласно јавниот повик за субвенционирање на програми на спортски клубови и здруженија од областа на спортот,од кој со судски извршни решенија од сметка се извршени 30.000,00 денари.

| | |
|---|---|
| ГРК „Охрид“АД | 3.000.000,00 |
| ГФК „Охрид Лихнидос“ | 3.500.000,00 |
| ГКК „Охрид“ | 2.050.000,00 |
| ЕК„Акватика Јахтинг“ | 126.000,00 |
| Судски извршни решенија | 30.000,00 |
| Вкупно | 8.706.000,00 |

**Од КОНТО 464990** ДРУГИ ТРАНСФЕРИ средства наменети за подршка на спортски манифестации,настани,проекти како и средства за спортисти индивидуалци.

Во овој извештаен период реализирани се вкупно 3.993.000,00 денари,од кој со судски извршни решенија извршени се 770.000,00 денари.

| | |
|---|---|
| ТК„Хваранг Итф“-Лескоец Таеквондо турнир „Охрид | 100.000,00 |

| | |
|---|---|
| Опен 2023“ | |
| ПК „Охридски Бранови 2008“<br><br>„Илинденски пливачки маратон“<br><br>„Охридски Пливачки маратон 2023“<br><br>„Олимписки пливачки маратони 5к/10К“<br><br>„Ревијален ватерполо турнир“ | 1.130.000,00 |
| ФЦ.„Копенхаген“<br><br>Турнир во фудбал за млади категории„Балкански надежи“ | 60.000,00 |
| КК.„Колибри“турнир во кошарка за млади категории„20 години Колибри“ | 15.000,00 |
| ГКК„Охрид“Меморијален ракометен турнир„Крсте Андодноски-Усташ“ | 500.000,00 |
| ЗГ„Велгошка гордост“ Традиционален турнир во мал фудбал„велгошти 2023“ | 100.000,00 |
| ФК„Некст левел 2020“ Турнир во фудбал за млади категории„Некст Левел Куп“ | 30.000,00 |
| „Сојуз за училишен спорт“-Охрид<br><br>Турнир во фудбал за млади категории„Охридски фудбалски надежи“ | 150.000,00 |

| | |
|---|---|
| АК.„Планинско Лудило”-Планинско езерски фестивал„Денот на Галичица“ | 93.000,00 |
| НЦ„Аквакатек“Чистење на дното на Охридското езеро-Еко акции Охрид 2023“ | 50.000,00 |
| АК „Охрид трчаТ“<br><br>„Акватлон Охрид трчаТ 2023“<br><br>„Пештани Екстрим Вертикал 2023“ | 205.000,00 |
| ВК„Шампион систем“Охрид<br><br>„Трофеј Охрид“<br><br>„на Бована Сараиште“ | 45.000,00 |
| КК„Стрмец“Меѓународна кајак кану регата | 100.000,00 |
| НЦ„Амфора“<br><br>„Промоција на рекреативно нуркање за деца“ | 69.500,00 |
| ЕК„Меч рејс Клуб“-„Прва регата околу Охридското езеро“ | 40.000,00 |
| ПК„Акваспирит“-Охрид<br><br>Меѓународен пливачки митинг„Охрид опен 2023“ | 60.000,00 |

| | |
|---|---|
| „ОВФ пливачки митинг“ | |
| ШК„Ласкер“„Младински Рапид турнир“ | 10.000,00 |
| ВК„Горица Ремо“<br><br>„Охридска Веслачка регата“<br><br>„регата со традиционални Охридски кајчиња“ | 82.500,00 |
| „Јахтинг клуб Олс“<br><br>„Запознај го едрењето заштити го езерото“ | 25.000,00 |
| ЕК„Акватика Јахтинг“турнир во едрење„Експрес сејлинг“ | 30.000,00 |
| Св.Апостол Петар„Охрид<br><br>„Куп Охрид Пливка“<br><br>„Крапски куп“ | 30.000,00 |
| „Про Баскет Јуниор“турнир во кошарка за млади категории„Кошарката обединува“ | 10.000,00 |
| „Кик старт Про“<br><br>„Суб трка“ „Суб Јога“ | 20.000,00 |
| ТК.„Хваранг Фист-Охрид“„Охрид Опен 2023“ | 70.000,00 |
| „Топ Адвенчрс“Охрид Ултра траил“ | 75.000,00 |
| СК.„Охрид“турнир во стрелаштво<br><br>„Илинден 2023“ | 30.000,00 |

| | |
|---|---|
| ЖСК Лихнидос-турнир во стрелаштво„лихнидос 2023“ | 15.000,00 |
| Ана Стојаноска | 18.000,00 |
| Христијана Парулеска | 60.000,00 |
| Судски извршни решенија | 770.000,00 |
| вкупно | 3.993.000,00 |

Во овој извештаен период согласно календарот на спортски манифестации,настани и проекти се одржаа 34 спортски манифестации,настани и продолжија со реализација проекти од областа на спортот.

Од оваа година за прв пат под покровителтво на општина Охрид и градоначалникот Кирил Пецаков во периодот од 19-27 август се одржа Фестивалот на водени спортови Охрид(Ohrid water festival 2023)

**OHRID WATER FESTIVAL/ Фестивал на водени спортови Охрид** е проект кој ги поврзува водените спортови, охридското природно богатство и развојот на охридската заедница. Основната визијата и мисија е со реализацијата на овој проект обединување на сите охридски водени спортови и нивните активности во рамки на еден спортско - туристички БРЕНД со име Ohrid Water Festival. Охрид и Македонија конечно добија модерен и стратегиски проект поврзан со нашиот заштитет знак Охридското езеро. Ohrid Water Festival и нејзиниот концепт како спортски фестивал е токму тоа што треба Охрид како спортско-туристички град да го нуди на пошироката домашна и интернационална туристичко-спортска јавност. Потенцијалот на фестивалот е огромен и во иднина се надеваме дека Охрид и Фестивалот во годините пред нас ќе се издигнат на ниво на светски најпосетуваните и најбараните спортско-туристички дестинации наменети за љубителите на водата, водените спортови и добрата забава. Стратешкиот фокус кон езерото, заштитата на езерото, спортовите на вода, клубовите и здруженијата поврзани со водата и посебно спортските работници кои се секојдневно посветени на водата (езерото) се причина плус фестивалот и општина Охрид максимално се посветат во креирање на нова спортска традиција која охридскиот активен туризам и градот Охрид да го издигнат на европскиот пиедестал на спортско - туристички градови.

Фестивалот беше во времетраење од 9 дена,програмата беше поделена на спортски дел во во кој влегуваа 17 спортски манифестации од спортови на вода кој се одржуваа во утринските и попладневните часови,додека во вечерните часови од 19 до 23 часот опфаќаше програма од социјално,забавни и едукативни содржини.

Програма на фестивалот

Фестивал на Водени спортови Охрид

Ohrid Water Festival

Спортска програма

| Бр. | Организатор | Активност | Датум | Време |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **ПК„Акваспирит“-Охрид** | **ОВФ Пливачки митинг** | 19. 08. 2023 | целодневна |
| 2. | **ВК„Горица Ремо“** | **Охридска веслачка регата** | 19. 08. 2023 | предпладне |
| 3. | **ККК „Стрмец“Охрид** | **ICF 23 Трета Меѓународна Илинденска регата во кајак и кану на мирни води-Охрид 2023** | 20. 08. 2023 | предпладне |
| 4. | **ТК “Три дисциплини” Струга** | **Триатлон** | 20. 08. 2023 | предпладне |
| 5. | **Меч Рејс Клуб** | **1ва Регата околу Охридското езеро** | 21.-22. 08. 2023 | целодневна |
| 6. | **СУП клуб Охрид** | **СУП јога** | 21. 08. 2023 | предпладне |
| 7. | **ЈП„Билјанини извори“-Охрид**<br>**„Сојуз за училишен спорт Охрид“** | **Водени лудории** | 21. 08. 2023 | 16-20 часот |
| 8. | **ЕК„Акватика Јахтинг“** | **турнир во едрење„ЕКСПРЕС** | 22.-23. 08. 2023 | попладне |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **СЕЛИНГ“** | | |
| 9. | **СУП клуб Охрид** | **Трка со СУП** | 22. 08. 2023 | предпладне |
| 10. | **ПК„Охридски бранови 2008“** | **5км/10км на отворени води** | 23. 08. 2023 | 09-14 часот |
| 11. | **Нуркачки центар„Амфора“** | **Промоција на рекреативно нуркање за деца** | 24. 08. 2023 | 10-17 часот |
| 12. | **ПК„Охридски бранови 2008“** | **Ревијален Ватерполо турнир 2023** | 25. 08. 2023 | предпладне |
| 13. | **Фестивал на водени спортови Охрид** | **Промоција на водени спортови** | 25.-26. 2023 | 19-22 часот |
| 14. | **Јахтинг клуб ОЛС** | **Запознај го едрењето, заштити го езерото** | 25. 08. 2023 | 09-14 часот |
| 15. | **ПК„Охридски бранови 2008“** | **Охридски Пливачки маратон 2023“ Св.Наум-Охрид** | 26. 08. 2023 | 10-17 часот |
| 16. | **АК “Охрид трчаТ”** | **Акватлон** | 27. 08. 2023 | 8-14 часот |
| 17. | **ВК „Горица Ремо“** | **Регата со традиционални охридски кајчиња** | 27. 08. 2023 | 17 часот |

Фестивал на Водени спортови Охрид

Ohrid Water Festival

Социјално-едукативна и забавна програма

| Бр. | Организатор | Активност | Датум | Време |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Ohrid Water Festival** | **Концерт**<br>**Ѓоко Танески** | 21. 08. 2023 | 20-23 часот |
| 2. | **1. Клуб за подводни дејности Охрид**<br>**2. НК Акватек** | **Изложба**<br>**1. Флора и фауна од Охридско езеро**<br>**2. Потонато културно историско богатство**<br>**ДЦВанчо Плеј** | 22. 08. 2023 | 19-22 часот |
| 3. | **ЈНУ Хидробиолошки завод** | **Панел дискусија**<br>**Тема: Охридското езеро-валоризација на вредностите како пат кон идните бенефити** | 23. 08. 2023 | 19-22 часот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **ДЏ Багзи** | | |
| 4. | **ЈНУ Хидробиолошки завод** | **Отворен ден** | 23. 08. 2023 | 10-14 часот |
| 5. | **1. ВК„Горица Ремо“<br>Петар Паунче-Скитник<br>2. ПК„Охридски бранови 2008“** | **Изложба<br>1.Почетоците на веслањето во Охрид<br>2. Победници на охридскиот пливачки маратон низ времето<br>Балканикос Бенд/Жармена Бенд** | 24. 08. 2023 | 19-22 часот |
| 6. | **Здр. На рекреативни риболовци Спортски клуб „Св. Апостол Петар„** | **Изложба<br>“Рибите од Охридското езеро”** | 25/26. 08. 2023 | 19-22 часот |
| 7. | **ОФВ и SLOW FOOD Охрид** | **Промоција на охридска и македонска традиционална храна и пијалоци<br>ДЏ Rootboy_Selector** | 25. 08. 2023 | 19-22 часот |
| 8. | **ОФВ и SLOW FOOD Охрид** | **Промоција на охридска и македонска традиционална храна и пијалоци<br>Староградска вечер со Ансамбл Билјана** | 26. 08. 2023 | 19-22 часот |
| 9. | **Ohrid Water Festival** | **Концерт<br>Камерен битолски оркестар<br>Рок Симфонија** | 27. 08. 2023 | 20-23 часот |

Во овој извештаен период покрај манифестациите во рамките на фестивалот се одржаа и други спортски манифестации,настани и се реализираа проекти од областа на спортот.

**-ЕК „Акватика Јахтинг“-** 14-15 септември ја организираше третата по ред едриличарска регата.На регатата зедоа учество вкупно 60 едриличари од Србија,Бугаријаи Македонија.Настанот се спроведе под името,, Меѓународна едриличарска регата Охрид 2023” .

**-„Охридски Бранови 2008“** –традиционално на 2 август го организираше **„Илинденски Пливачки Маратон 2023”** кој се одржа на патеката од 2,5 км од Горица до градското пристаниште со учество на преку 60 натпреварувачи од клубови во Македонија.Ова беше негово 44 издание.

**Стрелачки клуб„Охрид“-**во периодот од 4-6 август го организираше турнирот во стрелаштво **„ИЛИНДЕН2023“.**На турнирот зедоа учество стрелци од сите Балкански држави.

**Женски стрелачки клуб „ЛИХНИДОС“** на 20-ти септември го организираше турнирот во стрелаштво **„ЛИХНИДОС 2023“.**

На турнирот зедоа учество натпреварувачи од сите стрелачки клубови од Македонија.

**Пливачки клуб „Акваспирит“** во овој извештаен период го заврши проектот „**Пливаме во сино“**кој опфака обука за пливање на деца со атипичен развој,кој деца воедно се и членови на на здружението „Во Мојот свет“Проектот опфаќа пет месечна обука по еден тренинг неделно т.е вкупно 20 тренинзи.Обуката ја поминаа вкупно 8 деца на возраст од 5 до 17 години.

**Пливачки клуб „Акваспирит“-**го организираше третиот по ред Интернационален Пливачки митинг **„Охрид Опен 2023“**

На митингот зедоа учество над 200 пливачи од Македонија,Србија и Косово.Митингот се одржуваше на 22 јули 2023 год. во отворениот пливачки базен **„Атина Бојаџи** во склоп на **ЈП„Билјанини извори„Охрид.**

**-Ак „Охрид трчаТ“**во периодот од 22-24 септември за прв пат ја организира планинската трка **Пештани Екстрим Вертикал** која се одржа во с.Пештани и Националниот Парк Галичица.Настанот започна од петокот,22 септември со доделување стартни пакети за детската траил трка и главната трка.Во саботата на 23.09 се одржа детска траил трка(прва планинска трка за деца во НП Галичица) на која зедоа учество 60 деца родени од 2014 до 2008 година.После трка традиционално се делеше паста за сите присутни,додека главната трка се одрша во неделата на која зедоа учество 42 тркачи.На двете трки имаше учесници од повеке земји,Македонија,Србија,Албанија,Полска,Холандија,Велика Британија и Белгија.

**- Меморијален Турнир во ракомет„ Крсте Андоноски – Усташ“** во организација на ГРК Охрид второ негово издание од 25-27 август во спортската сала при ЈП„Билјанини извори“ Охрид во кое зедоа учество познати екипи од Македонија,покрај ГРК Охрид,беа и РК Голден Арт,РК Бутел-Скопје и РК Еурофарм Пелистер,додека екипи надвор од Македонија беа РК Бешикташ од Р.Турција,РК Олимпијакос од Р.Грција,РК Металопластика од Р.Србија и РК Татран Прешов од Р.Словачка.

Турнирот е организиран во чест на легендарниот спортски работник и ракометен тренер Крсте Андоноски – Усташ кој остави длабок печат во Охридскиот и Македонскиот ракомет.

**- Фер Плеј Куп 2023** – во организација на ФК ОФС Фер плеј Охрид еден од најголемите турнири за млади категории во општина Охрид на кој зедоа учество околу 2000 деца во осум возрасни категории од повеќе Балкански земји во периодот од 24-27 јуни и 24-27 август 2023.Ова беше негово 12-то издание.

Во организација на Велосипедски клуб **„Шампион систем“**Охрид во текот на месец септември се одржаа две манифестации.

Првата **„Трофеј Охрид 2023“**-камп за велосипедизам во кој зедоа учество велосипедисти од Македонија и втората манифестација **„На Бована Сараиште“**која покрај натпеварувачки карактер со Суп даски и кајаци настанот има и забавен карактер.Настанот се одржа на плажа Сараиште.

Во периодот од 15 јули до 7 август во организација на здружение на граѓани **„Велгошка Гордост“** традиционално во с.Велгошти се одржа турнирот во мал фудбал **„Велгошти 2023“** на кој учествуваа 28 екипи од Македонија.Финалните натпревари традиционално се одигруваат на големиот Христијански празник Св.Петка.

Во овој период започна со работа **„Голф клубот Охрид “**на новите голф терени во склоп на поранешна Касарна**.**

На 16.09.2023 голф клубот Охрид организираше Отворен ден-запознавање со голф

17.09.2023-Отворен голф ден-Ревијален турнир за аматери,гости и туристи

22.09.2023-Отворен голф ден,запознавање со гоф,правила и етикета

30.09.2023-Отворен голф ден-Ревијален турнир

**Шаховски клуб„ Ласкер Охрид“**-по 8-ми пат го организираше **„Младински рапид турнир-ЛАСКЕР2023“,**наменет за ученици од основното образование во општина Охрид.На турнирот зедоа учество вкупно 75 ученици во различни категории.

**ПРОГРАМА ЛО**

**ОД КОНТО 425920 услуги за копирање и печатење по судски извршни решенија извршени се 60.000,00 денари.**

**Од КОНТО 463110 трансфери до здруженија на граѓани и фондации по судски извршни решенија извршени се 450.000,00 денари.**

**ПРОГРАМА ЛА**

**Од КОНТО 424390 Одржување на други градби по судски извршни решенија извршени се вкупно 299.652,000 денари.**

**Во периодот од 01.07.2023 до 30.09.2023 година искористени се вкупно 15.294.730,00 денари.**

**Број 08-17168/23** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за млади и невладини организации за 2023 година за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/131** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за млади и невладини организации за 2023 година за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/24** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

**01.07.2023 – 30.09.2023**

**Поддршка на невладини организации**

1. ***Учество во проектот ReLOAD2***

На 16.06.2023 година општина Охрид објави Повторен јавен повик за граѓански организации за поднесување предлог проекти во рамки на регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (RELOAD2). Јавниот повик траеше до 14.07.2023 година, а на истиот имаа право да поднесат предлог проекти сите граѓански организации чии проекти се доследни на развојните цели на општина Охрид: младински активизам и партиципација, родова еднаквост, економска и социјална инклузија, заштита на животната средина, туризам и култура.

На овој јавен повик апликации поднесоа две невладини организации “ Здружение Клуб за нуркање АКВАТЕК-Охрид“ и “ Здружение за поддршка на идентификувани и потенцијални ранливи групи ЖРТВА-Охрид.

После извршената еваулација на состанокот одржан на 10.08.2023 година, на кој присуствуваа двајца претставници на општина Охрид и двајца претставнициод УНДП, двата проекти на горенаведените организации беа одобрени за финансирање.

За реализација на проектот “Зелена младина зелена иднина“ на организацијата ““Здружение клуб за нуркање акватек-Охрид“ се предвидени608,032.00

За реализација на проектот “Превенција од насилен екстремизам и радикализам кај млади“, на организацијата “Здружение за подршка на идентификувани и потенцијални ранливи групи Жртва-Охрид“ се предвидени 1,487.500.00

При потпишување на договори со гореспоменатите организации пистои голема можност буџетите да претрпат ревизија.

Врз основа на одлуката со број 08-8751/95 од 31.08.2021 година општина Охрид се обврза и обезбедува средства од буџетот на општината во висина од минимум 25% од вкупниот одебрен буџет на проектот.

**Учество на обука за членови на ЛМС**

Во периодот од 26-28 јули во Маврово беше организирана тридневна обука за членовите на ЛМС. На обуката учествуваше претставник од одделението за Млади и Невладини Организации од општина Охрид, председателот на ЛМС и член од собранието на млади.На оваа обука беа донесени неколку одлуки:

***-Обуката разгледуваше повеќе прашања:***

Која е улогата на ЛМС?, Кој може да биде член на ЛМС?, Делокругот на ЛМС кон општината и младите, улогата на службениците за млади, младински активизам на локално ниво, механизмите за соработка меѓу единиците на локална самоуправа и младите.

***-ангажирање волонтер во заедницата***

Во текот на проектот UNFPA преку UNV, ќе ангажира волонтер во заедницата кој ќе представува врска меѓу општината, младите на локално ниво и ЛМС. Волонтерот ќе биде ангажиран на 20 часа неделно и ќе има договор за вработување директно со UNV до крајот на годинатаа за својата работа ќе одговара пред одделението за Млади и Невладини Организации во општина Охрид, сите трошоци паѓаат на UNFPA., а општината е обврзна да обезбеди опрема и простор за работа.

***-Одбележување на 12 август меѓународниот ден за млади***

МЦО заедно со ЛМС по повод 12 август меѓународниот ден за млади организраше недела за млади во која имаше повеќе активности за млади; едукативна работилница, креативна работилница за млади,изложба, музички хепенинг.Сите активности о одбележувањето на недела на млади се одвиваа во МЦ Охрид и дворот на поранешна касарна Охрид.

***-Спроведување на иницијативи за млади***

UNDP сподели информација дека сите општини кои се вклучени во проектот ќе добијат по 8 000 долари за реализација на минимум две младински иницијативи од кои едната треба да се рализира во 2023 година а другата во текот на следната година.

Во оваа насока ЛМС изработи две предлог иницијативи

-првата предлог иницијатива има налсов “Промоција на ЛМС преку промоција на младите“ Оваа иницијатива опфаќа теми за инклузија на млади, еднаквост и доверба. Предвидениот буџет за оваа иницијатива е 288,200.00

-втората предлог иницијатива има наслов “Заштити се себеси, кажи не на насилството“. Темата на оваа иницијатива е борба против насилството и сајбер безбедноста. Предвидениот буџет за реализација на оваа иницијатива е 175.800 денари.

**Избран Нов Младински Совет во Општина Охрид**

На седницата на Советот на Општина Охрид оддржана на 28.07.2023 година беше донесена Одлука со број 08-11550/41 со која се врши верификација на мандатите по одлуката за избор на членови на Локалниот Младински Совет на општина Охрид. Со оваа одлука се верификуваа мандатите на членовите на Локалниот Младински Совет на општина Охрид и тоа: Игор Јосифоски, Калина Стојаноска, Стефанија Битолкоска, Кети Маркоска, Алексаднар Стојановски, Петар Сарафилоски, Александар Бојчевски. Мандатот на членовите трае две години со право на повторен избор.

Локалниот совет на Млади од својот состав, веднаш по верификацијата избра председател Игор Јосифоски и секретар Калина Стојаноска.

**Поддршка на млади и младински политики**

Одделението за млади и невладини организации во континуитет ја подржува работата на младите во општина Охрид.

На 21.07.2023 година беше одржана координативна средба на МЦО со ЛМС, според претходно утврдена годишна програма за работа на МЦО.

На состанокот прсуствуваше пом. раководителот на секторот за спорт млади и невладини организации на општина Охрид, раководителот на МЦО, двајца младински работници како и пет претставници од ЛМС заедно со раководителот на ЛМС.

Беше представена програмата по која работи МЦО но беше истакната и потребата за соработка и вклученост на ЛМС во работата на центарот како и линкот кој ЛМС го има за да ги представи потребите на младите пред локалните власти во општина Охрид. Дополнително збор зеде и пом. раководителот на Секторот за Спорт Млади и Невладини Организации Јоне Станковски, кој зборуваше за потребата од вмрежување на ЛМС И МЦО со други локални младински заедници заради потребата од споделување на идеи и искуства во полето на младинси активизам и младински политики.

Одделението за Млади и Невладини организации целосно ја подржува работата на ЛМС и МЦО секако младите во Охрид преку учество, финансиска и логистичка поддршка на сите активности и настани кои ги организираат младите.

Во прилог на овој извештај е и кварталниот извештај за Младински Центар Охрид со кој раководи Коалицијата на младински организации „СЕГА“.

## ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
## НА МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР ОХРИД ЗА МЕСЕЦ ЈУЛИ, АВГУСТ И СЕПТЕМВРИ 2023 ГОДИНА

**ПОЗАДИНА:**

СОГЛАСНО ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА МЛАДИНСКИОТ ЦЕНТАР ОХРИД И АКЦИСКИТЕ ПЛАНОВИ ЗА МЕСЕЦ ЈУЛИ, АВГУСТ И СЕПТЕМВРИ 2023, ОПФАТЕНИ СЕ АКТИВНОСТИ ОД ПОВЕЌЕ РАБОТНИ ПАКЕТИ.

**ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ НА МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР ОХРИД ЗА МЕСЕЦИТЕ ЈУЛИ, АВГУСТ И СЕПТЕМВРИ:**

**Координативни состаноци**

Проектниот тим кој го сочинуваат Раководител на програми, Координатор на МЦО и Финансиски Менаџер од Коалиција СЕГА како и Раководител и 2 младински работници од МЦО организираа редовни месечни состаноци за координација на програмските активности на Младински Центар Охрид.

Состаноците се одржуваа онлајн и со физичко присуство во МЦО на 05.07.2023, 17.07.2023, 04.08.2023, 21.08.2023, 28.08.2023, 12.09.2023 и 22.09.2023 година.

**ПРОМОЦИЈА НА МЦО:**

Се продолжија активностите за промоција на МЦО преку повеќе активности кои се споделуваат на социјалните мрежи и нашата веб страна, како и промоција на МЦО од страна на тимот на МЦО на различни настани.

Проектниот тим беше задолжен за промоција на Младинскиот центар и програмските резултати преку средствата за јавно информирање, веб страни и социјални мрежи. На веб страната на МЦО, СЕГА и каналите на социјалните мрежи тимот редовно споделува информации за напредокот на активностите на МЦО. Веб страната, како и профилите на центарот на социјалните мрежи (facebook, Instagram, linkedin) се користат како канали за комуникација со јавноста.

Линкови од веб страна и профили на социјалните мрежи:

- mco.mk
- www.facebook.com/MladinskiCentarOpstinaOhrid
- www.instagram.com/mladinskicentar_opstinaohrid/

- www.linkedin.com/company/mladinski-centar-ohrid
- https://www.youtube.com/channel/UCLFb_QGFtQFgNcQ6s6TVfxQ

Целта е преку креативни и едукативни видеа да допреме до младите и поголема промоција на МЦО.

Според акцискиот план за јули, август и септември 2023 година се реализираа следните активности за промоција на МЦО:

1. **Инфо ден – Гаранција за млади**

На 07 јули 2023 годдина, Младински Центар Охрид преку Инфо Ден ги презентираше можностите за млади кои ги нуди програмата Гаранција за млади. Инфо Денот се одржа во центарот на градот и се информираа околу 70 млади.

Програмата Гаранција за млади им овозможува на младите лица од 15 до 29-години, кои не се вработени, ниту се вклучени во образование или обука (NEET), да добијат соодветна понуда за работа, да го продолжат своето образование или да бидат вклучени во некоја од активните програми и мерки за вработување, во период од 4 месеци по нивното евидентирање како невработени лица во Агенција за вработување. Прашањата кои беа опфатени преку Инфо Денот со цел промоција на "Гаранција за млади" се следните:

• Како функционира програмата "Гаранција за млади" ?
• Кои лица ги опфаќа програмата "Гаранција за млади" ?
• Што овозможува мерката " Гаранција за млади" ?

2. **Инфо ден - Beach Film Festival**

На 19 јули официјално започна шестото издание на Beach Film Festival. Фестивалот се отвори со краткометражниот филм „Сценарио“ на Александра Кардалевска и долгометражниот филм „Преекспонирано“ на Елеонора Венинова.

Дел од членовите на Волонтерскиот Клуб од МЦО ја искористија оваа можност и во склоп на самиот настан се организираше инфо ден каде повторно младите Охриѓани имаа можност да се запознаат со центарот, неговата улога. отворените повици за летната школа за гитара и повикот за учество во младинско летно електронско списание.

Исто така младите имаа можност да одговорат на 2 прашања „Што им треба на младите од Охрид ?“ и „Младински Центар Охрид треба да....“ каде целта беше да се соберат ставовите на младите и преку МЦО да се истакне важноста за позицијата на младите во средината каде што живеат.

3. **Младински Центар Охрид присутен на социјално - едукативната програма на Ohrid Water Festival**

На 23.08.2023 година Младински Центар Охрид беше присутен на социјално - едукативната програма на Ohrid Water Festival. Тимот на МЦО ја искористи можноста да биде чекор поблиску до младите и преку неформален разговор да им пренесе на младите за можностите кои ги нуди МЦО, и зошто е нужна нивна вклученост. Се промовираа петте оски на делување на МЦО со што се посочи дека нашиот фокус се потребите и интересите на младите. Беа анимирани околу 100тина присутни.

4. **Промоција на МЦО во СОСУ „Св. Кирил и Методиј“ – Охрид**

На 25 септември се направи презентација на Младински Центар Охрид во средното економско училиште СОСУ „Св. Кирил и Методиј“ – Охрид. Презентација се одвиваше на класен час, во секој клас одделно и во правата и во втората смена (од I од IV година). Целта беше учениците да се информираат за улогата за центарот но и да се промовираат активвните повици за млади во кои можат да се вкчучат. Беа опфатени 20 класови или околу 430 ученици.

**МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ**

Со цел навремено и точно информирање на локалните млади за сите можности кои им се нудат (волонтерство, образование, култура, повици за учество на младински размени, стипендии, локални јавни повици, огласи за вработување, огласи за практикантсво, занимливости, тековни случувања во Охрид, локални јавни повици, информации од активни здруженија и младински организации), фунционира веб страница **mco.mk**. Младинските работници секојдневно објавуваат информации на веб страната и споделуваат на социјалните мрежи.

Според акцискиот план за јули, август и септември 2023 година се реализираа следните активности за Младинско информирање:

1. Е-кампања за младинско учество – „Инспирирај !Иницирај !Учествувај“

На 06.07.2023 - Младински Центар Охрид официјално ја започна е-кампањата за младинско учество под мотото „Инспирирај! Иницирај! Учествувај!“. Целта на оваа кампања е младите да се запознаат со Законот за младинско учество и младински политики; учеството на младите во процесот на креирање и донесување одлуки; обезбедување поддршка на младите; активно информирање; како и зајакнување на свеста за важноста на младите и нивната општествена улога. Оваа кампања се спроведува секоја недела преку пренесување на членови од законот за младинско учество и младински политики на социјалните мрежи во форма на е-флаери.

**МЛАДИНСКО УЧЕСТВО**

1. Средби со ЛМС и Општина Охрид

- На 21 јули Младински Центар Охрид оствари средба со членовите на Локалниот младински совет при Општина Охрид. На средбата присуствуваа 7 млади како и и Раководителот на секторот за спорт, млади и невладини организации – Јоне Станковски. Целта на средбата беше преку континуирано и заедничко дејствување да ја истакнеме важноста и позицијата на младите во Општина Охрид. Средбите на МЦО со ЛМ Совет ќе се реализираат секој месец на кои ќе се дискутираат наредни чекори за дејствување, меѓусебна соработка како и споделување на добри практики.
- На 31ви јули, тимот на МЦО повторно имаше средба со ЛМС, на која се дискутираше нивната инволвираност во спроведување на активностите за Недела на млади (од 07.08 до 11.08). На средбата присуствуваа 5 млади.
-
- На 06 септември се одржа координативна средба помеѓу членовите на ЛМС и претставници на МЦО. Се дискутираше за активностите што следат и за наредните предвидени активности. На средбата присуствуваа 4 членови на ЛМС.

2. Младински Круг на тема „Климатски промени и одржливост на животната средина“.

- На 15.09.2023 година во просториите на МЦО се одржа вториот Младински Круг на тема „Климатски промени и одржливост на животната средина“. Целта на овој Младински круг беше подигање на свеста за климатските промени, дискусија за одржливи практики и истражување на иницијативите предводени од младите за зачувување на животната средина. На Младинскиот Круг учествуваа ученици од ОЕМУЦ„Св. Наум Охридски" и СОСУ "Св.Кирил и Методиј"-Охрид , како и членовите од Локалниот совет на млади при Општина Охрид. Учесниците дадоа свој осврт и свои видувања на темата, предизвиците како и можните решенија, при што се разви плодна дискусија. На настанот присуствуваа 23 млади.

3. Работилница за младинско учество

- На 22.09.2023 во Младински Центар Охрид се одржа едукативна работилница за Младинско учество. На истата учествуваа 5 ученици од СОСУ "Св.Кирил и Методиј"-Охрид и 5 претставници на ЛМО при ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ - Охрид, како и претставник на Локалниот младински совет. Учеснците се запознаа со Законот за младинско учество и младински политики, улога и функцијата на Локалниот совет на млади, начинот на донесување одлуки и креирање програма за работа. Понатаму имаа можност да ги утврдат степените / скалилата на младинско учество за да ја проценат вклученоста на младите во процеси кои се однесуваат на нив или кои ги засегаат.

Целта на оваа едукативна работилница беше запознавање на младите со скалилата на учество и можностите во процесот на донесување на одлуки. Подготовка на стратегии за зајакнување и поддршка на младите за активно учество во заедницата.

**НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Според акцискиот план за јули, август и септември 2023 година се реализираа следните активности за неформално образование на младите:

1. Бесплатни функционални тренинзи за средношколци (Функционалниот тренинг зафаќа поголем спектар на можности при вежбање и тоа за поширока маса. Функционалниот тренинг може да понуди многу повеќе опции, без разлика дали сте активен вежбач, познаник кон таквата проблематика или првпат почнувате и се соочувате со таков вид физичка активност. Тренинзите се прават од страна на тренерите. Овој вид на тренинг е идеален за зацврстување на централниот дел на телото, издржливост, зголемување на брзината, флексибилност, мускулна издржливост, како и засилување на кардиоваскуларниот систем.)

- На 20.09.2023 започнаа бесплатните функционални тренинзи со инструкторката Емилија Колоска, кои се одржуваат секој понеделник и среда.

**КУЛТУРА**

1. Beach Film Festival во Младински Центар Охрид

На 20ти јули, во 11ч, во МЦО, Beach Film Festival, организираше Masterclass со режисерката Елеонора Венинова и продуцентот Гоце Кралевски, каде имавме можност одблиску да се запознаеме со нив и нивната работа и да продискутираме за филмот.

Воедно, стана збор за самиот процес на снимање филм, предизвиците и чекорите. Beach Film Festival во вечерната програма продолжи во МЦО со бесплатни проекции на краткометражни филмови и Special Selection Program.

На 21ви јули, продолжи програмата на Beach Film Festival во МЦО Утрински повторно беше организиран Masterclass со членовите на жирито, а во вечерните термини имаше Изложба и проекција на ЦИА, како и официјална селекција на краткометражни студентски филмови и проекција на еден долгометражен филм - The Den

**НЕДЕЛА НА МЛАДИ**

Согласно годишната програма за работа на Младински Центар Охрид, работен пакет 4 – Програмски активности на МЦО, во **програмата неформално образование** беше

предвидено одбележување на Светскиот ден на млади. За таа цел, повод овој значаен ден за младите, МЦО спроведе серија активности во текот на целата недела насловена „Недела на млади“. Главниот фокус беше ставен на **11-ти август**, каде со почеток од 17:00 часот започна одбележувањето на Светскиот ден на младите. Се реализираа следните активности:

2. Во соработка со Атлетичарски Клуб – Охрид ТрчаТ се реализираше **детска атлетика** на која имаше можност да се вклучат сите млади кои беа пристуни на настанот. Се вклучија вкупно 50 тина млади од различни возрасти. Истата траеше 1 час односно од 17:00 до 18:00 часот.
3. Втора активност беше **работилница за цртање на канвас** со Проф. Жанета Стаиќ. По претходно пријавување за учество на работилницата се пријавија 11 учесници. Тие имаа можност да се се запознаат со тајните на цртањето на канвас и самостојно пробаа да ја истакнат својата креативност со помош на проф. Жанета Стаиќ. Темата за цртање беше повод годинешната тема за Светскиот ден на младите **Green Skills for Youth: Towards a Sustainable World.** Работилницата траеше 3 часа од 17:00 до 20:00 часот.
4. Наредно, на почетокот од одбележувањето беше поставена **изложба** во Дворот на МЦО на млад фотограф – Нина Ангелоска. Присутните имаа можност да ја погледнат изложбата до крајот на целиот настан. Исто така, фотографиите ќе бидат изложени во МЦО во наредните две недели за сите кои не беа во можност да ја посетат тоа можат да го направат во наредниот период. Оваа изложба ја посетија околу 200 млади.
5. Програмата продолжи во 20:00 часот, каде официјално пред присутните се обратија Раководителот на МЦО – **Јован Цветкоски**, Заменик Градоначалникот на Општина Охрид – **Перчо Божиновски**, и Извршниот Директор на Коалиција на Младински Организации СЕГА, која го води МЦО -**Зоран Илиевски**.
**6.** Следуваше музичка точка, каде имавме можност да уживаме во друштво на **Два2 Бенд.**
7. Во 21:30 часот, по завршување на музичката точка започна проекцијата на краткометражни филмови каде во улога се режисери се млади од Охрид, и тоа:

• „RED“ - Дамјана Видическа
• „4891“ -Ивана Мирчевска
• „Црногорци во Охрид “- Ристе Спироски

8. На крајот програмата ја збогати **DJ set w/Rile Relax** каде младите имаа можност нефомално да се дружат и забавуваат. Вкупно за сите настани кои се реализираа на овој ден, центарот го посетија околу 350 млади.

Работилница за младинско учество со ЛМС
- На ден 07.08.2023 во 11ч се реализираше работилница за младинско учество во склоп на програмата за Недела на Млади во чест на Меѓународниот Ден на Млади, при Младински Центар Охрид. На Работилницата за Младинско Учество пред се’, стана збор за Законот за Младинско Учество и Младински Политики. Секој од учесниците беше прашан дали го има прочитано законот, што знае за него и дали ја знае свој
улога како носител на функцијата. Аналогно на нивната запознаеност со законот, се осврнавме на

неговата функционалност и исполнетост. На работилницата присуствуваа 9 млади и тоа
Игор Јосифоски – Претседател на ЛМС;
Александар Стојаноски – член на ЛМС;
Стефанија Битолкоска- член на ЛМС;
Кети Маркоска – член на ЛМС;
Александар Бојчовски – член на ЛМС;
Андреј Андриески – член на ЛМ Собрание;
Александар Јолевски – член на ЛМ Собрание;
Ангела Митеска – Претседател на ЛМ Собрание;
Елена Размоска – член на Волонтерски Клуб.
4.Младински круг – Ментално здравје
На ден 09.08.2023 во 18ч се организираше Младински Круг на тема Ментално Здравје во склоп на програмата за Недела на Млади во чест на Меѓународниот Ден на Млади, при Младински Центар Охрид. Се стави акцент на тема која е важна за личниот раст и развој на младите, при што и пројавува интерес во било каков облик на организирање. На Младинскиот Круг, стана збор за тема која е актуелна за младите заради нивна добросостојба, раст и развој. Менталното здравје и неговото максимизирање денес е предизвик на секоја индивидуа, кое произлегува од брзото темпо на живот, околината и самата глобализација, која како свои придобивки, носи и ризици. Првично отворивме еден круг на запознавање со учесниците и мала воведна дискусија по што истите беа поделени во три групи за работа на различни теми од кои: стигма и свесност, системи за поддршка, социјални медиуми и технологија. На средбата присуствуваа 16 млади и тоа:
Игор Јосифоски – Претседател на ЛМС;
Петар Грмашкоски – член на ЛМ Собрание;
Магдалена Танаскоска – ОУ “Кочо Рацин”;
Ивана Танеска – СОСУ”Св. Кирил и Методиј”;
Кети Маркоска – член на ЛМС;
Александар Бојчовски – член на ЛМ Собрание;
Александар Јолевски – член на ЛМ Собрание;

Анастасија Треноска – ОУ “Кочо Рацин”;
Елена Размоска – член на Волонтерски Клуб;
Лија Камбер – ОЕМУЦ “Св.Наум Охридски”;
Ана Атанасовска - ОЕМУЦ “Св.Наум Охридски”;
Јана Каралиевска – Гимназија “Св. Климент Охридски”;
Дејан Ангелоски -ЛМ Собрание;
Борче Исакоски – Црвен Крст Охрид;
Марија Жилеска - СОСУ”Св. Кирил и Методиј”;
Стефан Бушиноски - СОСУ”Св. Кирил и Методиј”.
5.Летна школа за гитара
- Во склоп на оваа недела се реализираше летна школа за гитара. Целта беше да се стави акцент на важноста на младите во општеството, но и музикалните млади да имаат можност да научат да свират гитара или да ги усовршат своите вештини. Летната школа траеше од 7 до 11 август, а на истата се запишаа 10 млади од Општина Охрид. На истата имаа можност да се пријават само лица до 18 години. Учеството на летната школа беше бесплатно.
- Часовите од летната школа се одржуваа секој ден со времетраење од 3 часа, а нив ги одржуваше Професорот Игор Стефановски. Инаку Игор Стефановски е дипломиран Професор по гитара и наставник по музичко образование во ООУ „Кочо Рацин“ – Охрид. Има учествувано на повеќе државни и меѓународни натпревари. Исто така учествувал и на семинари кај реномирани гитаристи од светски рамки.
- Со оваа активност успеавме преку дружба, вмрежување и музика да постигнеме едукација и усовршување.

**ПОТТИКНУВАЊЕ НА КРЕАТИВНОСТ**

1.Инклузивна креативна работилница -Уреди го дворот на касарна - На 14 јули Младински Центар Охрид заедно со ВОПС спроведе инклузивна креативна работилница. Вмрежување, делување и прифаќање на различностите е она што беше во фокусот на работилницата. Соработката беше помеѓу Младински Центар Охрид и здружението ВОПС под чија капа е Игротеката „Радост“ сместена во истата зграда на

Младински Центар Охрид во поранешна Касарна. Здружението ВОПС работи со ранлива категорија на млади деца, деца со попреченост и деца со церебрална парализа.

2.Практична работилница за рециклирање

- Во склоп на програмата Недела на Млади, во чест на "Меѓународниот ден на млади", на 08.08.2023, во 09:30ч, во дворот на МЦО, се реализираше - Практична работилница за рециклирање, во соработка со Енхелеус Лихнид во , при која се стави акцент на важноста од оддржлив развој, бидејки ресурсите со кои располагаме се ретки и органичени и токму нивна пренамена е нашето решение. На истата, од гуми за велосипеди се изработија каиши во само неколку чекори, при што на креативен начин ставивме акцент на есенцијалноста од Рециклирање.

3.Креативна работилница за изработка на Инста рамка

- На ден 08.08.2023 во 10ч се реализираше креативна работилница за изработка на Инста рамка во склоп на програмата за Недела на Млади во чест на Меѓународниот Ден на Млади, при Младински Центар Охрид. Истата се изработи од стиропор, каде беше нацртан инста профилилот на МЦО.

ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ:

1.Одбележани беа 2 јубилеи: 31 година АРМ и 80 години од формирањето на баталјонот „Мирче Ацев“

- На 17 август, во просториите на Младински Центар Охрид, се одржа трибина по повод Денот на АРМ и Денот на првата единица на АРМ, односно 80 години од формирањето на баталјонот „Мирче Ацев“ и 31 година од формирањето на АРМ. Овој настан беше во организација на Младински Центар Охрид и Здружението на ветерани од одбраната и безбедноста Охрид. Прво присутните ја разгледаа Спомен собата на Шестата Македонска Народноослободителна бригада која се наоѓа на приземјето во касарната. Потоа следуваше трибината на која говореа:

• Пол. Павле Момировски - формирање на шестата пешадиска бригада Охрид (интегрирање во АРМ)

• Заставник Сенај Идризоски - обезбедување на државната граница (превземање на караулите и формирање на гранични единици)

• Пол. Кемо Ѓозо - интегрирање на припадниците на ЈНА во АРМ (мотив и елан на младите старешини за формирање на единиците на армијата)

• Пол. Добре Вељаноски - формирање на првата единица на касарната во Охрид и интегрирање на старешините од поранешните републики во македонската армија.

2.Млади од Турција, Романија и Црна Гора во посета на МЦО - На 14 август во посета на Младински Центар Охрид беа млади од Турција, Романија и Црна Гора. Претставници на НВО, претставници на младински центри како и млади вработени во јавните институции кои работат во секторите за млади и спорт. Посетата беше дел од обуката „Youth participation in democratic life“ кој ја спроведува Младински Совет Прилеп. Целта на оваа посета беше споделување на добри практики, начинот на функционирање на Центарот и размена на ставови на повеќе теми: млади, младински форуми, институционална поддршка, инклузија на младите и можност за соработка.
3.Волонтерите на Младински Центар остварија успех на Ohrid Water Festival
На 22 август 2023, во рамки на четвртиот ден од Ohrid Water Festival, се одржаа СУП трките за деца, млади и возрасни организирани од SUP Club Ohrid.
На истата учествуваа нашите волонтери Марија Жилеска и Стефан Бушиноски. Стефан се натпреваруваше во кетегоријата млади од 16-21 година и освои 1 место. Марија беше дел од првата група каде го освои 4 место.
4.Презентација на можности за студирање
На 29ти септември, со почеток во 12:30 во просториите на Младински Центар Охрид се одржа презентација на претставник од Ну Јорк Универзитетот во Абу Даби, г-дин Џастин Ван Дајк. Џастин зборуваше за тоа како додипломските студии на американските универзитети им овозможуваат на студентите успешно да функционираат во глобалната заедница, да комуницираат во различни култури и да ги максимизираат нивните искуства при студирање надвор од земјата за личен и академски развој.
На настанот присуствуваа ученици од 1ва, 2ра и 3та година средно од средните училишта: СОСУ „Св. Кирил и Методиј“; ОСУ „Св. Климент Охридски“ и ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“.
**ПОСЕТЕНОСТ НА ЦЕНТАРОТ:** Во овој тримесечен период (јули, август и септември 2023 година) центарот беше посетен од страна на околу 1450 посетители, вклучувајќи учесници на настаните, како и луѓе кои го посетуваат центарот на дневна основа.

**ОЦЕНКА ЗА МЕСЕЦИТЕ ЈУЛИ, АВГУСТ И СЕПТЕМВРИ ЗА ВЕБ СТРАНАТА**
Во текот на овие 3 месеци, веб страната е посетена: 29,084 пати.
Во текот на овие 3 месеци, на веб страната се објавени 144 вести.
**СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ И СТАТИСТИКА НА ПОСЕТИ И ИНТЕРАКЦИЈА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ**
**Статистики од FACEBOOK (од 01.07.2023 до 30.09.2023)**:
- post reach: 45,673; engagement: 8,320; followers: 1203

**Статистики од INSTAGRAM** (од 01.07.2023 до 30.09.2023):
- Accounts reached: 4,558; Accounts engaged: 610 Total Followers: 557

**Број 08-17168/25** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за културни манифестации и творештво за периодот од 01.01. до 30.09.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/132** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации и творештво за периодот од 01.01. до 30.09.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/26**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

Согласно Програмата за работа на Одделението за култура и Програмата за одбележување значајни годишнини и јубилеи, Програмата за споменици и спомен-обележја на личности и настани од значење за Охрид, усвоени од страна на Советот на Општина Охрид, покрај секојдневните тековни работни задачи во перманентна комуникација со надлежното министерство, локалните институции од областа на културата, средбите и контактите со организации, здруженија и поединци од оваа дејност, Одделението за култура, во периодот од 01.01.2023 – 30.09.2023 г. ги реализира следните позначајни работни активности :

- Во соработка со Македонската православна црква, Детската градинка„Јасна Ристеска“,основните училишта и Здружението за грижи и воспитување на деца, а под покровителство на градоначалникот на Општина Охрид успешно, со масовно присуство на граѓани, беше реализирана верската манифестација **„Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање“.**

Со ѕвезди во рацете и пеење на коледарската песна Вечниот Бог, повеќе од 800 деца од Охрид беа дел од годинешната Бадникова литија и предвесници на Христовото раѓање.

- Во организација на Општина Охрид и МЗ Куратица во с. Куратица се одржа традиционалниот “**Василичарски карневал”.**
- Под целосно покровителство на Општина Охрид, а во соработка со МПЦ Охридска архиепископија, во духот на верата и традицијата се реализираа најзначајната и најголемата верска манифестација во Македонија и во целоклупниот православен свет **“Богојавление – Водици“;**

По завршувањето на Богојавленскиот водосвет, точно на пладне на градскиот плоштад се одржа концерт на етно составот „Чалгија Саунд систем“ кои во духот на празникот ги веселеа бројните туристи од Р.Македонија и регионот, а на Сараиште беше одржано свето крштение кое со години наназад претставува интересна специфика за Охрид како Ерусалим на Балканот.

- Во соработка со НУ Центар за култура „Григор Прличев“, Градската библиотека „Григор Прличев“ и ОУ „ Григор Прличев“ се одбележа годишнината од **смртта на ловороносецот Григор Прличев, во рамките на традиционалната културна манифестација “Прличеви беседи”.**

Во чест на Прличев, беше организирано и реализирано дводневното чествување.

Со доделувањето на наградата за најдобра поема на лауреатот Зоран Анчески и претставување на поемата „Коњски житија“ на малата сцена во НУЦК „Григор Прличев“ започнаа свеченостите на годинешните „Прличеви беседи“.

На вечното почивалиште на ловороносецот, во дворот на црквата Света Богородица Перивлепта беше одржана панихида во чест на Григор и Кирил Прличеви.

Во спомен- куќата на Григор Прличев беше одржана традиционалната манифестација „Стихови и звуци за Прличев“ на која за вонвременското значење на Прличев беседа одржа проф. Александра Ѓуркова.

На свеченоста беа доделени и пофалниците за првонаградените ученици на литературниот конкурс што традиционално го распишува Основното училиште „Григор Прличев“ во чест на својот Патрон.

Како дел од чествувањата во библиотеката „Григор Прличев“ се одржа и традиционалната „Прличева визита“ на која беше прогласена најдобрата беседа за 2023 година на тема: „Прличев и ние“, а се одржа и промоција на аудио- засписот „Душевните очи на Григор Прличев“ од академик Анте Поповски.

- Во соработка со Завод и музеј од Охрид, п.е на Историскиот архив и основните училишта, со полагање цвеќе пред родната куќа на гемиџијата и свечена програма во спомен- куќата на Христо Узунов,одбележана е 115 **годишнината од смртта на охридскиот гемиџија – Марко Бошњаков.**

- Во НУ Библиотека „Григор Прличев“, во организација на здружението на граѓани „Креативна верига“ , а со поддршна на Општина Охрид, за прв пат беше организирана манифестација на еминентниот поет и писател за деца,охриѓанецот Тоде Илиевски.

  Во негова чест беа доделени наградите од распишаниот конкурс за најдобра необјавена песна за деца.

- На 24.03.2023 година беше промовирана книгата **„Поезијата на Славе Ѓорѓо Димоски во книжевната критика**“ од проф.д-р Димитар Пандев во издание на општина Охрид.
Книгата е издадена во тираж од 300 примероци и во неа на 370 страници се поместени осврти, текстови и други објави од книжевната критика за поезијата, книгите и творештвото на овој истакнат охридски и македонски поети, кои се напишани од страна на врвни писателски имиња од Македонија и странство.

- Маскирани, во супер херои во маски од своите омлени ликови, принцези, самовили, пирати и во сите најпознати цртани ликови, најмладите охриѓранчиња денеска беа главни ѕвезди на Првоаприлскиот хепенинг под маски кој по повод **Меѓународниот ден на шегата** се одржа на градскиот плаоштад „Св. Климент Охридски “.

- Во организација на општина Охрид и Исламската верска заедница – муфтиство од Охрид се одржа традиционалната манифестација **Ифтарска вечер.**

Општина Охрид во соработка со ЈП Градски пазар на 13.04.2023 година го организира традиционалниот Велигденски базар проследен со концер и музичко сценски перформанс на охридските културно – уметнички друштва.
На базарот зедоа учество сите заинтересирани фирми, занаетчии, слаткари, пекари, уметници, производители на охридски и македонски традиционални јадења и дру.
Во забавниот дел од настанот настапија КУД „Ѓердан од бисери“, КУД „Ѓердан“, КУД „Отекс“, КУД „Фаланга“, КУД „Филиграни“, КУД „Илинден“, учесниците на детскиот музички фестивал „ Распеано рибарче“, малите ѕвездички со КА - Двојче, најмладите од детската градинка „Јасна Ристеска“ и учениците од општинските основни и средни училишта.
Велигденскиот концерт и велигденскиот базр беа од хуманитарен карактер а дел од собраните средства од продажба на производите беа донирани онаму каде што е најпотребно, токму во духот на големиот христијански празник Воскресение Христово – Велигден.

- Во организација на Здружението Мултикултурна интернационална организација за фолклорни фестивали – МИОФФ, а со поддршка на општина Охрид се одржа традиционалниот **фолклорен фестивал „ Велигденски фестивалски денови“.** На фестивалот зедоа учество над 200-те у чесници од Македонија, Србија, Грција, Босна и Херцеговина, Бугарија, Турција и др земји.

- Со полагање свежо цвеќе пред спомен- обележјето на илинденците во градскиот парк беше обеежана **годишнината од смртта на охридскиот револуционер Методи Патчев.**

- Со пригодна свеченост, полагање цвеќе и културно – уметничка програма во с. Ливоишта беше одбележана **годишнината од загинувањето на македонскиот бранител Благојче Крстаноски-** првата жртва на вооржените сили во независна Македонија, чесно, пожртвувано извршувајќи ја својата должност во одрбрана на медалот за храброста од претседателите Борис Трајкоски и Ѓорѓе Иванов.

- Со полагање цвеќе беше одбележана годишнината од смртта на војводата, учителот и револуционерот **Христо Узунов.**
  **ООУ „Христо Узунов“** достојно го прослави својот патронен празник а во спомен- куќата на Узунов беше организирана и пргодна свеченост.

- Под покровителство на Општина Охрид на 19-ти мај во НУЦК „Григор Прличев“ се одржа 24-то издание на **традиционалниот детски – музички фестивал Распеано рибарче.**

- Со пригодна културно – уметнчка програма, полагање свежо цвеќе и доделување награди на учениците кои освоиле први места на регионални, државни и меѓународни натпревари се одбележа 24-ти мај – **Денот на сесловенските просветители, светите браќа Кирил и Методиј.**

- Во црквата Св. Софија во чест на сесловенските просветитеУметниците во чест на светите браќа Кирил и Методиј беше одржан настанот Уметниците во чест на светите браќа. Во рамките на овој проект настапија учениције од ОМУ Методи Патче во класата на проф.Даниел Чурскоски и младата охридска пијаниста Викторија Митеска. Исто така во рамки на свеченоста за животот и делото на сесловенските просветители беседешепроф. Д-р Димитар Пандев, а беше отворена изложбата на фотографии **„Охрид во духот на средниот век“** од Славчо Малезанов**.**

- Под покровителство на општина Охрид, во катедралната црква Св. Софија се одржа традиционалниот меѓународен фестивал „**Охридски бисери“.** Фестивалот траеше 10 дена со натпревари од сите видови инструменти.

- Општина Охрид беше вклучена во **реализација на проектот „Мала ноќна музика“** чиј носител беше збратимениот град Крагујевац од Србија.

Покрај Охрид партнери на проектот беа и градовите Бар- Црна Гора и Фоча –Босна И херцеговина.

Како дел од активностите на проектот кој се реализира во период од 2-ри до 5-ти јуни 2023 година во Крагуевац се одржаа работилници за Менаџмент во културата и две концертни вечери на кои настапија младите охридски флејтисти Даниела Петкоска, Светлана Богданоска Ристоски, Моника Стојкоска и Ана Матеска. Целта на проектот беше да се продлабочи пријаелството помеѓу збратимените градови. Проектот беше финансисран од Фондот за Западен Балкан, Општина Охрид,

Општина Крагуевац и музичкиот центар од Охрид и „Културолошка иницијатива 5 до12“.

- Во просториите на општина Охрид во издание на градоначалникот на општина Охрид **беше промовирана збирката поезија„Тие доаѓаат“**создадена од учениците од основните и средните училишта во Охрид во тираж од 200 примероци. Книгата е поделена во два дела и тоа прв дел се песните од учениците од основните и средните училишта, додека вториот е резервиран за учениците од средните училишта. Збирката вкупно брои 55 песни од кои 43 се од основнците а 12 од средните училишта. Промотор на книгата беше Славе Ѓорѓо Димоски, а главен и одговорен уредник Митре Вељаноски.

- Со почетокот на летото и летната сезона во Охрид започна и второто издание на винскиот фестивал **„Ohrid wine festival“.**

Од 22 јуни до 24 јуни на ул.Кеј Македонија, на платото пред хотел Палас три дена во Охрид се дегустирапе убаво македонско вино, надополнето со македонска музика за сите генерации. Покровител на фестивалот е општина Охрид, а истиот е организиран од Крафт продукција**.**

- Со концертот Од колено на колено од маестро Александар Јовески, во организација на Здружението на граѓани Арт пријатели, а под покровителство на општина Охрид се одржа второто издание на **Етно фестивалот во Охрид.**

- На 21 јуни во организација на здружението за култура Арт ви венди а под покровителство на Општина Охрид се одржа проектот **Заборавениот звук во чест на Климе Садило . Со реализација на овој проект Охрид се одолжи на големиот мајстор на виолина, виртоузот Климе Садило.**

- Со почетокот на летото како предвесник на туристичата сезона запозна второто издание на Фестивалот на виното и музиката Ohrid wine festival на кој во период од 22 до 24 јуни охриѓани имаа можност да уживаат во убавото вино и преубавата македонска музика.

- На 01.07.2023 година во кафе бар Босфор во охридската чаршија се одржа промоцијата на книгата „Пловните објекти и веслањето низ историјата на Охридското Езеро и пошироко во Македонија“ од Здравко Тупаре. Книгата беше издадена со финансиска поддршка на Општина Охрид.

- На големата сцена во НУ Центар за култура Григор Прличев, се одржа 62-то издание на **Балканскиот фестивал на народни песни и игри**.

Шеесет и двегодишната културна манифестација, препознаена и призната од УНЕСКО, на која продефилирале над 60 илјади уметници во четирите фестивалски вечери, низ игра и песна ги раширија универзалните вредности на фолклорот и интеркултурното разбирање на различните балкански народи.

На ова шеесет и прво издание на Балканскиот фестивал на народни песни и игри настапија културно – уметничките друштва и ансамбли од Македонија, Србија, Црна Гора, Албанија и Босна и Херцеговина.

- Општина Охрид во рамките на Програмата за култура ја реализира театарската престава за деца **Во домот на Волшебникот.**
  Преставата беше работена наменски и беше посветена за најмладите охриѓанчиња и туристите.
  Со претставата актерите испратија порака Со насилство НЕ, со дружба може Се.
  Во преставата низ комичен, едукативни, педагошки елементи и интеракција на децата актерија ја пренесоа пораката дека само преку искрен и другарски пристап може да се успее во општеството.

- Во Куќата на Уранија со поддршка на општина Охрид беше отворена **изложбата на стари фотографии на Јонче Поп Стефанија** кој на еден убав уметнички начи го долови животот во Охрид во периодот од 1940 до 1945 година. Изложбата ја изработи универзитетскиот професор Роберт Јанкулоски. Фотографиите изработени од негативите на познатиот охридски сликар станаа сведоци на животот на обичниот човек во Охрид пред почетокот на Втората светска војна, исчистени, препакувани, дигитализирани и дигитално реставрирани негативи од фотографската збирка на Поп Стефанија.
- Со настапот на светската оперска дива Ангела Георгиу придружувана од симфонискиот оркестар на Националната опера и балет под диригенската управа на Чипријан Теодорашку на сцената на античкиот театар,се отвори 63-то изда ние на најреномираниот фестивал **Охридско лето.**

- Од 19-ти до 23-ти јули во Охрид се оддржа шестото издание на Фестивалот на нов европски филм **Beach film festival** кој оваа година понуди многу филмски проекции, мастер класови и музички перформанси на четири локации во Охрид и тоа: Плажа Славија, Сараиште, Брод Армада, МЦ Охрид.
  Љубителите на филмот имаа можност да погледнат 8 долгометражни играни филмови, 16 краткометражни, 9 студентски,5 француски и 4 специјални филмски проекции**.**

- Под покровителсто на Општина Охрид, а во организација на Здружението “За Трпејца со љубов”, во период од 20-ри до 28-ти јули, се одржа **дванаесетото издание на културно – забавната манифестација “На зајдисонце во**

**Трпејца**” кое понуди низа содржини со кои го привлече вниманието на гостите и домаќините кои летува во Трпејца.

Во рамките на оваа манифестација која низ годините стана препознатлива како за месното население,така и за граѓаните и туристите.

Во богатата програма на манифестацијата настапија еминентни имиња од културниот и општествениот живот од Охрид и Македонија.

- По налог на Одделението за култра, екипите на ЈП Градски гробишта з ги завршија активностите за **санација на споменикот на писателот А Ден Долард** во холандскиот парк што се наоѓа на кеј Македонија на брегот на Охридското Езеро.
- Во издание на општина Охрид беше промовирана книгата „Охридскиот XIX век“ од авторите проф.д-р Димитар Пандев и Славе Ѓорѓо Димоски во издание на општина Охрид во рамките на програмата на општина Охрид за одбележување на јубилејот 120 години Илинден

  Промотор на книгата беше проф.д-р Лилјана Гушевска.

- Со полагање свежо цвеќе оред спомен – бистите на хероите од двата Илиндена, општина Охрид, достојно го одбележа **2-ти Август – Денот на Републиката.**

  Делегација на Општина Охрид се поклони и положи свежо цвеќе пред спомен – обележјето на илинденците во градскиот парк во Охрид, спомен-обележјето кај Прентов мост и спомен – обележјето во с.Велгошти каде се одржа целовечерен концерт на КУД Филиграни од Велгошти.

- Со пригодна свеченост во Пештани започна културно лето во Пештани – манифестација која ја организира Здружението на граѓани „ Арте Азура“ со поддршка од општина Охрид.

  Неколкудневната манифестација беше збогатена со концерти, ликовни изложби, изложби на ракотворби, работилници.

- На денот на Свети Климент Охридски –летен во Куќата на УРАНИЈА се одржа свеченост на која беше врачена наградата за хуманизам на лауреатот Виктор Фридман.

  На манифестацијата свечени обраќања имаа проф.д-р Никола Јанкуловски, минатогодишниот добитник на светската награда за хуманизам, Далимир Хајко, претседателот на МАНУ академик Љупчо Коцарев,градоначалникот на Охрид, Кирил Пецаков.

Манифестацијата која е од светски карактер се реализира со поддршка на Општина Охрид.

- Во организација на Општина Охрид и МЗ Велгошти и ООУ „Живко Чинго“ се одржа традиционалната културна манифестација **“Вечер на Живко Чинго”**, на која беше доделена наградата за најдобар кус расказ.

  Лауреат на годинешната културната манифестација во чест на Чинго беше проф.Иван Антоновски.

  Извадоци од творештвото на Чинго интерпретираше проф. Валентина Божиновска,. Манифестацијата беше збогатена со културно – уметничка програма вокоја настапија група Везилка и членовите на ТЦ Соната.

- **На 56-та по ред Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик**, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, беа промовирани книгите: Поезијата на Славе Ѓорѓо Димоски во македонската и светската книжевна критика и Книга за светите браќа Климент и Наум Охридски во издание на Општина Охрид.

- Под покровителство на Општина Охрид, а во организација на Здружението на граѓани„Поетска ноќ во Велестово”, се одржа годинешното 35-то Јубилејно издание на **културната манифестација” Поетска ноќ во Велестово”.**

- Под покровителство на општина Охрид, а во организација на Здружението Охридски хор, во период од 26ти до 29ти август се одржа четиринаесетото издание на **Охридскиот хорски фестивал** на кој зедоја учество на над 20 хорови од Македонија и регионот.

- Во месец август под покровтелство на општина Охрид а во организација на Здружението за култура и литература Мацково, по 5-ти пат се одржа **Балканско – детски поетски камп „Поетски искри од огништето на Ванчо Николески“ .**
- Во предворјето на црквата света Софија во Охрид во целосна организација на општина Охрид започна Охридскиот џез фестивал. Во двете фестивалски вечери учество зедоа охридските музичари Ансамбл Билјана, Горан Папазоски, Џон Илија Апелгрин и мн други.
- Под покровителство на Општина Охрид, а во организација на Здружението “За Трпејца со љубов”, од 2 до 6 септември, во Трпејца, се одржа второто издание на **Меѓународната уметничка колонија “Трпејца 2022” г.**

- Со поддршка на Општина Охрид, во предворјето на Св. Софија се одржа **традиционалниот осмосептемвриски концерт на Ансамблот „Билјана“ насловен како Една песна – една приказна.**

- Пред спомен-обележјето т.н Солзата на Роза, лоцирано на пешачката патека кај каналот Студенчишта**, беше одбележана годишнината од потонувањето на бродот Илинден**.
- Со полагање цвеќе пред псомен-обележјето на востаниците беше одбележан јубилејот 110 години од Охридското востание.

- Со полагање цвеќе пред спомен – обележјата во градскиот парк и читање на пораката за мир од генералниот секретар на Обединети нации се одбележа **Меѓународниот ден на мирот.**

- Во организација на НУ Центар за култура „Григор Прличев”, а со поддршка на Општина Охрид, се одржа годинешното 35-то издание на културната манифестација **“Охридски староградски средби”.**

**Финансиски дел од извештајот**

За реализација на програмските содржини на Одделението за култура реализирани во периодот од 01.01 до 30.09.2023 година, од Програмата **К4** потрошени се вкупно

**9.244.837,оо,** од кои :

- **60.000,оо** денари за реализација на верската манифестација „**Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање”.**

- **60.000 , оо** денари се исплатени за реализација на активностите по повод празникот Св. Василиј за одржување на традиционалниот **Василичарски карневал во с. Куратица ;**
- **600.000**,оо денари за одржување на најголемата верска манифестација **„Богојавление – Водици“;**
- **29.194,оо** денари се исплатени за годинешното издание на Прличевите беседи и тоа за откуп на примероци од Автобиографијата на Прличев на брајово писмо и за одржување беседа за Прличев од страна на проф. Александра Ѓуркова.
- **600,**оо денари се исплатени на НУБ Св.Климент Охридски за издавање на ЦИП –запис за публикацијата „Поезијата на Славе Ѓорѓо Димоски во книжевната критика“ од проф.д-р Димитар Пандев во издание на општина Охрид;
- **150.000,оо денари** се исплатени на Здружението на еѓипќани Пирамида Зем за нивните програмски активности за 2023 година.
- **50.403,оо** денари се исплатени на МАА за склучен издавачи договор со авторот на книгата „ Охридски XIX век “, проф.д-Р Димитар Пандев;
- **50.403,оо** денари се исплатени на МАА за склучен изведувачки договор со авторот на книгата „Охридски XIX век“, Славе Ѓорѓо Димоски ;
- **57.870,оо** денари се исплатени на МАА за склучен изведувачки договор со профд-р Димитар Пандев, автор на книгата „Поезијата на Славе Ѓорѓо Димоски во книжевната критика“

| **Предвидена активност согласно програма** | **Степен на реализација со опис** | **Предвиден буџет согласно Програма** | **Потрошени средства** |
|---|---|---|---|
| Плати и придонеси за вработените | Активноста се одвива континуирано | 49.683.606,00<br>Блок дотација | 12.041.215,00 ден. блок дотација (1 квартал)<br>13.153.789,00 (2 квартал) блок дотација<br>14.137.585,00 (3 квартал) блок дотација |
| Режиски трошоци | Активноста се реализира континуирано | 12.548.960,00<br>блок дотација, сопствен буџет градинка и буџет на општина Охрид | 979.910,00 ден. блок дотација (1 квартал)<br>934.705,00 (2 квартал) блок дотација<br>359.839,00 ден. блок дотација (3 квартал) |
| Прехрамбени продукти | Активноста се одвива континуирано согласно потребите | 12.000.000,00<br>Сопствен буџет | 2.237.660,00ден. сопствени средства (1 квартал)<br>3.337.309,00 (2 квартал) сопствени средства<br>2.260.280,00 ден. сопствени средства (3 квартал) |
| Дополнителен кадар ангажиран во градинката | Активноста се спроведува континуирано | 8.006.734,00<br>Блок дотација<br>Буџет на општина Охрид | 671.917,00 ден. блок дотација и 1.798.230,00 ден. општински средства (1 квартал)<br>13.263,00 ден. блок |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | дотација и 1.885.244,00 ден. општински средства (2 квартал)<br><br>274.634,00 ден. блок дотација и 1.816.526,00 ден. општински средства (3 квартал) |
| Тековно одржување на објектите и опремата | Активноста се спроведува континуирано | 1.205.000,00<br><br>сопствен буџет градинка | 332.328,00 ден. сопствени средства (1 квартал)<br><br>95.630,00 ден. сопствени средства (2 квартал)<br><br>143.007,00 ден. сопствени средства (3 квартал) |
| Средства за хигиена | Активноста се спроведува континуирано | 1.200.000,00<br><br>Сопствен буџет градинка | 144.642,00 ден. сопствени средства (1 квартал)<br><br>203.103,00 ден. сопствени средства (2 квартал)<br><br>184.423,00 ден. сопствени средства (3 квартал) |
| Осигурување на објектите | Активноста се спроведува континуирано | 75.000,00<br><br>Сопствен буџет градинка | 9.440,00 ден. сопствени средства (1 квартал)<br><br>14.160,00 ден. сопствени средства (2 квартал)<br><br>14.160,00 ден. сопствени средства (3 квартал) |
| Санитарни и систематски прегледи на вработените во | Активноста се спроведува | 210.000,00<br>Сопствен буџет | 100.000,00 ден. сопствени средства ( 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| градинката | континуирано | градинка | квартал) |
| Материјали и ситен инвентар | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 605.000,00<br><br>Сопствен буџет на градинката | 192.536,00 ден. сопствени средства (1 квартал)<br><br>126.681,00 ден. сопствени средства (2 квартал)<br><br>314.550,00 ден. сопствени средства (3 квартал) |
| Канцелариски материјали,списанија,весници | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 355.000,00<br><br>Сопствен буџет на градинката | 50.230,00 ден. сопствени средства (1 квартал)<br><br>85.721,00 ден. сопствени средства (2 квартал)<br><br>36.284,00 ден. сопствени средства (3 квартал) |
| Униформи и обувки | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 600.000,00<br><br>Сопствен буџет на градинката | 0<br><br>(1,2,3 квартал) |
| Договорни услуги | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 350.000,00<br><br>Сопствен буџет на градинката | 43.762,00 ден. сопствени средства (1 квартал)<br><br>52.933,00 ден. сопствени средства (3 квартал) |
| Дератизација, дезинфекција, дезинсекција | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 88.000,00<br><br>Сопствен буџет на градинката | 0<br><br>43.885,00 сопствени средства(2 квартал)<br><br>0 (3 квартал) |
| Закупнина за просториите од училиштата кои ги користи детската градинка | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 378.000,00<br><br>Сопствен буџет на градинката | 72.000,00 ден. сопствени средства (1 квартал)<br><br>108.000,00 ден. сопствени средства (3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | квартал) |
| Исплата на средства по основ отпремнини и солидарна помош | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 288.000,00<br><br>Блок дотација | 96.022,00ден. блок дотација (1 квартал)<br><br>60.000,00ден. блок дотација (2 квартал)<br><br>0 (3 квартал) |
| Семинари,огласи и др.оперативни расходи | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 292.000,00<br><br>Сопствен буџет на градинката | 63.648,00ден. сопствени средства (1 квартал)<br><br>54.104,00ден. сопствени средства (2 квартал)<br><br>84.020,00ден. сопствени средства (3 квартал) |
| Патни расходи | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 15.000,00<br><br>Сопствен буџет на градинката | 0<br><br>(1,2, 3 квартал) |
| **Вкупно:** | | **87.900.300,00** | **18.733.540,00 (1 квартал)**<br><br>**19.963.709,00 (2 квартал)**<br><br>**19.886.241,00 (3 квартал)** |

**66,65% финансиски реализирано од планирано**

**Број 08-17168/37**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА ЗАШТИТА 2023-2025 (ВА) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на детската заштита 2023-2025 (ВА) за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/138** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА ЗАШТИТА 2023-2025 (ВА) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на развојната програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на детската заштита 2023-2025 (ВА) за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/38** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА ЗАШТИТА 2023-2025 (ВА)**

**01.07.2023 - 30.09.2023**

Активностите на Општина Охрид кои се предвидени во Развојната програма за капитални инвестиции на општина Охрид во областа на детската заштита 2023 – 2025 година (ВА Програма) ќе бидат насочени кон реализација на капитални инвестиции во објектите на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ – Охрид („Централна“, „Развигорче“, „Лихнида“, „Росица“ и „Билјана“) и групите формирани во други просторни услови во ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец, ООУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани, ООУ „Живко Чинго“ с.Велгошти и ООУ „Кочо Рацин“, на територијата на општина Охрид. Современите технолошки достигнувања налагаат воведување нови напредни техники во воспитување и згрижување на децата, за што битен предуслов е создавање на соодветни просторни услови за реализација на истите. Создавањето на услови за подобар воспитно-образовен процес претставува предизвик на Општина Охрид.

Исполнувањето на активностите предвидени во оваа Програма треба да овозможи современи услови за згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст, пријатни услови за децата и воспитувачите кои поголемиот дел од денот го поминуваат во градинката. Активностите предвидени во оваа програма ќе се финансираат од МТСП преку блок дотација, од Буџетот на општина Охрид, од сопствени приходи на градинката и од донации.

Предмет на овој извештај се активностите реализирани во изминатото тримесечие а согласно програмата предвидени за реализација во 2023 година

**Реализирани активности (01.07 - 30.09.2023)**

| **Предвидена активност согласно програма** | **Степен на реализација со опис** | **Предвиден буџет согласно Програма** | **Потрошени средства** |
|---|---|---|---|
| Реконструкција на тоалети и трпезарии и набавка на маси и столчиња за трпезарии и набавка на шкафчиња за објекти Росица и Лихнида | Изработен е проект со комплетна документација и аплицирано е до Центарот за развој на југозападен плански регион. Апликацијата е одобрена | 7.100.000,00<br>Домашен донатор | 0 |
| Набавка на аспиратор за кујната објект: Централна | Аспираторот е набавен и монтиран | 400.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 400.000,00 ден (3 квартал) |
| Промена на електричната инсталација | Активноста е реализирана | 1.000.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 999.891,00 ден општински средства(3 квартал) |
| Реконструкција на кујна објект – Централна | Градежните работи се завршени. Се работи на завршните извештаи од надзор и останата пропратна | 1.500.000,00<br>Сопствени средства | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | документација за да може да се исплати | | |
| Набавка на кујнска опрема,машини за перење и клима уреди ЈОУДГ „Јасна Ристеска’’ | Набавени се дел кујнска опрема и клима уреди согласно потребите на градинката | 1.018.500,00<br>Сопствени средства | 0 |
| Набавка на училишен и друг мебел ЈОУДГ „Јасна Ристеска’’ | Проценка на градинката е дека моментално нема потреба од овие набавки.дополнително со реализацијата на проектот добиен преку Центарот за развој на југозападен плански регион значаен дел од оваа активност влегува таму. Оваа ставка ќе биде предмет на ребаланс | 2.000.000,00<br>Сопствени средства | 0 |
| **Вкупно:** | | **5.918.500,00** | 1.399.891,00 |

**23,65% реализирано од планирано**

**Број 08-17168/39** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на годишната програма за здравствена и социјална заштита за 2023 година за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/139** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на годишната програма за здравствена и социјална заштита за 2023 година за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/40** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА (Т1)**
**01.07.2023 - 30.09.2023**

Здравствената и социјалната заштита играат клучна улога во јакнењето на заедницата, како и поддршка на сите засегнати страни со цел подобар и поквалитетен живот на сите засегнати лица кои живеат на територијата на општина Охрид. Основните цели на Програмата за здравствена и социјална заштита за 2023 година генерално се насочени кон:

- Обезбедување активен однос на Општина Охрид кон утврдување и задоволување на потребите и интересите во областа на здр.и социјалната заштита и

- Изнаоѓање форми за утврување на фактичката состојба, предизвиците и можностите на локално ниво.

За таа цел активностите на општина Охрид во областа на здр.и социјална заштита во 2023 година се насочени кон поддржување и помагање при остварувањето на целите на оваа Програма и употреба на сите неопходни мерки, средства и механизми кои се потребни за реализирање на активностите и проектите за 2023 година.

**Реализирани активности (01.07 - 30.09.2023)**

| **Предвидена активност согласно програма** | **Степен на реализација со опис** | **Предвиден буџет согласно Програма** | **Потрошени средства** |
|---|---|---|---|
| Општинско корисна работа - „Од граѓаните за заедницата од заедницата за граѓаните”- Отворени можности за еднакво образование за сите деца.<br>Ангажирани 10 образовни асистенти во средните училишта | Со почетокот на новата учебна година општина Охрид поднесе апликација и повторно доби проект за реализација на оваа активност заедно со УНДП. За таа цел во рамки на средните училишта во општина Охрид се ангажирани 10 образовни асистенти кои работат со ученици со потешкотии во развојот. | 696.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид и средства на УНДП | 567.600,00 (1 квартал)<br><br>128.400,00 (2 квартал)<br><br>0 (3 квартал) |
| Субвенционирање на трошоци за комунални услуги | Објавен е јавниот повик и извршена е евалуација на пристигнатите барања. Градоначалникот донесе решенија за субвенционирање на трошоци за комунални услуги, завршена е комплетната процедура | 2.100.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 146.235,00 (исплатени се ф-ри од минатата година)<br><br>334.046,00 (2 квартал)<br><br>1.124.030,00 (3 квартал) |
| ЗГ „Зраци„ – Охрид<br><br>„Поддршка на дневен центар на лица со интелектуална попреченост„ | Проектот е во тек. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | 700.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 200.000,00 (1 квартал)<br><br>200.000,00 (2 квартал)<br><br>200.000,00 (3 квартал) |
| ЗГ „Добротољубие 2014„<br>Дневен центар за згрижување на лица со попречености во рамки на црквата „Св. Ѓоргија„ Охрид | Проектот е завршен. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | 120.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 60.000,00 (1 квартал)<br><br>60.000,00 (2 квартал) |
| ЗГ Ретко е да си редок „Реткоста инспирира„ „Подигање на јавната | Се спроведуваше врз основа на јавниот повик за пројавување на | 150.000,00<br><br>Буџет на општина | 150.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| свест за постоење на ретките болести и предизвиците со кои се соочуваат пациентите со ретки заболувања„ | интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита. Проектот е завршен и е доставен финален извештај | Охрид | |
| Владо Горичан дипл. Физио и ерготерапевт Набавка на специјални тренинг комбинизони (Eurosuit) | Проектот е реализиран. | 172.200,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 172.200,00 |
| Здружение на слепи лица Охрид „ Активности на слепите лица на полето на спортот, културата и рекреацијата„ | Проектот е завршен. | 50.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 0<br><br>50.000,00 (2 квартал) |
| ЗГ на „Глуви и наглуви лица„ „Социјализација на Глувите лица Охрид во локалната самоуправа за 2023 година„ Обука за знаковен јазик и останати активности на здружението | Проектот е реализиран. | 40.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 40.000 денари (3 квартал) |
| ОО Црвен крст Охрид „И менталното здравје е важно!„ | Проектот е во тек. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | 100.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 50.000,00 (1 квартал) |
| Здружение на граѓани за еднаква застапеност на лица со посебни потреби во медиумите „СОС Балкан медиа„ Охрид „И ние можеме„ | Се спроведуваше врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита. Проектот е завршен и е доставен финален извештај | 240.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 240.000,00 |
| ЗГ „В.О.П.С. Поддршка„ Охрид „Активности за ставање во функција на инклузивната игротека„ во рамки на просторот кој е доделен во Старата касарна во општина | Проектот е во тек. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на | 160.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 80.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Охрид | социјалната заштита | | |
| ЗГ „Инклузија„ (заедно со ТВМ Охрид) „Информација за секого без предрасуди„ Вести за глуви и наглуви лица | Проектот е во тек. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | 100.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 50.000,00 |
| Финансиска поддршка за центар кој згрижува и третира деца со атипичен развој. Мерката е наменета за деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства | За реализација на оваа активност беше објавен јавен повик за финансиска поддршка на граѓанска организација која работи на територијата на општина Охрид и координира Центар кој згрижува и третира деца со атипичен развој и аутистичен спектар. Средствата треба да се наменети исклучиво за поддршка на семејства од социјален ризик и теба да овозможуваат намалување на трошоците на овие семејства кон Центарот. Согласно јавниот повик беше избрано Здружение за поддршка и третман на лица со аутистичен спектар и атипичен развој | 432.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 432.000,00 |
| Образовен додаток за студенти | Активноста ќе се спроведува во текот на месец октомври | 400.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 0 |
| Стипендирање на редовни ученици, студенти, магистранти и докторанти на државни и приватни училишта и универзитети на лица со ретки болести и посебни потреби | Беше објавен конкурс за доделување на стипендии. Стручна комисија го разгледа пристигнатите пријави и му предложи а Градоначалникот да склучи договори со избраните лица. Активноста е комплетно | 828.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 460.000,00 ( 1 квартал)<br><br>368.000,00 (2 квартал) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | реализирана | | |
| Еднократна финансиска поддршка за „згрижувачки семејства„ (финансиската поддршка се дава по згрижено дете и изнесува 10.000,00 денари) | За првпат оваа година доделена е финансиска поддршка на згрижувачки семејства од општина Охрид во знак на поддршка на овој процес. | 110.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 90.000,00 |
| Набавка на социјални пакети | Активноста се одвива контиунуирано согласно потребите | 50.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 0 |
| Доделување на еднократна парична помош на семејства со дете со тешка попреченост во училишна возраст кое не е примател на стипендија или друга помош од општина Охрид | За првпат оваа година доделена е еднократна парична помош на семејства со дете со тешка попреченост во училишна возраст. На 6 семејства од општина Охрид им се доделени по 15.000 денари | 90.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 90.000,00 |
| ЗГ „Тајните на моето срце„ Охрид „Социјализација и инклузија на деца со ПОП | Проектот е во тек. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | 150.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 75.000,00 |
| Извршување | | | 1.000.181,00 |
| **Вкупно:** | | **6.688.200,00** | **2.862.235,00 (1 квартал)**<br>**1.141.046,00 (2 квартал)**<br>**1.364.030,00+1.000.181,00**<br>**(извршување) (3 квартал)** |

**80% финансиски реализирано од планирано – реална реализација**

**95,20 % реализација заедно со извршување**

**Број 08-17168/41** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за активностите на општина Охрид од областа на заштитата и спасувањето за 2023 година за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/140**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Охрид од областа на заштитата и спасување за 2023 година за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/42**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

Согласно Програмата за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштита и спасување за 2023 година бр.08-17370/22 од 22.12.2022 година, усвоена од страна на Советот на Општина Охрид, покрај секојдневните тековни работни задачи од областа на заштита и спасување (следење и примена на законските и подзаконските акти од областа на заштита и спасување, управувањето со кризи и одбраната, спроведување на мерки заради заштита и спасување на луѓе и добра од природни непогоди, координирање на активности во спроведување на мерките за заштита и спас ување, ажурирање на проценката на загрозеност, ризици и опасности и ажурирање на планот за заштита и спасување од природни непогоди и др.несреќи, подготовка на просторните сили за заштита и спасување и др.активности), континуирана соработка со надлежните органи: Центар за управување со кризи, Дирекција за заштита и спасување, подрачните одделенија на сите ресорни министерства, Црвен крст и сите јавни претпријатија на подрачјето на општина Охрид, Одделението за административно-техничка поддршка при Секторот за општи работи во периодот од 01.07.2023–30.09.2023 година, ги реализира следните позначајни активности:

-Согласно Програмата за заштита и спасување на општина Охрид за 2023 година во периодот јули-септември 2023 година, завршена е тендерската постапка за чистење оџаци, канали и огништа-котли за парно греење и на 20.09.2023 година е склучен Договор со ДООЕЛ„ Шики” Битола (09-13995/1 од 20.09.2023 година) и на 27.09.2023 година е издадено е Одбрение за извршување на услугите.

-Согласно Програмата за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштита и спасување за 2023 година, врз основа на потребите на граѓаните и на општина Охрид е ангажирана Планинската спасителна служба на Црвен крст-Охрид како специјализирана единица за планинско спасување и заштита и спасување на вода во рамки на Просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид.

Во периодот 01.07.2023–30.09.2023 година Планинската спасителна служба на Црвен крст-Охрид ги реализираше следните позначајни активности:

- Во текот на месец јули Планинската Спасителна Служба при Црвен крст Охрид ја продолжи соработката со Армискиот ВИНГ која беше воспоставена во 2021 година. Започнатите подготвителни активности во текот на месец мај резултираа со организација на заедничка вежба на 06.07.2023. На истата беа увежбувани процедури и техники за спасување на повреден со асистенција на хеликоптер. На 05.07.2023 беше организиран Отворен ден на кој пред јавноста и децата од предучилишна возраст беа презентирани заедничките капацитети.

- На 07.07.2023, во 17.30 од домарите во планинската куќа Спиридон□на Галичица, ПСС добила пријава за исчезнато лице од Албанија кое околу 19.50часот е најдено на регионалниот пат за Ресен.

- На 09.07.2023 Планинската Спасителна Служба со еден тим, стеционирран во планинската куќа Спиридон□на Галичица, го обезбедуваше велосипедскиот настан “Тур де Галичица“.

- На 18.07.2023 година ПСС прими повик за асистенција при извлекување на возило на австриски државјани кај Суво Поле на планината Галичица, при што успешно интервенираше еден тим составен од двајца членови.

- На 23.07.2023 година, во 16.20 часот ПСС прими повик за повреден американски државјанин на Галичица. Интервенираше тим со двајца членови, а по пристапувањето до местото, на повредениот му беше имобилизиран зглобот и безбедно беше спуштен до планинарскиот дом Спиридон.

- На 02.08.2023 година, во 15.15 часот ПСС прими повик за повреден параглајдерист на Галичица, под врвот Лако Сигној. Интервенираше тим од пет члена. Во меѓувреме беше обезбеден хеликоптер на Министерството за внатрешни работи кој по имобилизацијата од страна на тимот за спасување, повредениот го пренесе на скопските клиники.

- На 20.08.2023 година, Центарот на Планинската Спасителна Служба беше домаќин на средба со министерот за локална самоуправа Ристо Пенов. На средбата беа презентирани капацитетите со кои располага Службата и нејзините активности. Воедно, се разговараше и за состојбите со планинското спасување во државата и потребата од системско решение во оваа сфера.

- На 05.09.2023 година, инструкторите на Планинската Спасителна Служба одржаа обука за припадниците на Противпожарната единица од Охрид. Обуката се одржа во тренинг центарот на ПСС. На истиот беа презентирани техники за користење на техничка опрема за лична безбедност во непристапен терен, односно вертикала. Воедно беа обновени знаењата за основните техники за користење лична опрема во нетехнички, пристапен терен.

- На 05.08.2023 година, ПСС прими повик од полиција за сообраќајна несреќа на патниот правец Охрид-Ресен, каде пристапи еден од членовите на ПСС кој се најде во непосредна близина до местото, при што беше заклучено дека нема потреба од дополнителна интервенција, бидејќи возачот беше неповреден.

- На 23.09.2023 година, ПСС прими повик од Брза помош за починато лице кое сечело дрва кај Прентов Мост. Заради стрмниот терен беше побарана интервенција од ПСС страна, при што беше интервенирано со четиричлена екипа. По пристигнувањето, брзата помош констатирала смрт, беа направени фотографии од крим-техника, по што починатиот беше спуштен, транспортиран и предаден на надлежните служби.

- Покрај интервенциите во кои се загрозени човечки животи, ПСС во овој период, во два одвоени наврати, асистираше и при транспорт на инвалидизирано лице и спасување на заглавена мачка на дрво.

- Во периодот јули-септември беа спроведени редовни тренинзи за припадниците на ПСС и беа извршени редовни и вонредни сервисирања на возилата.

## Финансиски дел од извештајот

За реализација на програмските содржини од областа на заштита и спасување на Одделението за административно-техничка поддршка при Секторот за општи работи, реализирани во периодот од 01.07.2023 година до 30.09.2023 година, од Програмата $Q_O$,

потрошени се вкупно 324.000,оо денари за ангажирање на Планинската спасителна служба, од кои:

- **55.005,00 денари за одржување на зграда на ПСС;**
- **7.084,00 денари за електрична енергија за потребите на ПСС;**
- **15.455,00 денари за телекомуникациски услуги извршени од страна на ПСС;**
- **43.757,00 денари за одржување, сервис и регистрација на возила на ПСС;**
- **78.251,00 денари за гориво за потребите на ПСС;**
- **2.491,00 денари за банкарски провизии на ПСС;**
- **270.000,00 денари за хонорари и надоместоци за ангажман на стручна служба во оперативен центар;**
- **102.231,00 денари за учество на двајца претставници од ПСС на годишен конгрес на Меѓународната Комисија за Алпско Спасување во Јужен Тирол.**

**Забелешка: За потребите на ПСС во ова тримесечје потрешени се 250.274,00 денари повеќе од префрлените средства за овој период.**

*Процентот на реализација на* Програмата за заштита и спасување на општина Охрид, Програма Qо, *за период од 01.07.2023 година до 30.09.2023 година е 16.023 % (проценти).*

**Број 08-17168/43** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023 година за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/141** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023 година за периодот од 01.07. до 30.09.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/44** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

Согласно Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023 година бр.08-16213/77 од 28.11.2022 година, усвоена од страна на Советот на Општина Охрид, се извршуваат тековни работни задачи од областа на безбедност и здравје при работа и спроведување на активности и мерки за чување и унапредување на здравјето и безбедноста на вработените во општина Охрид, вклучувајќи заштита од професионални ризици, унапредување на условите за работа, прилагодување на работниот процес кон способноста на вработените, при што работната средина и средствата за работа мора да бидат безбедни и безопасни по здравјето, замајќи ја во предвид природата на работата. Сите активности од областа на безбедност и здравје при работа се превземаат со цел да овозможи безбедна средина и здравје при работа на вработените во општина Охрид, подобрување на мерките за безбедност и здравје при работа, процена на секој вид на ризик за сите работни места, безбедносни мерки за контрола на ризици и елиминирање на штетни последици, превентивни мерки за намалување на повреди на работно место, позитивна работна култура, подобро здравје на работа и подобар квалитет на живот на вработените во општина Охрид.

Одделението за административно-техничка поддршка при Секторот за општи работи на општина Охрид, во периодот од 01.07.2023–30.09.2023 година согласно Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023 година, ги реализира следните активности:

- Согласно Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023 година во горенаведениот период, завршена е тендерска постапка за Купување, сервисирање и обуки за ПП опрема за потребите на општина Охрид ТППЕ при што на 07.07.2023 година се за Дел 1 Купување на противпожарна опрема-ТППЕ и општина Охрид е склучен договор со АРМОР ПЛУС ДОО увоз-извоз-Скопје бр.09-10914/1 од 07.07.2023 година, а за Дел 2 Сервисирање и испитување на ППопрема и обуки за вработени-ТППЕ и општина Охрид е склучен договор со ТЕХНИЧКИ ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА ДОО Неготино бр.09-10906/1 од 07.07.2023 година.
- Согласно Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023 година на 04.08.2023 година за потребите на општина Охрид е извршена набавка на ПП апарати за службени возила (7 ПП апарати S-2 и 1 ПП апарат S-6);
- Согласно Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023 година на 30.08.2023 година за потребите на општина Охрид е извршено сервисирање и контролен преглед на ПП апарати (17 ПП апарати S-9 и 2 ПП апарат S-50, 4 ПП апарати CO2-5л) и испитување на 6 хидранти и 6 хидрантски црева;
- Согласно Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023 година на 23.08.2023 година за потребите на општина Охрид е извршен технички преглед и испитување на патнички лифт и хидраулична платформа за превоз на патници;

## Финансиски дел од извештајот

За реализација на програмските содржини на Одделението за административно-техничка поддршка, за периодот 01.07.2023–30.09.2023 година, од Програма Е0 за:

- набавка на ПП апарати за службени возила, потрошени се средства во износ од 13.216,00 ден. (Фактура бр. 2300000711 од 01.08.2023 со архивски број 05-1/1476 од 03.08.2023 година);
- сервисирање и контролен преглед на ПП апарати и испитување на хидранти и хидрантски црева потрошени се средства во износ од 33,00 денари (фактура бр. 2104/2023 од 18.09.2023 со архивски број 05-1/1861 од 06.10.2023 година);
- технички преглед и испитување на патнички лифт и хидраулична платформа за превоз на патници потрошени се средства во износ од 14.160,00 денари (фактура бр. 2222/2023 од 03.10.2023 со архивски број 05-1/1860 од 06.10.2023 година).

Вкупно потрошени средства од Програма Е0 за периодот 01.07.2023–30.09.2023 година е 27.409,00 денари.

Процентот на реализација на Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023 година, Програма ЕО, за период 01.07.2023 година до 30.09.2023 година е 6.06 % (проценти).

**Број 08-17168/45** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.09.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/142** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.09.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/46** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р**

.

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 – 30.09.2023 ГОДИНА**

Советот на општина Охрид на ден 22.12.2022 година донесе Програма за работа на Советот на општина Охрид за 2023 година. Во Програмата за работа, активностите на Совеот на општина Охрид за 2023 година се планирани во четири тромесечија и тоа:

**ПРВО ТРОМЕСЕЧИЕ** (јануари, февруари и март)

**ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ** (април, мај и јуни)

**ТРЕТО ТОМЕСЕЧИЕ** (јули, август и септември)

**ЧЕТВРТТО ТОРМЕСЕЧИЕ** (октомври,ноември и декември)

Во првото тромесечие беа одржани:

**ДВАЕСЕТ И ВТОРАТА СЕДНИЦА** се одржа на ден 30.01.2023 година. За работа на оваа седница беа предложени 37 точки на дневен ред. Беа додадени 3 точки на дневен ред.

Советот усвои 38 Одлуки и 1 Програма.

Комисија за урбанизам – беа предложени 21 точки, беа усвоени 20.

Комисија за финансии и буџет – беа предложени 14 точки, беа усвоени 10.

Комисија за општествени дејности – немаше кворум не се одржа.

Комисија за јавни и комунални дејности – Беа предложени 7 точки, сите беа усвоени.

Комисија за млади и спорт – немаше кворум не се одржа

**ДВАЕСЕТ И ТРЕТАТА СЕДНИЦА (вонредна)** се одржа на ден 07.02.32023. За работа на оваа седница беше предложена 1 точка. Истата беше усвоена.

**ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТАТТА СЕДНИЦА** се одржа на ден 21.02.2023 година. За работа на оваа седница беа предложени 25 точки. Советот усвои 24 Одлуки, и 1 Програма.

Комиисија за јавни и комунални дејности – беше предложена 1 точка. Истата еше усвоена.

Комиисја за урбанизам – беа предложени 12 точки и сите усвоени

Комисија за финансии и буџет – беа предложени 6 точки. Од нив беа усвоени 4 Одлуки.

Комисија за општествени дејности – беа предложении усвоени 7 точки.

Комисија за верификација, избори и именувања – беше предложена и усвоена 1 точка.

**ДВАЕСЕТ И ПЕТТАТА СЕДНИЦА -** се одржа на ден 14.03.2023 година. За работа на оваа седница беа предложени 91 точка, беа додадени 3. Советот усвои 93 Одлуки.

Комисија за верификација, избори и именувања – не се одржа.

Комисија за млади и спорт – беа предложени и усвоени 2 точки.

Комисија за туризам и ЛЕР – не се одржа.

Комисија за финансии и буџет – беа предложени 56 точки а беа усвоени 39 точки.

Комисија за заштита на животната средина – не се одржа

Комисија за општествени дејности – не се одржа.

**ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ** (април, мај и јуни)

Во второто тромесечие се одржаа три седници на Совет – 26-та, 27-та и 28-та седница.

**ДВАЕСЕТ И ШЕСТА СЕДНИЦА** се одржа на 11.04.2023 година.

За работа на оваа седница беа предложени 32 точки на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со 6 точки. Во текот на седницата, една точка беше повлечена од дневен ред. Советот усвои 37 Одлуки.

**Комисија за верификација** – Беше предложена и усвоена 1 Предлог одлука.

**Комисија за јавни и комунални дејности** - Предложени беа 6 точки на дневен ред. Членовите на комисијата усвоија 4 Предлог Одлуки, а 2 предлог одлуки не се разгледуваа, бидејќи немаше претставник.

**Комисија за општествени дејности** – седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум..

**Комисија за финансии и буџет** - седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум..

**Комисија за урбанизам** - седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**ДВАЕСЕТ И СЕДМА СЕДНИЦА се одржа на 26.05.2023 година.**

**За работа на оваа седница беа предложени 66 точки.**

**Советот усвои 63 Одлуки, 2 Заклучоци и 1 Програма.**

**Комисија за јавни и комунални дејности** - Беа предложени 16 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 15 точки, а една не се разгледуваше,бидејќи немаше претставник.

Комисија за туризам и ЛЕР – не се одржа.

Комисија за заштита на животната средина – не се одржа

Комисија за млади и спорт – немаше кворум не се одржа

**Комисија за урбанизам** - седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум..

**Комисија за финансии и буџет** - седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум

**Комисија за општествени дејности** – седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**ДВАЕСЕТ И ОСМА СЕДНИЦА се одржа на 08.06.2023 година**

**За работа на оваа седница беа предложени 66 точки**

Дневниот ред беше дополнет со 1 точка.

**Советот усвои 14 Програми и 3 Одлуки.**

Комисија за заштита на животната средина – седница на комисијата не се одржа

Комисија за млади и спорт – беше предложена 1 точка и истата се усвои.

**Комисија за туризам и ЛЕР** – седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум..

**Комисија за финансии и буџет - Беа предложени 16 точки на дневен ред. Членовите на комисијата усвоија 6 точки, 8 точки не беа усвоени, а 2 не се разгледуваа бидејќи немаше претставник.**

**Комисија за урбанизам - Беше предложена 1 Предлог Програма и истата беше усвоена.**

**Комисија за општествени дејности – Беа предложени 5 точки и сите беа усвоени.**

**ТРЕТО ТОМЕСЕЧИЕ**

**ДВАЕСЕТ И ДЕВЕТТА СЕДНИЦА се одржа на ден 28.07.2023 година. За работа на оваа седница беа предложени 39 точки**

**Дневниот ред беше дополнет со 2 точки.**

**Советот усвои 40 Одлуки,а една Предлог одлука не беше усвоена.**

**Комисија за верификација, избори и именувања** – беа предложени и усвоени 2 точки.

**Комисија за еднакви можности меѓу мажите и жените -** Бидејќи немаше кворум за работа седницата не се одржа.

**Комисија за јавни и комунални дејности – Беа предложени 9 точки на дневен ред. Членовите на комисијата усвоија 7 Предлог Одлуки, а 2 Предлог одлуки не се разгледуваа бидејќи немаше претставник.**

**Комисија за општествени дејности – Беа предложени 12 точки на дневен ред и сите беа усвоени од членовите на комисијата.**

**Комисија за урбанизам - Беа предложени 15 точки на дневен ред и сите беа усвоени од членовите на комисијата.**

**ТРИЕСЕТТА СЕДНИЦА се одржа на ден 28.07.2023 година. За работа на оваа седница беше предложена една точка на дневен ред – Советнички прашања.**

**ТРИЕСЕТ И ПРВА СЕДНИЦА се одржа на ден 29.08.2023 година. За работа на оваа седница беа предложени 88 точки. Советот усвои 88 Одлуки.**

**Комисија за заштита на животна средина – Беа предложени 2 точки на дневен ред.** Седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум..

**Комисија за јавни и комунални дејности –** Бидејќи немаше кворум за работа седницата не се одржа.

**Комисија за општествени дејности – Беа предложени 50 точки и сите беа усвоени.**

**Комисија за урбанизам - С**едница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум..

**Комисија за млади и спорт** – Беа предложени 2 точки и истите беа усвоени.

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 54 точки на дневен ред.. Седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум

**Комисија за туризам и ЛЕР –** Беа предложени 2 точки, но бидејќи немаше кворум, седница на комисија не се одржа.

**ТРИЕСЕТ И ВТОРА СЕДНИЦА се одржа на ден 11.09.2023 година. За работа на оваа седница беа предложени 14 точки – 13 Предлог Програми и 1 Предлог Одлука. Советот усвои 13 Програми и 1 Одлука.**

**Комисија за заштита на животна средина – Беше предложена 1 точка на дневен ред и истата беше усвоена.**

**Комисија за јавни и комунални дејности - Беа предложени 9 точки на дневен ред, но седница не се одржа.**

**Комисија за млади и спорт** – Ба предложени 2 точки на дневен ред. **Бидејќи немаше кворум, седница на комисијата за млади и спорт не се одржа.**

**Комисија за општествени дејности – Беа предложени 3 точки на дневен ред и истите беа усвоени.**

**Комисија за финансии и буџет–** Беа предложени 14 точки, но бидејќи немаше кворум, седница на комисија не се одржа

**Комисија за туризам и ЛЕР –** Беа предложени 2 точки, но бидејќи немаше кворум, седница на комисија не се одржа.

**И З В Е Ш Т А Ј**
**За реализираните расходи од Буџетот на Општина Охрид, програма А0- Совет на Општина Охрид за период 01.01-30.09.2023 година**

Согласно востановената пракса за транспарентност во трошењето на буџетот, во продолжение даваме приказ на позначајните зафаќања- трошоци во овој квартал за програмата Совет во која се предвидени средства за нормално функционирање на оваа институција. Во рамките на Буџетот на општина Охрид за 2023 година за програмата А0 - Совет на Општина Охрид, одобрени се средства во висина од 37.174.000,оо денари. Реализираните расходи во висина од 34.118.677,оо денари се распределени по потставки во зависност од утврдената намена. Позначајните зафаќања и исплати во овој квартал се образложени подолу во текстот, како што следува:
Од вкупно реализираните расходи, за третиот квартал од 2023 година, за плати и надоместоци за советници исплатени се 4.876.773,оо денари.

За наведениот период од контото тековна резерва по налози за извршување повлечени се средства на износ од 200.000,оо денари додоека од контото постојана резерва исплатени се средства на износ од 184.000,оо ден. од кои 84.000,оо ден.се исплатени согласно заклучок на комисија за помош за настаната штета од пожар а износ од 100.000,оо ден. се повлечени по основ судски извршни решенија. За наведениот квартал во делот за членарини во странски организации исплатени се вкупно 55.803,оо денари кон Организација за светско културно наследство членарина за 2023 година и 714.280,оо ден. членарина кон домашни организации- Зелс.

Од програмата Совет како директна финансиска помош согласно барањата на јавните претпијатие и Одлука на советот бр.08-2014/7 од 21.02.2023 год. и Одлука бр.08-3254/4 од 14.03.2023 год. за субвенционирање на дел од трошоците на ЈП- Охрид од контото субвенции за јавни комунални претпријатија трансфериран е износ на 19.500.000,оо ден. од кои ЈП „Водовод“ 3.000.000,оо ден. и 1.700.000,оо ден. субвеници за ЈП „Градски Пазар“ како и 300.000,оо ден. за ЈП „Градски Пазар“ износ од 700.000,оо ден. ЈП „Нискоградба“ 1.000.000,оо ден. ЈП „Охридски Комуналец“ износ од 1.000.000,оо ден. и 300.000,оо ден. за ЈП „Градски Гробишта“.

По основ трансфери до здруженија на граѓани и фондации во наведениот период исплатени се 901.500,оо ден. а за истиот период исплатени се и 800.000,оо денари кон хуманитарни организации.

Посебна категорија на која Општина Охрид ѝ посветува особено внимание се учениците и студентите, со цел поттикнување на младите за достигнување на што поголеми успеси а опфаќајќи дел од доделените средства за учебната 2022-2023 година од одобрените средства со Буџетот во програмата Совет за 2023 за стипендии исплатени се вкупно 837.000,оо денари.

Во анализираниот период од контото други трансфери исплатени се вкупно 5.187.921,оо денари од кои позначајните исплати дадени се подолу во текстот и се однесуваат: износ 1.152.000,оо денари исплатени согласно потпишаниот меморандум со ЈЗУ Општа болница Охрид за помош за новородено дете и износ од 984.000,оо денари исплатено по решение за членовите на комисијата за донесување на урбанистички планови.

Советот на Општина Охрид за периодот од 01.01.2023 година до 30.09.2023 година има извршено 58,15 % од вкупно планираните трошоци во буџетската 2023 година.

**Број 08-17168/47**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата други комунални услуги за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.09.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/143**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

|---|---|---|---|---|
| ул.„АСНОМ“ | 4 | 1.200 | 2,5 | 12.000,00 |
| ул.„Марко Цепенков“ | 2 | 1.000 | 2,5 | 5.000,00 |
| ул.„Егејска“ | 2 | 530 | 2,5 | 2.650,00 |
| ул.„Гоце Делчев“ | 6 | 1.700 | 2,5 | 25.500,00 |
| ул.„С.Војвода“ | 3 | 450 | 2,5 | 3.375,00 |
| ул.„15-ти Корпус“ | 3 | 1.000 | 2,5 | 7.500,00 |
| ул.„Галичица“ | 3 | 600 | 2,5 | 4.500,00 |
| ул.„Н:Карев“ | 3 | 600 | 2,5 | 4.500,00 |
| ул.„Кленоец“ | 3 | 1.300 | 2,5 | 9.750,00 |
| ул. „А.Маринчев“ | 2 | 400 | 2,5 | 2.000,00 |
| ул.„Железничка“ | 2 | 1.700 | 2,5 | 8.500,00 |
| нас.„Х.Узунов“ | 3 | 560 | 2,5 | 4,200,00 |
| нас.„Даљан“ | 5 | 1.450 | 2,5 | 18.125,00 |
| нас.„Св.Стефан“ | 2 | 450 | 2,5 | 2.250,00 |
| с.Пештани | 2 | 1.500 | 2,5 | 7.500,00 |
| нас.„Варош“ | 8 | 1.600 | 2,5 | 32.000,00 |
| Сооб.клучка | 5 | 6.400 м2 | 1,82 | 58.240,00 |
| Спомен парк на Револуција | 2 | 300 | 2,5 | 1.500,00 |
| дворно место на Општина Охрид | 12 | 1.350 м2 | 1,82 | 29.484,00 |
| нас.„Гоце Делчев“ | 3 | 870 | 2,5 | 6.525.00 |
| с.Трпејца | 2 | 560 | 2,5 | 2.800,00 |
| с.Лакочереј | 2 | 650 | 2,5 | 3.250,00 |
| с.Лескоец | 2 | 1.100 | 2,5 | 5.500,00 |
| с.Косел | 2 | 1.000 | 2,5 | 5.000,00 |
| с.Велгошти | 2 | 1.900 | 2,5 | 9.500,00 |
| нас.„Рача“ | 2 | 690 | 2,5 | 3.450,00 |
| нас.„Лагадин“ | 2 | 810 | 2,5 | 4.050,00 |
| с.Свиништа | 1 | 1.500 | 2,5 | 3.750,00 |
| с.Опеница | 1 | 740 | 2,5 | 1.850,00 |
| с.Куратица | 1 | 4.300 | 2,5 | 10.750,00 |
| с.Љубаништа | 2 | 1.200 | 2,5 | 3.000,00 |
| **Вкупно:** | | | | **297.999,00** |

За одржување на локалитетот „Кале“ потребен е постојан тим од 3 ( тројца ) работници кои ќе вршат редовно косење на тревата по патеките, одржување на дрвниот фонд со навремено отстранување на сувите гранки и заболените стебла како и редовно чистење од разни отпадоци. За таа цел на годишно ниво потребни се 250.000,00 денари.

**7. Подигање нови и реконструкција на парковски површини**

| | |
|---|---|
| Подигање нови и реконструкција на парковски површини | **900.000,00** |

| | |
|---|---|
| | |
| | **900.000,00** |

**8. Активности за заштита на чинарот на плоштадот „Чинар“**

| | |
|---|---|
| Мерки и активности за заштита на чинарот согласно препораките после санацијата | **50.000,00** |
| | **50.000,00** |

**9. Изградба на системи за наводнување**

| | |
|---|---|
| Мерки и активности за изградба на системи за наводнување | **300.000,00** |
| | **300.000,00** |

| ед. рој | ОПИС | Предвидени средства | Извршено 01.01.2023 31.03.2023 | Извршено 01.04.2023 30.06.2023 | Извршено 01.07.2023 30.09.2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Вкупно за одржување и користење на паркови и зеленило | **8.222.456,оо** | 2.058.000,оо | 2.320.000,оо | 2.430.000,оо | 6.808.000,оо |
| 2 | За одржување на локалитет „Кале“ | **250.000,00** | 71.000,оо | 87.000,оо | 56.000,оо | 214.000,оо |
| 3 | Активности за заштита на чинарот на плоштадот „Чинар“ | **50.000,00** | 12.500,оо | 14.200,оо | 12.800,оо | 39.500,оо |
| 4 | Подигање и реконструкција на парковски површини | **1.100.000,00** | 256.000,оо | 373.500,оо | 307.000,оо | 936.500,оо |
| 5 | Изградба на системи за наводнување | **300.000,00** | 71.000,оо | 93.200,оо | 83.000,оо | 247.200,оо |
| 6 | Потрошена вода за наводнување на паркови и жардињери | **1.300.000, оо** | 306.000,оо | 437.000,оо | 405.000,оо | 1.148.000,оо |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| **Вкупно за 2023 годи** | **11.022.456, о** | **2.774.500,о** | **3.324.900,оо** | **3.293.800,оо** | **9.393.200,оо** |

**Број 08-17168/59** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2023 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.09.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/149** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2023 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за 2023 година за периодот од 01.01. до 30.09.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/60**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ДЕВЕТМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ОД 01.01.2023 ДО 30.09.2023 година**
**ПРОГРАМА ЈФ**
**ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА 2023 ГОДИНА**

**Програма за изградба на сообраќајна сигнализација за 2023 година**

Безбедноста во сообраќајот претставува значаен сегмент во делувањето на општинската администрација. Во таа насока, општината во извештајниот период спроведе низа активности:

- ✓ Согласно потребите а ценејќи ја постојната сообраќајна инфраструктура, иработени се сообраќајни проекти со соодветни решенија за централниот дел на градот и улиците каде се изведуваат градежни активности;
- ✓ Извршено е хоризонтално бележење на улиците и дугите сообраќајници;
- ✓ Во координација со Минисатерството за внатрешни работи, поставени се забавувачи на сообраќајопт како мерка за безбедност на движењето на пешаците;
- ✓ Оспособени се семафорските системи на раскрсницата Кленоец со Железничка и Питу Гули со Марко Несторoски
- ✓ Извршена е замена на оштетената вертикална сигнализација како и поставување на нова;
- ✓ Започната е изработка на студија за подобрвање на безбедноста во сообраќајот каде како учесници се јавуваат учениците.

Спроведените активности согласно усвоените програми по степен на реализација и трошок дадени се во следнаат табела:

1. **ВЕРТИКАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА**

| **Ред.бр** | **ОПИС** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2023 31.03.2023** | **Извршено 01.04.2023 30.06.2023** | **Извршено 01.07.2023 30.09.2023** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Поправка, одржување и замена на постојана вертикална сообраќајна сигнализација | 300.000, оо | 182.000,оо | 43.500,оо | 33.600,оо | 259.100,оо |
| 2. | Набавка и поставување нова вертикална сообраќајна сигнализација | 400.000, оо | 188.200,оо | 74.000,оо | 78.300,оо | 340.500,оо |
| 3. | Набавка и одржавање на сверни огледала на улици низ Општина Охрид | 150.000,оо | 94.950,оо | 27.000,оо | 24.620,оо | 146.570,оо |
| 4. | Изградба и одржување на семафорски системи | 800.000,оо | | 456.000,оо | | 456.000,оо |

2. **ХОРИЗОНТАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА**

| **д.бр** | **ОПИС** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2023 31.03.2023** | **Извршено 01.04.2023 30.06.2023** | **Извршено 01.07.2023 30.09.2023** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Машинско и рачно обележување на пешачки премини, стоп линии , стрелки за насочување на сообраќај, паркинг простори, испрекинати и полни линии | 1.800.000, оо | | 594.000,оо | 1.192.000,оо | 1.786.000,оо |
| | Машинско обележување на автобуски, такси постојки, и паркинг за инвалиди | 300.000,оо | | 165.000,оо | 89.370,оо | 254.370,оо |
| | Машинско обележување на пешачки премини, вибрациони ленти, пешачки премини и други ознаки со топла и ладна пластична маса | 700.000, оо | | 325.000,оо | 276.000,оо | 601.000,оо |
| | Машинско обележување на велосипедски патеки | 1.800.000, оо | 570.000,оо | 436.000,оо | 748.000,оо | 1.754.000,оо |

3. **ЗАБАВУВАЧИ НА СООБРАЌАЈ, ЗАШТИТНИ ОГРАДИ И ДРУГА СООБРАЌАЈНА ОПРЕМА, ПОДРШКА И ОРГАНИЗИРАЊЕ ПРОЕКТИ ОД СООБРАЌАЈОТ**

| ед.бр | ОПИС | Предвидени средства | Извршено 01.01.2023 31.03.2023 | Извршено 01.04.2023 30.06.2023 | Извршено 01.07.2023 30.09.2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Поставување и одржавање на забавувачи на сообраќај на улици низ Општина Охрид | 400.000, оо | 255.000,оо | 91.935,оо | 43.000,оо | 389.935,оо |
| | Поставување и одржавање на ПВЦ сообраќајна опрема, светлосни катадиоптери на коловоз и друга сообраќајна опрема | 400.000, оо | 243.300,оо | 61.000,оо | 73.000,оо | 377.300,оо |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно за ЈФ** | **7.050.000,оо** | **1.533.450,оо** | **2.273.435,оо** | **2.557.890,оо** | **6.364.775,оо** |

**Број 08-17168/61** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 30.09.2023 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште во 2023 година за период од 01.01. до 30.09.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/150** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште во 2023 година за период од 01.01. до 30.09.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/62**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ДЕВЕТМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ОД 01.01.2023 ДО 30.09.2023 година**
**ПРОГРАМА ФА**
**ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2023 година**

Програмата за уредување на градежно земјиште, претставува значаен програмски документ кој ги детерминира активностите на општината во правец на решавање на инфраструктурните, комуналните и сообраќајните проблеми на граѓаните на општината. Поаѓајќи од законската регулатива, оваа програма согласно висината на предвидените средства и предвидените активности, претставува основ за утврдување на приоритетните проблеми во општината и нивното решавање. Секако, комуналната инфраструктура(водоводни, канализациони и атмосферски системи), патната инфраструктура( сообраќајници, пешачки патеки и велосипедски патеки), проблемите со пристапните патишта и другите утврдени активности се проблеми кои што бараат значителен одлив на буџетски средства и секојдневна посветеност.

Проблемите со кои се среќава општината, предизвикани од лимитираното располагање со парични средства утврдени со решение на Судот и честото извршување на буџетски средства по пат на заплена од трезорот при Министерството за финансии, предизвикуваат сериозни последици во динамиката и степенот на реализација на програмските активности утврдени во оваа програма. Во вакви услови (на лимитирани средства и честа присилна наплата) отежнат е процесот на спроведување на постапки за јавни набавки поради неможноста за навремено обезбедување на средства а со тоа нарушена е временската динамика и степенот на реализација на активностите.

Дополнително, сериозен проблем во макроклимата на делување на градежната оператива претставува и сериозниот недостаток на човечки ресурси на избраните економски оператори. Ваквата состојба, често допринесува за отежната реализација на започнатите објекти од аспект на навремено завршување на истите.

И покрај наведениот амбиент, општинската администрација настојува значително да ги реализира зацртаните програмски активности, со цел значајно да ја подобри комуналната ифраструктура во градот. Во таа насока, согласно регистрираните дејности, активно се вклучени и јавните претпријатија. Вклучувањето на јавните претпријатија овозможува подобрување на делувањето на општината во насока на одржување и изградба на инфраструктурните објекти, од една страна и секако допринесува за дополнителни приходи на јавните претпријатиија од друга страна.

Реализираните активности, по видови, локалитети и обем, а врз основа на параметри утврдени од страна на Советот, заклучно со 30.09.2023 година, дадени се во табелите кои се прилог на овој извештај.

Во овој извештаен период, посебен акцент, општината посветува на изготвување на соодветни изведбени проекти како основ и можност за дополнително финансирање преку други институции и други нивоа на власта.

**А. НАДОМЕСТОК ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА, ПЛАЌАЊЕ СТАРИ ОБВРСКИ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА**

| **Ред.бр** | **Опис** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2023 31.03.2023** | **Извршено 01.04.2023 30.06.2023** | **Извршено 01.07.2023 30.09.2023** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Средства за експропријација на земјиште за отварање на пристапни патишта и улици согласно детални урбанистички планови и издадени одобренија за градба | 10.250.000,оо | 2.666.741,оо | 1.026.747,оо | 2.217.000,оо | 5.910.488,оо |
| 2. | Дополнителни средства за реализирање активности и обезбедување на средства за спроведување на утврдените активности во 2023 година | 4.050.000,оо | | | 3.760.000,оо | 3.760.000,оо |

**А.1. ИСПЛАТА НА СРЕДСТВА НАД СУДСКИ УТВРДЕНИОТ ЛИМИТ СОГЛАСНО ОДОБРЕНОТО МЕСЕЧНО РАСПОЛАГАЊЕ СО БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА**

| **Ред.бр** | **Опис** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2023 31.03.2023** | **Извршено 01.04.2023 30.06.2023** | **Извршено 01.07.2023 30.09.2023** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Исплата на обврски за градежни активности за одржување, реконструкција и изградба на инфраструктурни објекти во претходна година | 19.200.000,оо | | 9.750.000,оо | 4.930.000,оо | 14.680.000,оо |

**Б. ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПРОЕКТНО ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЕЛАБОРАТИ И ДРУГИ ДОКУМЕНТИ**

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2023 31.03.2023 | Извршено 01.04.2023 30.06.2023 | Извршено 01.07.2023 30.09.2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Изработка на проектна и техничка документација** | | | | | |
| 1.1. | Изработка на проектно - техничка документација за изградба, реконструкција, санација и одржување на улична патна мрежа | 1.800.000, оо | 677.230,оо | 425.000,оо | 323.000,оо | 1.425.230,оо |
| 1.2. | Изработка на проектно - техничка документација за изградба на водоводна мрежа, резервоари и друга опрема | 350.000, оо | 87.340,оо | 103.000,оо | 78.200,оо | 268.540,оо |
| 1.3. | Изработка на проектно - техничка документација за изградба и реконструкција на канализациони и атмосферски системи | 800.000, оо | 187.000,оо | 328.000,оо | 207.000,оо | 722.000,оо |
| 1.4. | Стручна ревизија на проекти | 250.000, оо | | | | |
| 1.5 | Изработка на елаборати за заштита на животна средина при изготвување на проекти | 250.000, оо | | | | |
| 1.6 | Изработка на геодетски елаборати | 300.000,оо | 22.300,оо | 97.928,оо | 42.220,оо | 162.448,оо |
| 1.7 | Вршење на стручен надзор на изградба, реконструкција и одржавање на објекти | 400.000,оо | 62.700,оо | 145.000,оо | 97.300,оо | 305.000,оо |
| 1.8 | Трошоци за лабараториско испитување на квалитетот на материјали и консултански услуги | 300.000,оо | | | | |

**В.УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

**В. 1 АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ПРИСТАПНИ ПАТИШТА ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр | Опис | Предвидени | Извршено 01.01.2023 | Извршено 01.04.2023 | Извршено | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | средства | 31.03.2023 | 30.06.2023 | 01.07.2023 30.09.2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Реконструкција на улица „ Ѓорче Петров “ | 6.200.000.оо | 3.350.000,оо | 2.850.000,оо | | 6.189.648.оо |
| 2. | Реконструкција на кружна крстосница кај Здружение на возачи и дел од ул. „ 7 – Ми Ноември “ до пресек со ул. „ Егејска “ | 36.000.000,оо | | | | |
| 3. | Реконструкција на дел од ул. „ Мирче Ацев “ | 1.200.000,оо | | 237.000,оо | 176.000,оо | 413.000,оо |
| 4. | Реконструкција на ул. „ Ариф Мустафа “ | 1.200.000,оо | | | | |
| 5. | Реконструкција на дел од ул. „ Сатеска “ | 1.500.000,оо | | | | |
| 6. | Санација на дел од ул. „ Кленоец “ | 1.500.000,оо | | 143.000,оо | | 143.000,оо |
| 7. | Санација на дел од ул. „ Петрино“ | 800.000,оо | | 128.000,оо | | 128.000,оо |
| 8. | Реконструкција на улици во населба Гоце Делчев | 1.800.000,оо | | | | |
| 9. | Изградба и реконструкција на паркинг места | 1.000.000,оо | | | | |
| 10. | Реконструкција краци на ул. „ Ристо Чадо “ | 1.200.000,оо | | | | |
| 11. | Реконструкција на дел од ул. „ Марко Цепенков “ | 10.000.000,оо | | 9.862.811,оо | | 9.862.811,оо |
| 12. | Асфалтирање, тампонирање и реконструкција на пристапни патишта до објекти врз основа на издадени одобренија за градба и извршена легализација | 5.000.000,оо | 1.980.000,оо | 1.650.000,оо | 1.330.000,оо | 4.960.000,оо |

**В.2. ПОПЛОЧУВАЊЕ И ОДРЖАВАЊЕ НА ТРОТОАРИ И УЛИЦИ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2023 31.03.2023 | Извршено 01.04.2023 30.06.2023 | Извршено 01.07.2023 30.09.2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Реконструкција и поплочување на тротоар на дел од ул. „Димитар Влахов“ со хортикултурно | 2.000.000,оо | | 1.120.000.оо | 635.000,оо | 1.755.000.оо |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | уредување | | | | | |
| 2. | Реконструкција и поплочување на тротоар на дел од ул. „Партизанска “ со хортикултурно уредување | 2.000.000,оо | | | | |
| 3. | Преуредување на камени плочки на улици „ Коста Абраш“ и „ Цар Самоил “ | 1.000.000,оо | | 323.999,оо | 296.000,оо | 619.999,оо |
| 4. | Преуредување на пешачки патеки и улици во Стар Град | 1.500.000,оо | 892.000,оо | 320.000,оо | 113.000,оо | 1.325.000,оо |
| 5. | Преуредување на постојни тротоари со бехатон плочки на подрачје на град Охрид | 1.500.000,оо | 510.000,оо | 786.345,оо | 134.000,оо | 1.430.346,оо |

**В.3 ИЗГРАДБА , УРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ДРУГИ ЈАВНИ ПОВРШИНИ**

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2023 31.03.2023 | Извршено 01.04.2023 30.06.2023 | Извршено 01.07.2023 30.09.2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Реконструкција на плоштад Крушевска Република 2023 год. | 5.000.000,оо | | | | |
| **2.** | Одржување и санација на плато кај Мини Маркет | 400.000,оо | | 400.000,оо | | 398.500,оо |
| **3.** | Одржување и санација на пешачка патека канал Студенчишта – х. Парк | 500.000, оо | | 230.000,оо | | 230.000,оо |
| **4.** | Одржување и санација на пешачка патека мост Студенчишта – Билјанини Извори | 400.000, оо | | 266.920,оо | | 266.920,оо |
| **5.** | Одржување и санација на ул. Св. Климент Охридски од чинар до стара стоковна куќа Билјана | 1.300.000, оо | | 227.256,оо | | 227.256,оо |
| **6.** | Изградба на пешачка патека со заштитна ограда од Плаошник до Канео | 500.000,оо | 442.500,оо | | | 442.500,оо |
| **7.** | Санација и изградба на потпорни ѕидови во Општина Охрид | 1.800.000,оо | 760.000,оо | 330.000,оо | 378.000,оо | 1.468.000,оо |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **8.** | Одржување и санација на заштитен појас на Бул. Туристичка | 700.000,оо | | 320.000,оо | | 320.000,оо |

**В.4. ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| **Ред.бр** | **Опис** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2023 31.03.2023** | **Извршено 01.04.2023 30.06.2023** | **Извршено 01.07.2023 30.09.2023** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на водоводни линии за доизградба на водоводен систем согласно издадени одобренија за градба и извршени легализации | 10.500.000,оо | 850.000,оо | 5.832.534,оо | 1.793.000,оо | 8.475.534,оо |

**В.5. ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА МА ФЕКАЛНИ И АТМОСФЕРСКИ КАНАЛИЗАЦИОНИ МРЕЖИ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| **Ред.бр** | **Опис** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2023 31.03.2023** | **Извршено 01.04.2023 30.06.2023** | **Извршено 01.07.2023 30.09.2023** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на улична фекална и атмосферска канализација на постојни мрежи во Општина Охрид согласно реализација на урбанистички плански документации и издадени одобренија за градба | 7.900.000,оо | 2.730.000,оо | 4.172.200,оо | 562.000,оо | 7.464.200,оо |
| 2. | Изградба на атмосферска канализациона мрежа на ул.„ 7 ми Ноември “ | 7.000.000,оо | | | 2.320.000,оо | 2.320.000,оо |
| 3. | Изградба на атмосферска канализациона мрежа на ул. „ Петрино “ | 500.000,оо | | | | |
| 4. | Нивелирање на канализциони шахти, сливници и промена на капаци | 600.000,оо | 197.000,оо | 320.000,оо | 34.000,оо | 551.000,оо |

**Г.УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ**

**Г.1. АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ПРИСТАПНИ ПАТИШТА ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2023 31.03.2023 | Извршено 01.04.2023 30.06.2023 | Извршено 01.07.2023 30.09.2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Велгошти | 1.000.000, оо | | 500.000,оо | 493.000,оо | 993.000,оо |
| 2. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Лескоец | 800.000,оо | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Горно и Долно Лакочереј | 1.000.000,оо | | | | |
| 4. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Рача и Велестово | 1.000.000,оо | | | | |
| 5. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Коњско и Шипокно | 500.000,оо | | | | |
| 6. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Пештани | 700.000,оо | | | | |
| 7. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во рурални средини | 2.500.000,оо | 585.000,оо | 730.000,оо | 813.000,оо | 2.128.000,оо |

**Г.2. ПОПЛОЧУВАЊЕ И ОДРЖАВАЊЕ НА ТРОТОАРИ И УЛИЦИ ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ**

| **Ред.бр** | **Опис** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2023 31.03.2023** | **Извршено 01.04.2023 30.06.2023** | **Извршено 01.07.2023 30.09.2023** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Поплочување и одржавање на улици, тротоари, и други површини во рурални средини ( с. Куратица ; с. Велгошти; с. Лескоец; с. Горно и Долно Лакочереј; с.Коњско; с. Пештани ;с. Рача ) | 1.500.000,оо | 620.000,оо | 771.000,оо | 96.000,оо | 1.487.000,оо |

**Г.3. ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2023 31.03.2023 | Извршено 01.04.2023 30.06.2023 | Извршено 01.07.2023 30.09.2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Доизградба на водоводна линија во с. Лескоец | 500.000,оо | | 440.000,оо | 37.000,оо | 477.000,оо |
| 2. | Доизградба на водоводна линија и фасонски делови за резервоар во с. Горно Лакочереј | 500.000,оо | | | | |
| 3. | Изградба на каптажа за вода во с. Коњско | 250.000,оо | | | | |
| 4. | Санација на резервоари во с. Косел, Вапила и Ливоишта | 500.000,оо | | | | |
| 5. | Набавка со монтажа на пумпа за вода во с. Шипокно | 500.000,оо | | | | |
| 6. | Истражување на подземни води | 300.000,оо | | | | |
| 7. | Поправка и санација на постојни водоводни мрежи во рурални средини | 500.000,оо | 246.000,оо | 183.000,оо | 37.000,оо | 466.000,оо |
| 8. | Изградба на дел од фекална канализациона мрежа во с. Горно и Долно Лакочереј - учество | 5.000.000, оо | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 9. | Изградба на дел од фекална канализациона мрежа во с. Лескоец, Велгошти и Пештани | 2.000.000, оо | | 968.000,оо | 685.000,оо | 1.653.000,оо |
| 10. | Поправка и санација на постојни канализациони мрежи во рурални средини | 1.500.000, оо | 607.000,оо | 473.000,оо | 358.000,оо | 1.438.000,оо |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно за А, Б, В (В.1;В.2;В.3;В.4;В5), Г ( Г1;Г2;Г3) од Буџетот на Општина Охрид за 2023 година | 171.000.000,оо | 18.471.531,оо | 44.450.169,оо | 21.944.720,оо | 84.866.420,оо |

**Број 08-17168/63** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за остварување на буџетот на Општина Охрид за периодот од 01.01. до 30.09.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/151** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за остварување на буџетот на Општина Охрид за периодот од 01.01. до 30.09.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/64** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ**
**за периодот од 01.01.2023 до 30.09.2023 година**

**Буџет на Општина Охрид**

Локалната самоуправа уште од периодот на осамостојување е исправена пред многубројни предизвици а проблемите во функционирањето добиваат на интензитет со започнување на процесот на децентрализација и за жал сеуште постојат. Решавањето на проблемите и потребите на граѓаните, решавање на предизвиците кои стојат пред локалната самоуправа безусловно бара ефикасен процес на планирање и реализација на буџетот на локалната самоуправа.

Како една од најважните активности во локалната самоуправа буџетирањето како процес воедно е и една од најзначајните активности во напорите за задоволување на секојдневните потреби на граѓаните и како процес изискува директна вклученост на сите граѓани, здруженија и целокупната администрација во процесот на изготвување на буџетот како единствен годишен развоен документ. Како процес буџетирањето започнува со изработка на буџетски календар согласно буџетскиот циркулар и насоките од МФ, продолжува со подготовка на годишни и развојни програми, донесување на буџет со што започнува реализација на истите и трае се до крајот на буџетската година кога годишните програми треба целосно или во голема мера да бидат исполнети додека остварувањето на развојните програми продолжува во другите буџетски години односно со другите буџетски процеси. Од начинот и квалитетот во спроведувањето на овие активности ќе зависи и квалитетот на живеење кој го овозможува соодветната локална самоуправа и задоволството на граѓаните од работата на локалната самоуправа. Битен момент кој придонесува за остварување на опишаните активности и дава реална шанса за спроведување на истите е спроведување на процес на децентрализација, процес на реформи кои започнаа со пренесување на надлежности од централно на локално ниво. Крајниот ефект од овие промени треба да биде рефлектиран врз квалитетот на живеењето на сите граѓани во смисла

подобрување во управувањето со финансиските текови на локално ниво, контрола на извршувањето на буџетот и поголема транспарентност во трошењето на буџетот.

Прв и најважен момент за развојот на демократските процеси, развој и поттик на локалната демократија, прва и основна алка за успешно спроведување на процесот на децентрализација е процесот на фискална децентрализација, процес од кој зависи остварувањето на сите други активности и процеси.

Почетокот на овој процес се судруваше со низа проблеми, системот на финансирање на ЕЛС во Македонија кој се карактеризираше со голема мера на централизам, требаше постепено да се ослободува и да се пренесува на локално ниво. Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа процесот на фискална децентрализација се планираше да се одвива во две фази, а со цел воспоставување на механизам за финансирање на општините кој ќе биде транспарентен и заснован на објективни критеруми и мерила. Првата фаза ги опфати сите општини и се однесуваше на трансферот на надлежности и средства за нивно извршување од централно на локално ниво а преминот во втората фаза беше условен со исполнување на повеќе критериуми, како обезбедување на кадровски капацитети во општините, добро финансиско работење, подмирени долгови и сл. Од денешна перспектива иако се поминати дваесеттина години од започнување на овој процес може да се истакне дека и покрај позитивни промени кои започнаа со овој процес и кои се спроведуваа во изминатите години, сепак се уште и денес за процесот на фискална децентрализација во Македонија, може да зборуваме за висок степен на централизираност и можност за унапредување на овој процес, процес кој е целсоно сопрен и процес кој час поскоро треба да продолжи. Локалните финансии и натаму се само дел од вкупните финансии односно дел од општиот буџетски процес. Ваквата ситуација во спроведувањето на овие процеси, пред се е одраз на недоволниот обем на ингеренции односно компетенции кои ги имаат локалните самоуправи согласно постојната законска регулатива.

Во поглед распределбата и извршувањето на функциите на различни нивоа на власт и најбитниот елемент финансирањето на тоа извршување, можни се два пристапа. Според првиот централизиран пристап, сите фискални приходи, се собираат и концентрираат на едно место односно во републичкиот, централен буџет, од кој пак подоцна во различен облик се финансира потрошувачката на пониските нивоа на власт преку различни форми на трансфери и донации. Вториот децентрализиран пристап е одраз на финансиска автономија на пониските нивоа на власт, како во процесот на прибирање на фискалните приходи, така и во процесот на потрошувачка. Во овој поглед предностите од фискалната децентрализација се како во развојот на демократските процеси на локално ниво, во подобрата перцепција за даночната способност на локалното население, така и во поглед на големината и структурата на потребите на тоа население. Во овој сегмент, фискалната димензија на децентрализацијата на власта опфаќа две прашања: првото, околу распределбата на приходите и расходите помеѓу двете нивоа на власт и второто, околу обемот на дискреција на локалните власти во определувањето на своите приходи и расходи.

Фискалниот капацитет на ЕЛС ја одразува способноста да се генерираат приходи за финансирање на јавните услуги кои се нудат на локалното население. Фискалниот капацитет дава слика за тоа колку приходи може да приберат општините со просечно фискално оптоварување на локалното население. Фискалниот капацитет на една општина не треба да се поистоветува со стварните приходи кои ги прибира општината. Фискалниот капацитет е едно, а даночниот напор, односно ангажираноста во прибирањето на фискалните приходи е друго, па поради тоа, мала наплата на даночните приходи во одредена локална заедница не значи и слаб фискален капацитет на истата, напротив, тоа е резултат на недоволна ангажираност, неекипираност, нестручност на локалните служби во процесот на прибирање на овие приходи а не слаб фискален капацитет. Генерално, фискалниот капацитет на ЕЛС е определен од даночната база со која располага самата ЕЛС, а даночната база пак од своја страна зависи како од површината која ја опфаќа самата општина, така и од густината и

бројот на население што живее во рамките на таа општина, така и од нивото на економската активност во општината.

Фискалната децентрализација најчесто повлекува унапредување на економската ефикасност во обезбедувањето на јавните добра и аналогно на тоа пониските нивоа на власт односно локалната власт може во најголема мера преку својот буџет да излезе во пресрет за задоволување на потребите на локалното население. Фискалната децентрализација, треба да овозможи реализација на проекти кои се во склад со локалните прилики и да овозможи алокација на средствата во оние сегменти каде што се најпотребни. Оваа децентрализација треба да биде поттик за локалните власти за поефикасно користење на средствата, со цел остварените заштеди да се употребат за други намени во склад со потребите на населението. Според некои истражувања, фискалната децентрализација влијае позитивно врз фискалната стабилност на една земја а има и позитивен ефект врз стопанскиот раст.

Фискалната децентрализација и воопшто целиот процес на децентрализација е во тесна врска и со политичката слобода, намалената бирократија и помалку сложените процедури во остварувањето на потребите на населението. Друг момент, односно слабост во процесот на фискалната децентрализација, односно централизација во Македонија е тоа што сеуште процесот на подготовка на локалниот буџет е во тесна врска со централниот буџет а основните насоки за изработка на локалниот буџет и натаму ги дава министерството за финансии. Локалниот буџет се подготвува во иста процедура како републичкиот, локалниот е дел од централниот буџет, јавните приходи се на локално ниво, нивната наплата во најголем дел е повторно централизирана, при што поголем дел од приходите прво се уплаќаат во централниот буџет, а потоа врз одреден критериум се трансферираат на ЕЛС.

Една од идните активности во врска фискалната децентрализација е тоа што овој процес треба да биде зајакнат и да бидат направени одредени реформи во поглед системот на финансирање на општините а во смисла на обезбедување позначајни и постабилни извори на приходи, што заедно со трансферите од централната власт ќе овозможат солидна буџетска основа и можност за унапредување на човековиот развој на локално ниво, како во делот на образованието, здравството, социјалната заштита така и во сите други сфери во надлежност на локалната самоуправа. Предностите од фискалната децентрализација најдобро ќе дојдат до израз со поголема вклученост на граѓаните, како и подобрување на координацијата помеѓу централната и локалната власт. Успешна децентрализација вклучително и фискалната е поверојатна доколку овој процес се спроведува постепено, во пооделни фази, без нагли и драстични промени, со нагласок на тоа дека процесот не треба да се одолговлекува до недоглед, што е случај во моментов.

Смислата на процесот на децентрализација на власта како и фискалната децентрализација во Македонија треба да овозможи подобрување на квалитетот на животот на луѓето, што во крајна мера ќе биде показател во успешноста на спроведување на овој процес. Децентрализацијата како процес носи низа предности, но од друга страна децентрализацијата не треба да се сфати како решение на сите проблеми, т.е. таа носи со себе и низа ризици. Во процесот на децентрализација поради низа технички и административни капацитети на локалните власти, овој процес може да тргне во поинаков правец и да доведе до влошување на нивото на понудата на јавните услуги, може да доведе до регионални нееднаквости поради различните капацитети на општините, можност да се јават големи разлики во понудата на јавните добра помеѓу побогатите и померазвиените општини. Децентрализацијата, доколку не се воспоставаат механизами за контрола на трошоците на општините, може да доведе до сериозно загрозување како на иднината на локалната самоуправа и интересите на локалното население така и на макроекономската стабилност на земјата.

Поради отсуство на вакви механизми на контрола во минатиот период, во ваква незавидна положба сеуште се наоѓа нашата општина иако заклучно со овој квартал ваквата

ситуација значително е подобрена и прашање на време е целосната консолидација на нашата општина и целосно расчистување на наследените долгови. Поради претходно споменатите опасности во спроведувањето на овој процес, потребно е носителите на политиките и носителите на процесот на децентрализација во спроведувањето на овој процес да бидат крајно внимателни. Притоа, за успешност на овој процес потребно е зајакнување на процесите во поглед отстранување на регионалните разлики, зголемување на надлежностите на општините, јакнење на фискалниот капацитет на општините, продлабочување и подобрување на координацијата помеѓу локалната и централната власт.

Суштината на децентрализацијата е во тоа локалната власт да има овластување и одговорност за сопствено финансирање на локалните потреби на граѓаните. Тоа значи дека локалните власти мора да имаат целосна фискална автономија и можност односно право самостојно да ги утврдуваат и менуваат даночните стапки и даночните основици. Во моментов ова право во ограничен степен го имаат општините, но тоа е сосема недоволно. Доколку се погледнат неколкуте најбитни даноци кои се приход на општината, ќе се забележи степенот на ограниченост и нелогичност во нивното утврдување, рамките во кои се движи висината на овие даноци за кои одлука носи Советот на Општината, утврдувањето на данокот на имот, данок на наследство и подарок, данок на промет на недвижности и сл. Во ваква ситуација нормално дека општините ќе одат со максималните стапки, поради и онака ограничените приходи. Тука се поставува прашање зошто се поставени тесни ограничувања и зошто општините не би имале поголема слобода во утврдувањето на висината на овие стапки што од друга страна отвора можност за појава на конкуренција меѓу општините, што пак во поглед на спроведување на процесот отвора дилема дали се работи за вистинска фискална децентрализација или едноставно се работи за префрлање на надлежноста за утврдување и наплата на овие даноци.

Општ заклучок од досегашното спроведување на процесот на фискална децентрализација е дека општините во Македонија се уште се многу далеку во споредба со фискалните односно финансиските можности и права на државата. Овде треба да се спомене отсуството на критериуми и јасна формула за распределба на средствата кои се добиваат од централниот буџет, а со кои ќе се одразуваат разликите помеѓу општините, непостоење на квалитетна методологија за намалување на разликите кои се јавуваат меѓу општините. Се уште зависноста на општините од централната власт се огромни, последните години дотациите во областа на образованието не го следат растот на цените на ресурсите, поради што се јавува хроничен недостиг на средства за нормално извршување на овие активности.

Врз основа вршените согледувања и анализи на спроведувањето на процесот на децентрализација во изминатиот период, во следниот период фокус мора да се стави на засилување на фискалната децентрализација и тоа низ повеќе аспекти, бидејќи повеќе од очигледна е стагнацијата во спроведувањето на овие процеси. Потребно е да се изработи и имплементира методологија за изедначување на финансиските капацитети на општините, да се обезбедат дополнителни средства за општините да ги воспостават потребните институции на локално ниво, да се ревидираат методологиите за распределба на блок дотациите и капиталните трансфери, да се олесни пристапот за кредитно задолжување на општините.

Како што може да се заклучи, од денешен аспект и покрај придобивките од процесот на децентрализација, општините се уште се судруваат со низа недоследности во поглед на фискалната децентрализација и автономија и во ваква поставеност на системот на јавни финансии, може да се каже дека кај нас се уште може да зборуваме за еден вид централизирана децентрализација. Успешна фискална децентрализација во периодот што следи е од суштинско значење за економскиот развој на Македонија а спроведувањето на овој процес е од интерес и на централната и на локалната власт. Оттука, и двете, во заедничка спрега, треба да придонесат и да создадат услови фискалната децентрализација навистина да функционира. Централната власт треба да го препознае потенцијалот на процесот на децентрализацијата во насока на подобрување на ефикасноста и ефективноста во

управувањето со јавните ресурси и да обезбеди стабилна макроекономска политика а локалната власт пак треба да покаже дека е подобро позиционирана од централната власт за раководење со јавните приходи и расходи во склад со локалните потреби.

Буџетот на општината како годишен план за финансирање на функциите и обврските се состои од годишна проценка на приходите и трошоците по намени. За реално утврдување на вкупните годишни приходи и расходи потребно е во целост да се запази процесот на буџетирање утврден согласно Законот за финансирање на локалната самоуправа и Законот за буџетите

Во оваа смисла квалитетно изготвен буџет претставува основен предуслов за квалитетно извршување на зацртаните програми и активности. Имајќи го во вид сето погоре кажано, Општина Охрид изготви буџетски календар со цел навремено и целосно да бидат согледани потребите на граѓаните од една страна и истите во согласност со законските прописи кои ја регулираат оваа материја да бидат имплементирани при усвојувањето на буџетот за 2023 год.

Општина Охрид согласно усвоениот буџетски календар и циркуларното писмо добиено од Министерството за финансии, во кое се утврдени параметрите по основ на блок дотации и други трансфери од власта, на седницата одржана на ден 22.12.2022 година со Одлука бр. 08-17370/36 го утврди буџетот на Општината за 2023 година на износ од 1.303.636.815,оо денари.

Со Одлука за измени и дополнување на буџетот за 2023 година од 21.02.2023 год. се извршија одредени корекции на расходната и приходната страна на буџетотот, реалокација на одредени средства во основниот буџет како и намалување на висината на основниот буџет за 996.704,оо денари на барање на МФ со цел усогласување на пренесенот салдо од претходна година, планираниот износ со фактички пренесеното салдо како и дел во буџетотот на донации, каде се изврши зголемување на целокупниот буџет за износ од 3.740.000,оо денари. Со наведените корекции нивото на буџетот се заокружува на износ од 1.306.380.111,оо денари.

Со Одлука за измена на распоредот на средства на буџетот на општина Охрид за 2023 година бр.08-3254/3 од 14.03.2023 год. во делот на основниот буџет се изврши реалокација на средства од една буџетска позиција на друга, износ од 3.000.000,оо ден. со цел да се обезбедат средства во согласност со барањето на ЈП „Водовод Охрид“ за субвенционирање на дел од трошоците за електрична енергија на ова ЈП. Со оваа одлука, нивото на буџетот на Општина Охрид за 2023 година остана непроменето. Со Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Охрид- пренамена за 2023 год.бр. 08-5339/16 од 11.04.2023 год. се изврши реалокација на средсва од една програма во друга и од едно конто на друго, при што нивото на буџетот останува исто. На истата седница донесена е Одлука за проширување на средства која се однесува на зголемување на буџетот на опшштина охрид за 2.549.586,оо ден. во делот на донациите во Средното образование и дел во прогрмата за Унапредување на здравствената заштита.

Со Одлука за измени и дополнување на буџетот бр.08-8278/18 од 08.06.2023 год. во делот на основниот буџет се направи ревидирање како на приходната така и на расходната страна по основ добиени средства од Министерство за транспорт и врски износ 3.000.000 ден. за изработка на проекти за водоснабдување и зголемување на дотацијата по основ ДДВ за 41.212.068,оо ден. согласно измените на законот за ДДВ и воведување на компоненатата за успешност, со што нивото на буџетот се заокружи на 691.700.000 основен буџет, односно 1.353.061.143,оо ден. вкупен буџет.

Со Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Охрид за 2023 год. бр.08/11550/16 од 28.07.2023 год. извршена е пренамена по конта во одредени позиции и програми но нивото на буџетот останува непроменето согласно претходно донесената одлука.

Со Одлука за измени и дополнувања на буџетот бр.08-13504/16 од 11.09.2023 год. извршено е зголемување на буџетот во делот на донации и одредена реалокација на средства

во поодделни позиции и буџетски програми со што нивото на вкупниот буџетот со спомenатите измени во делот на донации, се заокружува на износ од 1.353.512.643

**Приходи**

Согласно Законот за финансирање на ЕЛС и Законот за буџетите, општините остваруваат приходи од следните извори:

- сопствени извори на приходи, кои се остваруваат врз основа на наплатата на локални даноци, такси, надоместоци приходи по основ сопственост;
- приходи по основ на трансфери од буџетот и буџетите на фондовите, како средства по основ на персонален данок, ДДВ и други трансфери;
- приходи на буџетските корисници кои се користат за покривање на нивните редовни активности, познати како приходи од самофинансирачки активности;
- приходи по основ на донации, кои се остваруваат врз база на изработени и одобрени проекти од разни меѓународни институции и фондови;
- приходи по основ на блок дотации за буџетските корисници од областа на образованието и детската заштита;
- приходи по основ на наменски дотации за ППЕ.

Процесот на буџетирање, содржината и програмите на буџетот се усогласени со унифициран начин на подготвување и изработување на буџетот, утврден од Министерството за финансии, при што буџетот на општината го сочинуваат, општ и посебен дел. Во општиот дел, содржани се следните елементи:

- консолидиран биланс на приходи и расходи;
- функционална класификација на расходите;
- биланс на тековно оперативни расходи;
- биланс на капитални приходи и расходи;
- приходи и расходи за развојните програми.

Посебниот дел на буџетот исто така во унифицирана форма ги прикажува расходите според Правилникот за класификација на расходите групирани во посебни програми.

Согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и постојната класификација на приходите во зависност од нивниот извор на настанување, најголем дел од планираните средства во буџетот за 2023 год. на општина Охрид, во висина од 691.700.000,оо денари се приходи кои според изворите на настанување, општината ги остварува од редовно работење и активности утврдени во ЗФЕЛС. Доколку се земе предвид структурата на планираните приходи, износот од 691.700.000,оо денари е распределен по групи на приходи:

- Даночни приходи --------------------------------- 425.834.206,оо
- Неданочни приходи-------------------------------- 29.600.000,оо
- Капитални приходи--------------------------------- 73.855.000,оо
- Трансфери и донации ----------------------------- 162.410.794,оо

По основ трансфери од државниот буџет за блок односно наменски дотации со намена за финансирање на активностите од областа на образованието, детската заштита и противпожарната заштита е предвиден износ од 584.871.000,оо денари од вкупно утврдениот буџет.

Во вкупниот буџет согласно законската регулатива на општината се вклучуваат и средствата кои ги остваруваат буџетските корисници на општината (основните, средните училишта и детските градинки) по основ на тн самофинансирачки активности, приходи кои се утврдени на вкупен износ од 30.469.850,оо денари.

По основ донации за конкретни проекти за кои општина Охрид аплицирала пред меѓународни и домашни институции, во буџетската 2023 година проектиран е износ од 46.020.293,оо денари. Остварувањето на овој дел од приходот е условен од реализацијата на

проектите доставени до разни домашни и меѓународни институции наменети согласно планираните активности во соодветните програми.

Според извршената анализа и податоците со кои располага сметководството, општина Охрид заклучно со третиот квартал остварила вкупен приход во износ од 1.080.247.972,оо денари или процентуално изразено 79,84 % од севкупно проектираните приходи. Ваквиот процент на остварување е збир од сите извори на приходи.

Вкупно остварените приходи, како и процентот на остварување од вкупно проектираните приходи, покажуваат дека реализацијата се движи во рамките на просекот за изминатиот период и е за неколку проценти поголема од идеалните параметри за остварувања во овој период.

Процент на остварување за периодот кој поминува е повеќе од идеалните рамки и укажува на потребата Општина Охрид да изврши ревидирање на планираните приходи и расходи согласно законските можности.

Структурата на остварените приходи по основ на извори дадена е во следната табела:

***Табела 1***

| **Вид на приход** | **Проектирано за 2023** | **Остварено со трет квартал** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **584.871.000** | **411.962.877** | **70,44** |
| **Самофинансирачки приходи** | **30.469.850** | **13.729.736** | **45,06** |
| **Даночни приходи** | **425.834.206** | **437.848.952** | **102,82** |
| **Неданочни приходи** | **29.600.000** | **38.730.730** | **130,85** |
| **Капитални приходи** | **73.855.000** | **71.455.913** | **96,75** |
| **Приходи од донации** | **46.020.293** | **13.948.853** | **30,31** |
| **Трансфери и донации** | **162.410.794** | **92.570.911** | **57,00** |
| ***Вкупно*** | ***1.353.061.143*** | ***1.080.247.972*** | ***79,84*** |

Податоците дадени во табелата укажуваат на висока реализација кај повеќето групи на приходи но е забележлива е и послабата реализација кај одредени групи на приходи.

Од податоците прикажани во табелата бр.1 највпечатливо отстапување во смисла на помало остварување на планираните приходи се јавува кај приходите по основ самофинансирачки активности, приходите од донации како и во делот на трансферите и донациите од други нивоа на власт, за што е потребно повнимателно планирањето на овој тип на приходи за што е укажано во повеќе наврати, посебно за делот на самофинансирање кај буџетските корисници. Кај даночните приходи за очекување е во периодот кој следи процентот на наплата уште повеќе да се зголемува и овој тип на приходи како и во изминатите години да се реализира како и досега со еден навистина висок процент. Делот на неданочните приходи заедно со блок- наменските дотации се остваруваат на високо ниво и се или блиску до идеалните проценти на остварување или се над максимално планираниот износ согласно актулниот буџет. Во перидот кој следи за очекување е дека овие проценти уште повеќе ќе растат и покрај ревидираните износи на приходи и да се заврши со висока реализација над планираните износи на овој тип на приходи. Средствата по основ на самофинансирачки активности се проектираат и остваруваат согласно согледувањата од страна на раководителите на основните, средните училишта и детските градинки и нивното остварување зависи од правилните проекции на поодделните субјекти. Во континуитет оваа група на приходи покажува значително отстапување во реализацијата за што во повеќе пати е реагирано од наша страна, но ваквите нереални прокции и покрај се продолжуваат во континуитет, за што во координација со секторот за образование се превземат мерки за пореално планирање на истите.

Приходите по основ на блок односно наменски дотации, согласно утврдените проекции очекувано со овој квартал се реализирани во рамките на очекувањата.

***Графикон бр.1***




***Графикон бр.2***




Согласно востановената практика за прикажување на споредбени показатели во табелата подолу дадени се остварувањата на приходите за истиот период во буџетската 2022 година.

***Табела 2***

| Вид на приход | Проектирано за 2022 | Остварено со трет квартал | % |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **540.613.410** | **342.782.294** | **63,41** |
| **Самофинансирачки приходи** | **24.591.557** | **11.226.220** | **45,65** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Даночни приходи** | **495.122.099** | **333.064.129** | **67,27** |
| **Неданочни приходи** | **26.625.000** | **43.752.708** | **164,33** |
| **Капитални приходи** | **42.855.000** | **15.102.773** | **35,24** |
| **Приходи од донации** | **55.788.363** | **18.244.007** | **32,70** |
| **Трансфери и донации** | **87.697.901** | **52.868.277** | **60,28** |
| ***Вкупно*** | ***1.273.293.330*** | ***817.040.408*** | ***64,17*** |

***Графикон бр.3***




Споредбено 2023 год. во однос на 2022 год. заклучно со овој квартал, доколку се има предвид остварувањето на буџетските приходи (изворни приходи, основен буџет) во номинален износ, изнесуваат:

- остварување во 2023 год. 640.606.506,оо денари
- остварување во 2022 год. 444.787.887,оо денари

Остварувањето во 2023 год. на основниот буџет, соодветно на прикажаното остварување е за 44,025 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2022 година.

Споредбено 2023 год. во однос на 2022 год. заклучно со третиот квартал, доколку се има предвид остварувањето на вкупните буџетски приходи по сите основи (изворни приходи, самофинансирачки активности, блок дотации, донации), во номинален износ, изнесуваат:

- остварување во 2023 год. 1.080.247.972,оо денари
- остварување во 2022 год. 817.040.408,оо денари

Остварувањето во 2023 год. на вкупниот буџет, соодветно на прикажаното остварување е за 32,214 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2022 година.

Активната политика која општина Охрид ја води во однос на прибирање на приходите по сите основи и извори во текот на претходниот периодот очекувано резултираше со остварување на буџетот над планираните рамки на задоволително- високо ниво, имајќи ги во предвид како остварувањата на приходите од основниот буџет, исто така и остварувањето на приходите во вкупниот буџет, што од своја страна овозможи како подмирување на тековните обврски кои ги презема општината ист така и подмирување на огромен дел на обврските од изминати години по основ судски извршни решенија, со што после долги години пред Општина Охрид се отвора можност и поволна ситуација за целосно расчистување на проблемот со наследените долгови, кои со години го оптоваруваат работењето на општината.

Во продолжение даваме графички приказ споредбено за проекцијата и остварувањето на поодделните групи на приходи за 2022 и 2023 година за третиот квартал.

***Графикон бр.4***




Динамиката како и износите на остварување на буџетот кумулативно на синтетички конта во пропишана форма се прикажуваат и доставуваат до секторот за буџети во министерството за финансии на унифициран образец К1 кој поблиску ги прикажува планираните износи на приходи и нивното остварување, заклучно со последниот ден од тековниот квартал, во случајов со 30.09.2023 година.

**Расходи**

Расходите на буџетот, според корисници и намени, се групирани во соодветни програми, а најчесто застапени и користени програми во процесот на буџетирање на локалната самоуправа се следните:

- Совет на општина, која ги содржи и опфаќа активностите и расходите поврзани со работата на општинскиот совет;
- Градоначалник, во која се искажани потребните расходи за функционирање на институцијата Градоначалник;
- Општинска администрација, ги содржи расходите неопходни за функционирање на општинската адинистрација во делот на режиските трошоци како и други трошоци неопходни за функционирање на општинските служби;

Следни на листата се програмите во кои се зацртани разни активности и проекти од значење за развојот на општината, а се однесуваат на разни инфраструктурни активности:

- *Урбанистичко планирање,* програма која е од особено значење за развојот на локалната самоуправа од аспект што планирањето на просторот од секогаш било една од основните и најважни активности и надлежности на локалната власт во смисла дефинирање на просторот за живеење и функционирање на одредена група на луѓе, преку генералните и деталните урбанистички планови;
- *Уредување на градежно земјиште.* Оваа програма исто така е од витално значење за граѓаните од аспект на инфраструктурни решенија за непречено одвивање на секојдневните активности на населението и решавањето на основните човекови потреби од овој вид како изградба на пристапни улици, водовод, обезбедување со електрична енергија и сл.;

- *Поддршка на локалниот економски развој.* Со почеток на спроведувањето на процесот на децентрализација во Македонија, за првпат општините добија надлежност да се грижат за локалниот економски развој. Една од активностите кои треба да имаат централно место во активностите на општините од овој вид е поддршката на развојот на малите и средните претпријатија и поттикнување на претприемништвото. Оваа надлежност на локалната самоуправа, како релативно нова, неопходно побарува голема инвентивност и креативност од локалните власти, кои ќе се во согласност со нивните стратешки планови и документи и ќе помогне во изнаоѓање на форми и мерки за поддршка на развојот на овие претпријатија за што секако потребна е и одредена координираност и корелација со централната власт;

- *Поттикнување и развој на туризмот.* Имајќи ги во предвид природните богатства и капацитети кои ги поседува нашата општина и заложбите за промоција на градот како привлечна туристичка дестинација, една од главните активности и програми во планирањето на буџетот треба да биде токму оваа;

- *Проекти за енергетска ефикасност.* Имајќи ги во предвид измени во Законот за енергетика и задолжителноста во спроведување на одредбите од овој закон, имајќи ја во вид се поголемата ограниченост на обновливите ресурси, оваа програма и активностите од овој вид повеќе од сигурно е дека во наредните години ќе заземаат се позначајно место во планирањето на буџетите на локалните самоуправи;

- *Изградба и одржување на јавно осветление,* како програма предвидена во буџетот на општина Охрид служи за реализација на активности од оваа област, подобрување на постојната мрежа, како и изградба на нови мрежи низ општината во оние делови каде што нема или има во недоволен обем. Во врска со овие активности во соодветна законска постапка преку ЈПП избран е јавен приватен партнер кој изврши модернизација, проширување и одржување на системот за јавно осветлување на општина Охрид;

- *Јавна чистота.* Друг сегмент, кој не е помалку значаен од економскиот развој е и заштитата и зачувувањето на животната средина. Локалната самоуправа несомнено во овој правец превзема голем број на активности и мерки за спроведување на оваа надлежност;

- *Изградба, одржување и заштита на локални улици и патишта*, согласно позитивните законски програми оваа програма ги опфаќа активностите за изградба на нови улици и патишта кои се во надлежност на локалната самоуправа, одржување на постојните улици и патишта, вклучително и зимското одржување. Од аспект на непречено одвивање на целокупната комуникација во границите на општината, оваа програма и активностите предвидени во истата се итоа како битни од повеќе аспекти и не случајно оваа програма според својот опфат во буџетот е една од поголемите и пообемни програми;

- *Изградба на сообраќајна сигнализација,* како програма е во тесна врска со претходната програма и во своите активности ги опфаќа работите за поставување хоризонтална и вертикална сигнализација на улиците и патиштата во надлежност на општината а во насока на безбедно одвивање на сообраќајот, правилно информирање и заштита на сите учесници во сообраќајот;

- *Изградба на сиситеми за водоснабдување,* програма која како развојна програма опфаќа активности за изградба и реконструкција на водоводни мрежи на територија на општина Охрид, програма која исто така е од големо значење за квалитетот на живеењето на граѓаните;

- *Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води,* програма која ги опфаќа активностите за изградба и реконструкција на капацитети за одведување и пречистување на отпадни води, активности кои покрај тоа што директно влијаат на квалитетот на животот на граѓаните исто така имаат значаен ефект за заштита на животната средина;

- *Социјална заштита,* оваа програма опфаќа друг значаен момент кој треба да се опфати со стратешките приритети на општината, планирани активности кои во континуитет ќе опфатат социјална заштита на населението и заштитата на децата. Овие активности исто така треба да бидат усогласени со националната програма за развој на социјалната заптита и опфаќа повеќе сегменти како заштита на децата, социјална грижа за инвалидизирани лица и лица со специјални потреби, грижа за стари лица и сл. Како релативно нова надлежност на локалната самоуправа во овој дел многу се прави но исто така има уште многу работи кои треба да бидат осмислени и реализирани, во согласност со надлежностите и финансискиот капацитет на општината;
- *Спорт и рекреација,* активностите опфатени во оваа програма се значаен сегмент и дел кој дава придонес во развојот на здрави поколенија и начин на кој младите треба да се отргнат од пороците на денешницата. Со сегашната поставеност на системот спортот на локално ниво е целосно надвор од финансирањето на централната власт и тој е оставен на локалните самоуправи, кои во рамките на своите можности го потпомагаат. Субвенционирањето на активностите од овој тип се предвидени во буџетот на општината токму во оваа програма;
- *Образование и култура,* за значењето на оваа програма не треба многу да се зборува и оттука планираните активности и инвестиции во оваа програма се доста значајни итоа на долг рок. Науката и продукцијата на стручни, образовани и обучени кадри е она што ја влече економијата во прогрес, тоа е иднината на секое општество, влечна сила за напредок и развој на општеството. Активностите во оваа програма се остваруваат како преку блок дотации, така и со сопствени средства од буџетот на општината. Поради сето претходно кажано итоа како е значајно вложувањето во овој процес со цел унапредување и развој на образовниот процес;
- *Противпожарна заштита,* во оваа програма се опфатени расходите за територијалната против пожарна единица, како во делот за покривање на режиските трошоци така и во делот за набавка на потребните ресурси за непречено извршување на законските надлежности и обврски на оваа институција.

Секоја од овие програми е структуирана согласно економската класификација на приходите и расходите утврдена од Министерството за финансии. Покрај овие програми, кои најчесто се јавуваат при креирањето на локалните буџети, постои можност, доколку се јави потреба, во соодветна процедура да бидат креирани и нови програми, кои ќе бидат во согласност со извршувањето на надлежностите на некоја локална самоуправа. При планирањето на активностите и програмите во буџетот важен момент е утврдувањето на расходите како и нивната структура. Структурата на расходите покрај законски утврдените надлежности на општината произлегува и е зависна и од структурата и висината на планираните и остварени приходи и е во тесна врска со нив. Структурата на расходите генерално се разликува во зависност од тоа дали се разгледува вкупниот или основниот буџет, но во основа, генерален заклучок е дека капиталните расходи, во најзначителен дел се реализираат и финансираат од сопствени средства.

Остварувањето, висината, како и динамиката на вкупните расходи е значајно од аспект на отварање на можности за реализација на утврдените програми за работа имплементирани во буџетот на општината како и задоволување на потребите на граѓаните за решавање на нивните инфраструктурни, комунални, културни и други потреби. Остварувањето по програми е дадено во табелата подолу во која е прикажан видот на програмата, планираните средства за остварување на програмата, реализацијата поодело по програми заклучно со 30.09.2023 како и процентот на остварување. Расходите поодело по структура и програми прикажани се во следната табела (податоците се однесуваат за расходите одосновниот буџет)

| | **Програм** | **Планирано** | **Остварено** | % |
|---|---|---|---|---|
| A0 | Совет на општина | 37.174.000 | 34.118.677 | 91,78 |
| D0 | Градоначалник | 4.028.400 | 3.612.552 | 89,68 |
| E0 | Општинска администрација | 191.183.983 | 155.114.459 | 81,13 |
| EA | Општинска админис.-капитални | 6.094.051 | 6.093.651 | 99,99 |
| F1 | Урбанистичко планирање | 600.000 | 572.228 | 95,37 |
| F2 | Уредување на градежно земјиште | 4.000.000 | 3.991.396 | 99,78 |
| FA | Уред.на градежно земјиште (капит.р) | 167.000.000 | 163.111.022 | 97,67 |
| G1 | Подршка на ЛЕР | 1.250.000 | 1.242.900 | 99,43 |
| G2 | Потт. на развојот на туризмот | 9.930.500 | 9.929.109 | 99,99 |
| GD | Проекти за енергетска ефикасност | 600.000 | 599.040 | 99,84 |
| J0 | Одржување урбана опрема | 770.000 | 769.532 | 99,94 |
| J3 | Јавно осветление | 55.200.000 | 55.200.000 | 100,00 |
| J4 | Јавна чистота | 14.239.410 | 14.239.410 | 100,00 |
| J6 | Оддржување и зашт.на пат.и улици | 7.250.000 | 7.229.113 | 99,71 |
| J7 | Оддрж. и корист. на парк. и зеленило | 9.822.456 | 9.821.730 | 99,99 |
| J8 | Други комунални услуги | 6.600.000 | 6.592.264 | 99,88 |
| JA | Изградба на јавно осветление | 5.500.000 | 5.500.000 | 100,00 |
| JF | Изград.на сообр. сигнализација | 7.050.000 | 7.047.214 | 99,96 |
| JL | Други ком. Услуги (капит.расх.) | 8.500.000 | 4.499.325 | 52,93 |
| JM | Паркови и зеленило капитал. расходи | 1.200.000 | 1.199.853 | 99,99 |
| JH | Урбана опрема (капиални расх.) | 15.400.000 | 15.398.302 | 99,99 |
| K4 | Култ.манифестации и творештво | 9.310.000 | 9.244.837 | 99,30 |
| Lo | Спорт и рекреација | 41.890.000 | 41.831.655 | 99,86 |
| N1 | Основно образование | 24.037.000 | 20.539.372 | 85,45 |
| N2 | Средно образование | 2.866.000 | 2.604.517 | 90,88 |
| NA | Основно образование-капитални расх. | 5.850.000 | 5.098.662 | 87,16 |
| Q0 | Заштита и спасување | 2.022.000 | 2.021.000 | 99,95 |
| R1 | Заштита на животна средина | 2.720.000 | 2.688.935 | 98,86 |
| T1 | Унапредув. на здр.заштита | 6.256.200 | 6.235.492 | 99,67 |
| V1 | Детски градинки | 7.200.000 | 5.500.000 | 76,39 |
| VA | Детски градинки (капитални расходи) | 1.400.000 | 1.399.891 | 99,99 |
| W0 | Противпожарна заштита | 32.663.000 | 21.241.139 | 65,03 |
| WA | Противпожарна заштита-капит.расх. | 1.593.000 | 1.569.995 | 98,56 |
| X1 | Родова еднаквост | 500.000 | 400.000 | 80,00 |
| | ***Вкупно*** | ***691.700.000*** | ***626.257.272*** | 90,54 |

Од податоците во табелата забележлив е високиот процент на реализација на пооделните програми. За анализираниот период неопходно е да се спомене и фактот дека дел од реализацијата се однесува на заплена на средства од пооделни програми што пак е резултат на високата реализација на приходната страна на буџетот и натфрлање на планираните износи во скоро сите категории буџетски приходи. Исто така друг момент кој треба да се спомне е потребата од разграничување помеѓу помеѓу финансискиот дел прикажан во тековниот квартал и остварувањето на програмите односно активностите кои се во тек. Сите овие активности и тековните проекти во тековниот квартал по дефиниција предизвикуваат финансиски импликации во некој нареден период односно квартал, кога се комплетира финансиската документација и се врши сметководствен третман на истата, поради што е потребно повнимателна анализа како на буџетскиот така и на програмскиот дел од материјалите.

**Број 08-17168/65** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИОТ КАЛЕНДАР**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување на буџетскиот календар, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/152** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М." бр.5/2002 ), член 27 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 82/20, 77/21 и 53/21) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за донесување на буџетскиот календар**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува буџетскиот календар за начинот и постапката за изготвување и донесување на буџетот на општина Охрид за 2024 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/66**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.Весник на Р.М" бр. 61/04 и 96/04) и член 18 од Статутот на Општина Охрид („Службен гласник на Општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 30.11.2023 год. донесе:

***Буџетски календар***

| **Можен датум** | **Буџетски активности и одговорност** |
|---|---|
| Обврска на Влада | Владата ги утврдува стратешките приоритети за наредната година |
| Обврска на МФ | Министерот за финансии доставува до владата на РМ фискална стратегија за наредните три години, владата ја донесува фискална стратегија на РМ. |
| Обврска на МФ | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на предлог буџет за наредната година. |
| 11.11.2023 година | Советот на општина Охрид го донесува буџетскиот календар |
| 12.11.2023 година | Градоначалникот подготвува и доставува општински буџетски циркулар за барањата и потребните средства на општинските буџетски корисници. |
| 19.11.2023 година | Општинските буџетски корисници ги доставуваат предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. |
| 22.11.2023 година | Одделот за буџет врши преговарање, анализирање на доставените предлог пресметки и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот буџет. |
| 24.11.2023 година | Градоначалникот го разгледува и одобрува нацрт буџетот подготвен од страна на финансискиот оддел на општината. |
| 29.11.2023 година | Советот на општината разгледува развојни документи вклучително, нацрт програми и буџет |
| 29.11.2023 година | -Се објавува содржината на нацрт буџетот и се дава достапност на јавноста,<br>- Се одржуваат јавни расправи,<br>- Се прибираат и разгледуваат примедби и забелешки од страна на граѓани, корисници, фондации, здруженија и други заинтересирани субјекти.<br>- Се разгледуваат новите барања, примедби, забелешки и предлози по кои одлучува и дава насоки градоначалникот. |
| 09.12.2023 година | До советот се доставува конечен предлог буџет од страна на |

| | |
|---|---|
| | градоначалникот. |
| 13-20.12.2023 година | Се води расправа во телата на советот на општината. |
| 22.12.2023 година | Седница на советот на општината за донесување на буџетот за наредната буџетска година. |
| 1 Јануари | Започнува новата буџетска година. |

**Број 08-17168/67**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ-ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/153**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден .11.2023 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ**
**Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА**

**Вовед**

Туристичкиот развој на Охрид како град кој е етаблиран како исклучителна туристичка дестинација е во фокусот на Секторот за туризам и локален економски развој.
Во тој контекст креирањето на годишната програма на Секторот за 2024 година е со цел одржување и обезбедување на континуиран туристичкиот раст и развој.

Креирањето на програмските активности подразбира детализирање на претходно утврдените приоритетни цели чие реализирање се подразбира како важен интерес како за градот така и за регионот во целина.

При одредување на конкретните активности Секторот истите ги усогласува согласно актуелните препораки за заштита на охридскиот регион како светско природно и културно наследство на УНЕСКО.

Согласно претходното, во делот на туризмот фокусот на Секторот е на следните насоки и активности на дејствување:

**1.** Управување со туристички дејности за стимулирање на развојот на туризмот.

**2.** Развој и промоција на дестинацијата преку координација на клучните активности за развој на туризмот (планирање, дестинација, развој на туристички производ и услуга, финансирање, одлучување и имплементација), во согласност со насоките дефинирани од Националната Стратегија за развој на туризмот, Стратегијата за развој на туризмот на општина Охрид, Стратегијата за рурален развој на општина Охрид, препораките на УНЕСКО и управување со заштитени подрачја и сл. документи.

**3.** Обезбедување на поцелосно застапување на конкретни локални/регионални интереси преку зајакнување на локални / регионални иницијативи и поврзување на засегнатите страни на локално / регионално ниво со цел да се создадат меѓународно конкурентни туристички производи.

**4.** Подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во заедницата и развивање на свеста за економската важност, социјалните и другите ефекти од туризмот, како и потребата и важноста од зачувување и подобрување на сите елементи на туристичката ресурсна база на охридската туристичка дестинација, а особено заштитата на животната средина како и природното и културното наследство во согласност со принципите на одржлив развој и препораките на УНЕСКО.

**5.** Подготовка на проекти и проектно управување.

Активностите предвидени во оваа програма ќе бидат имплементирани под мотото “OHRID GO”, како иницијален почеток на брендирање и развој на Охрид под унифициран слоган.

## ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2024 ГОДИНА

За реализација на Програмата за 2024 во износ од **26.433.000,00 ден**. ќе бидат обезбедени средства од следниве приходи:

| | |
|---|---|
| Средствата предвидени како приход од таксата за привремен престој | **10.720.000,00 ден.** |
| Приходи од донации | **15.713.000,00 ден.** |
| **Вкупно приходи за 2024** | **26.433.000,00 ден.** |

## I. УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ ЗА СТИМУЛИРАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ

### 1.1. Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид

Локалната самоуправа согласно надлежностите и законските обврски, преку Секторот за ТЛЕР – Одд. за туризам во 2024 ќе продолжи со активностите за управување со туристичките дејности од мал обем во кои влегуваат:

- Евиденција, регистрација, категоризација како и продолжување на решенијата за категоризација на сместувачки капацитети од мал обем.
- Евиденција и регистрација на даватели на услуги во селски, етно и еколошки туризам,
- Евиденција и регистрација на даватели на услуги за туристичка дејност – вршење на услужни дејности, изнајмување на пловила за забава (сандолини), даска за едрење и слично..),
- Евиденција и регистрација на даватели на услуги за туристички услужни дејности поврзани со водениот превоз кои се реализираат со пловен објект со јачина на мотор кој не надминува 10 коњски сили и кој вклучува превоз на максимум 12 лица.

**Предвиден буџет** **0,00 ден**

**Вкупно предвиден буџет за I:** **0,00 ден**

## II РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРСТРУКТУРА И ПРОИЗВОД

Подобрувањето на туристичката понуда и производи е еден од клучните елементи во развојот на дестинацијата. Особено внимание треба да се обрнува на развој и подобрување на туристичката понуда со нови туристички содржини, и подобрување и адаптација на постоечките кон новите светски трендови. Збогатувањето на туристичката понуда и производи е од суштинско значење за одржување на константноста во атрактивноста и привлечноста на Охрид како туристичка дестинација.

### 2.1 Изградба на адреналински парк “OHRID GO adventuristic”

Целта на изградбата на адреналинскиот парк е подобрување и проширување на туристичката и спортска понуда, со цел привлекување странски и домашни посетители и групи, нудејќи им единствено катче за спорт, рекреација и дружење. Паркот ќе биде нова туристичко – рекреативна содржина, привлечен за многу потенцијални сегменти на посетители како млади парови, семејства со мали или големи деца, семејни собири, тим билдинзи, роденденски забави, странски посетители и посетители кои бараат уникатни спортски активности.

Паркот ќе зафаќа површина од околу 400 м2 и ќе биде направен според ЕУ стандардот EN15567 кој користи еден од најбезбедните системи за ваков тип на активности. Исто така, изградбата на паркот значи минимално влијание врз животната средина, а елементите што се користат главно се направени од дрво како одржлив ресурс, кое исто така е издржлив и квалитетен.
Адреналинскиот парк ќе биде изграден во склоп на поранешната касарна.

Средствата се обезбедени од проектот “OHRID GO”.

**Предвиден буџет** **9.570.000,00 ден**

### 2.2 Изградба на PUMP TRACK полигон “OHRID GO dynamic”

Полигонот Pump Track претставува кружна патека со кривини и заоблени контури, кој се користи во рекреативни цели за сите возрасни категории. Неговата форма овозможува забавна, но безбедна спортска активност. На него може да возат велосипедисти и други корисници од сите возрасти и нивоа на вештини. Како прогресивна структура, тој е совршен како за учење основни трикови, така и за обука на елитните спортисти. Подобен е за користење од страна на за сите видови на велосипеди, скејтборди, ролери, тротинети и слично. Иако полигонот овозможува изведување на разни трикови и акробации, истиот е безбеден и за најмладите корисници. Ќе биде изграден според европските стандарди за игралишта, следејќи ги европските безбедносни норми EN 1176, EN 1177, EN 15312 и EN 14974.

Со неговата изградба се предвидува збогатување на туристичката понуда, како и добивање на ново рекреативна содржина за сите категории на посетители.

Полигонот Pump Track ќе биде изграден во склоп на поранешната касарна.

Средствата се обезбедени од проектот “OHRID GO”.

**Предвиден буџет** **4.045.000,00 ден**

### 2.3 Набавка на мрежа на вежбалиште за голф терен и припремни активности

Во насока на постигнување на повисок степен на безбедност на вежбалиштето на голф предвидена е набавка на мрежа и дополнителни материјали неопходни за поставување на мрежата.

**Предвиден буџет** **1.000.000,00 ден**

### 2.4 Бесплатен Hot Spot Интернет “OHRID GO connected”

Поставувањето на бесплатен hot spot интернет на јавни локации е одлична можност за посетителите и гостите во градот преку користење на бесплатен интернет да добијат информации за туристичката понуда и услугите во градот. Планирано е обезбедување на бесплатен hot spot интернет на неколку најпосетувани локации во Охрид.

**Предвиден буџет** **120.000,00 ден**

**Вкупно предвиден буџет за II:** **14.735.000,00 ден**

## 3. ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД

Промоција и маркетинг на дестинацијата и обезбедување на поцелосно застапување на конкретни локални/регионални интереси преку зајакнување на локални/регионални иницијативи и поврзување на засегнатите страни на локално / регионално и меѓународно ниво со цел да се создадат меѓународно конкурентни туристички производи.

### 3.1. Промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид

Промоција на туристичкиот потенцијал ќе се реализира преку стандардните начини на промоција, но ќе бидат применети и нови, современи пристапи во промовирањето на туристичката понуда и потенцијалите на Охрид.
Воедно, оваа активност предвидува директни или индиректни претставувања на Охрид на туристичките берзи и саеми, како и партиципација на промотивни настани во странство.

Целта на оваа активност е да се претстави Охрид на емитивните туристички пазари.

**Предвиден буџет** **200.000,00 ден**

**3.2. Редизајн на ohrid.com во туристичко информативен портал**

Оваа активност вклучува редизајнирање на веб странаta www.ohrid.com со цел поширока промоција на културно-историското наследство на градот Охрид, како и споделување на информации од промотивен карактер кои ќе се од корист на туристите и посетителите на Охрид. На веб страната, покрај за културно-историските знаменитости ќе бидат содржани информации за сместувачките капацитети на градот, информации за настани како и останати содржани кои ќе бидат од корист на посетителите и туристите.

**Предвиден буџет** **400.000,00 ден**

**Вкупно предвиден буџет за III:** **600.000,00 ден**

## 4. СТАНДАРДИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ УСЛУГИ И ПРОИЗВОДИ

Подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во заедницата и развивање на свеста за економската важност, социјалните и другите ефекти од туризмот, подигање на човечките капацитети и ресурси во алтернативниот туризам, како и потребата и важноста од зачувување и подобрување на сите елементи на туристичката ресурсна база на охридската туристичка дестинација, а особено заштитата на животната средина како и природното и културното наследство во согласност со принципите на одржлив развој и препораките на УНЕСКО ќе бидат основа за развој на туристичката дестинација.

**4.1. Финансирање на микропроекти за поддршка на развојот на туризмот согласно приоритетните цели за одржлив развој**

Микропроектите претставуваат ефикасна форма на финансиска поддршка на микрозаедниците во партнерство со граѓанските здруженија за реализација на развојни идеи во областа на туризмот. Активноста ќе се реализира со објавување на јавен повик, по претходно утврден правилник за критериуми за учество.

Предвидено е финансирање на микропроекти за ревитализација на традиционални рурални туристички атракции од заедничко значење за заедницата (ревитализација на стари фурни, чешми, воденици, занаетчиски простори, фото-документациски архиви, имплементација на програми за соработка и вмрежување, како и поддршка на идеи за промоција на локални производи и услуги и сл.).

Дел од средствата ќе бидат наменети за исплата на реализирани проекти од 2023.

**Предвиден буџет** **1.000.000.00 ден**

**4.2. Реализација на активности од „Анализата на визуелното оптеретување на градот“ - “OHRID GO authentic”**

Исплата на обврски од 2023 година и објава на тендер за нови активности согласно анализата.

**Предвиден буџет** **6.000.000,00 ден**

**Вкупно предвиден буџет за IV:** **7.000.000,00 ден**

## 5. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

### 5.1. Средства од аплицирани и одобрени проекти

Оваа активност од Проектот Охрид ГО предвидува поставување на урбана опрема – мобилен бар во Касарна.

| | |
|---|---|
| **Предвиден буџет** | **2.098.000,00 ден** |

### 5.2. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Во оваа програмска активност е предвидено сопствено учество во општински, регионални, национални и меѓународни проекти. Од позначајните планирано е партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, како и зедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проекти,** како и партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот плански регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој и проектите со средства од Агенцијата за рурален развој и други агенции.

| | |
|---|---|
| **Предвиден буџет** | **2.000.000,00 ден** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно предвиден буџет за V:** | **4.098.000,00 ден** |

| | |
|---|---|
| **ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2024:** | **26.433.000,00 ден** |

**РЕКАПИТУЛАР**

| НАЦРТ Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Активност** | **Средства од буџет** | **Средства од донации** | **ВКУПНО** |
| **I** | **УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ ЗА СТИМУЛИРАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ** | | | |
| 1.1. | Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид | 0,00 | | 0,00 |
| | **Вкупно 1** | **0,00** | **0,00** | **0,00** |
| **II** | **РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРСТРУКТУРА И ПРОИЗВОД** | | | |
| 2.1. | Изградба на адреналински парк “OHRID GO adventuristic” | | 9.570.000,00 | 9.570.000,00 |
| 2.2. | Изградба на PUMP TRACK полигон “OHRID GO dynamic” | | 4.045.000,00 | 4.095.000,00 |
| 2.3. | Набавка на мрежа на вежбалиште за голф терен и припремни активности | 1.000.000,00 | | 1.000.000,00 |
| 2.4. | Бесплатен Hot Spot Интернет “OHRID GO connected” | 120.000,00 | | 120.000,00 |
| | **Вкупно 2** | **1.120.000,00** | **13.615.000,00** | **14.735.000,00** |
| **III** | **ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД** | | | |
| 3.1. | Промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид | 200.000,00 | | 200.000,00 |
| 3.2. | Редизајн на ohrid.com во туристичко информативен портал | 400.000,00 | | 400.000,00 |
| | **Вкупно 3** | **600.000,00** | **/** | **600.000,00** |
| **IV** | **СТАНДАРДИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ УСЛУГИ И ПРОИЗВОДИ** | | | |
| 4.1. | Финансирање на микропроекти за поддршка на развојот на туризмот согласно приоритетните цели за одржлив развој | 1.000.000,00 | | 1.000.000,00 |
| 4.2. | Реализација на активности од „Анализата на визуелното оптеретување на градот“ - “OHRID GO authentic” | 6.000.000,00 | | 6.000.000,00 |
| | **Вкупно 4** | **7.000.000,00** | | **7.000.000,00** |
| **V** | **ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ** | | | |
| 5.1. | Средства од аплицирани и одобрени проекти | | 2.098.000,00 | 2.098.000,00 |
| 5.2. | Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти | 2.000.000,00 | | 2.000.000,00 |
| | **Вкупно 5** | **2.000.000,00** | **2.098.000,00** | **4.098.000,00** |
| **ВКУПНО** | | **10.720.000,00** | **15.713.000,00** | **26.433.000,00** |

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/68** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ-ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/154** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната :

**НАЦРТ - ПРОГРАМА**
**ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА**

**Вовед**

Програмата за локален економски развој претставува дефиниран збир на проекти кои се планира да се реализираат во текот на 2024 година, и кон кои воглавно ќе бидат насочени активностите на Одделението за Локален економски развој. Реализацијата на оваа Програма ќе обезбеди континуиран одржлив развој на општината кој треба да го подобри нивото на животниот стандард на жителите на општина Охрид.

Програмата за поддршка на локалниот економски развој се изработува врз основа на надлежностите на Локалната Самоуправа кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа и Статутот на Општина Охрид.

Процесот на планирање на програмата е врз основа на законските обврски на Општина Охрид во соработка и со непосредно учество на бизнис секторот, граѓанскиот сектор, месните заедници, асоцијасии и сл.

Цел на оваа програма е остварување на низа активности со цел создавање на услови за одржлив локален економски развој на Општина Охрид.

Со стратешко планирање на програмата за локален економски развој на Општина Охрид, локалната заедница врши конкретен чекор за реализација на ефектите од децентрализацијата како политички процес и јакнење на демократските односи, а посебно демократското вклучување на граѓаните во процесот на одлучување со што Општина Охрид остварува чекор

напред во приближување кон европските стандарди и главните цели на Европската Унија со цел подобрување на локалниот развој.
Се предлагаат мерки и активности за подобрување на локалната економска политика како и поттикнување на развојот на малите и средни претпријатија и претприемништво.
Воедно одделението во согласност со законските обврски во областите на занаетчиството, угостителството и трговијата, ја координира својата работа со другите сектори во рамките на администрацијата на општина Охрид и врши други работи кои ќе му бидат определени.
Се планирааат и предлагаат мерки и активности во соработка со другите сектори во рамки на администрацијата на општина Охрид за развојни и структурни приорите на ниво на градот, иницира проекти што ќе се предложат за подршка од меѓународни, странски и домашни инвеститори.
Активностите во оваа програма се креирани согласно потребите на локалното население детектирани при изработката на стратешките документи, Стратегијата за развој на туризам и Стратегијата за рурален развој.

Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2024 година ќе се реализира преку Секторот за локален економски развој и Одделението за локален економски развој, согласно своите надлежности и задолженија во следните главни насоки на дејствување:

- **I.** ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ОХРИД И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА
- **II.** ОХРИД – ПАМЕТЕН И ЗЕЛЕН ГРАД / SMART AND GREEN CITY
- **III.** РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ
- **IV.** ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2024 ГОДИНА**

За реализација на Програмата за 2024 во износ од **17.625.000,00 ден** ќе бидат обезбедени средства од следниве приходи:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Буџетот на Општина Охрид | **6.020.000,00 ден** |
| 2 | Приходи по други основи - донации | **11.605.000,00 ден** |
| | Вкупно | **17.625.000,00 ден** |

## I. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ОХРИД И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА

Активностите кои се предвидени во овој дел од програмата се насочени кон подобрување на економската клима во градот, но воедно и еден од најсуштинските за привлекување на директни инвестиции, а со тоа и отварање на нови работни места. Економското зајакнување на градот е една од целите кои треба да се постигнат со реализацијата на предвидените активности. Токму затоа дел од активностите за зајакнување на локалниот економски развој предвидуваат воспоставување соработки и партнерства, зголемени можности за подобрување на пристапот до пристојно вработување и зголемување на приходите за различните категории на граѓани, пристап до подобрена едукација и вештини во секторите и сл.

### 1.6. Имплементација на лидер пристапот во општина Охрид

Во рамки на оваа активност предвидено е формирање и регистрација на локална акциона група согласно постојната законска регулатива. ЛИДЕР програмата е во функција на локалните чинители и на развојот на руралните средини. Станува збор за исклучително важна програма од особеното значење на руралниот развој, како клучен фактор за зачувување на населението во местата на нивно живеење. За тоа е неопходна континуирана синергична активност на сите локални чинители, помогнати од надлежните државни органи и подржани од локалната самоуправа. ЛИДЕР моделот, кој веќе 20 години функционира во ЕУ, а има мултисекторски пристап е (кратенка од француски јазик која означува – поврзување меѓу развојните активности и руралната економија). Станува збор за едно од успешните достигнувања на ЕУ, кое досега поминало низ четири фази, а од 2007 година претставува инструмент на заедничката политика и стратегија на ЕУ, која е интегрирана во националните и локалните програми за развој на земјоделството во земјите членки. Со овој пристап се потикнуваат руралните средини да ги користат своите ресурси за обезбедување на одржлив развој, кој се справува со општествените, економските и еколошките предизвици. Тоа е концепт кој влијае на промена на меналитетот на сите релевантни фактори во руралните средини. Тоа се промени во смисла на обедиент заеднички пристап во решавањето на конкретните проблем.

**Предвиден буџет 0,00 ден**

**1.7. Изработка на Студија за технолошко-рекреативен развој на просторот на поранешната касарна**

Поранешната касарна претставува локација која овозможува одлична можност за нејзин понатамошен развој. Лоцирана надвор од градскиот урбан центар, надвор од градскиот метеж, а сепак доволно близу да може да претставува локација која е блиска и достапна за сите. Со површина од околу 30 ха, дава изворнредна можност истата да биде функционално искористена. Ист е случајот и со објектите кои се лоцирани таму, а кои веќе долго време не функционираат и се во прилично лоша состојба. Сепак, веќе реновираната една зграда, како и планираните содржини од рекреативен карактер, се показател дека истата може да прерасне во нов урбан центар на градот. Со цел, зачувување на функционалноста на локацијата, нејзиното транформирање во јавна површина со комбиниран карактер (технолошки и рекреативен), потребен е сериозен и сеопфатен пристап во планирањето на нејзиниот развој. Со изработка на Студија за развој на овој простор, планирање на нејзината намена долгорочно, и подготовка на акциони планови за реализација на стратешките насоки, ќе добиеме можност целата оваа област да ја транформираме во технолошко-рекреативна зона. На овој начин ќе се добие сериозен документ кој покрај неговата примена во однос на планирањето на развој, ќе претставува основа преку која ќе може да се генерираат средства од различни донатори, а воедно ќе биде и алатка за привлекување на инвеститори. Самиот концепт за нејзина трансформација ќе овозможи развој на голем број на незагадувачки дејности, дисперзија на гравитирањето на населението и посетителите надвор од градскиот центар, ќе овозможи отварање на работни места, а воедно ќе биде и место за разонода и рекреација на сите генерации. Преку оваа студија ќе се добие и идејно решение за нејзиниот можен изглед, прикажан преку соодветни модерни алатки, 3Д анимации и сл. Во 2024 треба да се реализира финалната исплата.

**Предвиден буџет 1.545.000,00 ден**

**1.8. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд на Општина Охрид**

Општина Охрид предвидува субвенционирање на обуки за прекфалицијација и докфалификацијa на лица од различни возрасни групи кои сакаат да стекнат вештини и квалификации кои се потребни на пазарот на трудот. Со оваа активност е предвидено одржување на серија на стручни обуки кои ќе се реализираат во соработка со соодветни институции и работодавачи, со цел стимулирање на социјалната интеграција, намалување на невработеноста и зголемување на нивната конкурентност при вработување и стекнување на нови вештини. Изборот на струките за кои ќе се врши прекфалификација и докфалификација се прави врз основа наспроведени анкетни истражувања за потребите на охридското стопанство. Обуките ќе се спроведуваат во различни сегменти согласно потребите на пазарот.

**Предвиден буџет 600.000,00 ден**

**1.9. Активности за поддршка на женско претприемништво во општина Охрид**

**- Припрема и организирање на обуки за жени претприемачи**
Оваа активност вклучува обуки за жени претприемачи кои сакаат да отпочнат свој сопствен бизнис.

**Предвиден буџет 200.000,00 ден**

**- Менторство за почетници во бизнис и постојани претпријатија управувани од жени**
Оваа активност ќе се реализира преку менторства за почетници во бизнис и постојани претпријатија управувани од жени.

**Предвиден буџет 200.000,00 ден**

**Предвиден буџет за 1.4 400,000,00 ден**

**1.5 Субвенционирање на новорегистрирани и на веќе регистрирани занаетчии**

**Потребни финансиски средства: За 2024 година за реализација на проектот не се потребни финансиски средства .**

**12. Есенска рамноденица - почеток на есента 23 септември (ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта)**

*Образложение*: На почетокот на школската година во соработка со охридските основни училишта Општина Охрид објавува ликовен и литературен конкурс на зададена тема на која учениците испраќаат свои литературни творби, ликовни творби и инсталации од рециклирачки материјали.
**Потребни финансиски средства: За 2024 година се предвидени финансиски средства во висина од 30.000,00 денари.**

**ВКУПЕН БУЏЕТ НА ПРОГРАМАТА ИЗНЕСУВА : 5.740.000,00 денари**

**КАДРОВСКИ ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПО ПРОГРАМАТА**

Активностите во оваа програма се планирани во согласност со фискалната стратегија на Општина Охрид. Надлежен за изработка и спроведување на активностите по оваа програма е Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад .

**ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА**

Динамиката за извршување на активностите по оваа програма пред сè зависи од реалното подготвување на истата. Реализацијата на програмата во делот на одбележување на значајни денови на екологијата се одвива согласно календарот за одбележување на тие денови .
Динамиката за реализирање на програмата во делот за спроведување на законските обврски се одвива во текот на целата година согласно потребите.

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/72** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ-ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-годишната програма за спорт и рекреација за 2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/158** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден.11.2023 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА**
**за 2024 година**

Програмата за активностите во областа на спортот и рекреацијата во Општина Охрид за 2024 година е направена врз основа на одредбите од Законот за локална самоуправа ,Законот за спорт и други подзаконски акти.
*Јавниот интерес на спортот е:*

- Поттикнување на спортските активности на децата и младината во рамките на федерациите;
- Организирање и спроведување на спортски тренинзи и натпревари;
- Поттикнување на реализирањето на програмите на спортските федерации;
- Поттикнување и помагање на организирањето на спортски приредби и манифестации;
- Одржување,функционирање на постојните и планирање и изградба на објекти за спорт од јавен интерес на граѓаните на Општина Охрид и пошироко;
- Развој на масовниот спорт и рекреативните активности на граѓаните опфатени во програмите на спортските и спортско рекреативните клубови,училишен спорт,спорт за сите и особено спортско рекреативни активности на лица со посебни потреби;
- Организирање на спортски приредби и манифестации,поддржување на систем на натпревари на општинско ниво,регионално ниво,републичко ниво, поддржување на традиционални спортски манифестации од национален и меѓународен карактер, поддржување на училишниот и студентскиот спорт,манифестации и форми на натпревари за лица со посебни потреби како и масовните спортско-рекреативни активности на граѓаните,
- Класифицирање на спортските објекти,организирано користење на истите,опремување на рекреативни зони за масовно спортување;
- Поддршка и унапредување на спортот,спортските клубови регистрирани на подрачјето на Општина Охрид,
- Поддршка на општинските спортски сојузи како највисока форма на организирање на спортските клубови на подрачјето на Општината Охрид .
- Програмите се финансираат од буџетот на Општина Охрид,донации,спонзорства а за исполнување на програмите и утврдените рокови поднесуваат извештај до Општина Охрид .

*ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА*
Главни цели на програмата ЛО Спорт и рекреација е афирмирање на Општина Охрид како општина која создава услови за развој и поддршка на програмите за спорт,спортско-рекреативни активности,омасовување на спортот како и развој на спортскиот туризам.

Општината Охрид преку својата организациона поставеност во областа на спортот ќе придонесе за зголемен опфат на младите во спортот. Општината постојано ќе се грижи за позитивно насочување на своите граѓани. Реализацијата на програмите од областа на спортот и рекреацијата сигурно дека ќе придонесе за подигнувањето на квалитетот на живеење на граѓаните од сите социјални структури како и подршка на програмите за спорт и рекреација на лицата со посебни потреби.

Преку организираните системи на натпревари и други спортски манифестации ќе се создадат услови за настапи во општината во земјата и странство.

Општината Охрид преку поддршка на спортските настани секогаш ќе придонесува за

популаризација на спортот и достојно репрезентирање на можностите и потенцијалите на општината.

Општина Охрид во континуитет се грижи за создавање подобрување на условите за работа на постоечките спортски терени и изградба на нови.

*МЕТОДОЛОГИЈА*

Спортските натпревари и манифестации ги организираат и реализираат спортските клубови и националните спортски федерации.Спортски манифестации организираат и други правни и физички лица што вршат дејност спорт, под услови утврдени со Законот за спорт .

Програмата ЛО Спорт ирекреација се состои од активности за :

- Поддршка и развој на предучилишен и училишен спорт, реализирање спортски активности и систем на натпревари на учениците.
- Поддршка и унапредување на спортот,спортските клубови од Општина Охрид.
- Поддршка на рекреативни активности на граѓаните и рекреативни активности на лица со посебни потреби.
- Поддршка на традиционални манифестации и манифестации од особен интерес за Општина Охрид.
- Поддршка на програми и проекти на останати спопртски организации од интерес на Општина Охрид.
- Подршка на спортисти во индивидуалните спортови кои имаат високи достигнувања на државно и мегународно ниво.
- Создавање на услови за работа,подобра спортска инфраструктура.

Вреднувањето на програмите ќе се одредува врз основа на :

- Остварени спортски резултати во зависност од рангот на натпревари на клубот,поединци на клубови со остварен висок пласман .
- Број на учесници во активностите или манифестации (увид од програмите или проектите)
- Манифестацијата да е во календарот на соодветната спортска асоцијација(федерација) со утврден статус и категорија на натпреварот

*СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ*

- ***Традиционални манифестации***
- Општината Охрид ќе партиципира во традиционалните спортски приредби и манифестации од локален,регионален, национален и меѓународен карактер со цел зачувување на континуитетот на манифестациите за кои има интерес од граѓаните, а се е во интерес на развојот на спортот во општината како и нивниот придонес во развојот на спортскиот турзизам.
- ***Манифестации од особен интерес***

Општина Охрид преку поддршка на вакви спортски настани ќе придонесе за популаризација на спортот и достојно репрезентирање и промоција на можностите и потенцијалите на општината како и значајно ќе допринесе во развојот на спортскиот туризам.

- ***Хуманитарни акции***

Општина Охрид во координација со надлежните институции,Црвен крст-Охрид и други невладини организации ќе се вклучи и ќе даде подршка на хуманитарни акции со субјекти од областа спорт .

- ***Крводарителски акции***

Спортистите доброволно донираат крв на крводарителски акции

- ***Стоп на пороците***

Општина Охрид како организатор или коорганизатор ќе организира едукативни трибини за информираност и подигнување на свеста кај младите.

***Спорт за сите***

Општина Охрид ќе поддржува програми и проекти за масовен ,рекреативен спорт на граѓаните од општината бидејќи рекреативниот спорт треба да му овозможи на секој граѓанин согласно неговите потреби можности за активно вклучување во спортскиот живот во општината.

Активностите во областа на спортот Општина Охрид ќе ги насочи кон поттикнување,подржување и помагање за остварувањето на целите на оваа Програма за 2024 година со средства предвидени во висина од **54.395.000,00 денари**.

| **42 Стоки и услуги<br>Активност Образложение** | | | |
|---|---|---|---|
| **Изнајмување на друг тип на простор**<br><br>**Јануари-** | Изнајмување спортски објекти на ЈП„Билјанини Извори“ | Непречено и организирано користење на расположивите спортски објекти од страна на клубови,училишта, поединци, здруженија и др. Субјекти со создавање услови за спортување за сите генерации. Организирање и поддршка на најразлични спортски настани и активности, посебно со поддршка на талентирани спортисти и проекти што значат унапредување на спортот во Општина Охрид.<br>**Предвидените средства ќе бидат распределени по јавен повик за субвенционирање на трошоци за** | **5.000.000,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Декември** | | **користење на спортски терени на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид за спортските клубови, здруженија, спортски настани/ манифестации.** | |
| **Јануари-Декември** | Изнајмување спортски објекти на ЈП„Билјанини Извори“ | **Финсиски средства за ЈП„Билјанини извори“Охрид кој по јавен повик за субвенционирање на трошоци за користење на спортски терени од страна на спортските клубови и здруженија за 2023 се реализирани но поради извршување на буџетот на општина Охрид по судски извршни решенија не беа исплатени.** | **1.500.000,00** |
| **46 Субвенции и трансфери<br>Активност Образложение** | | | |
| **Трансфери до спортски клубови<br><br>Јануари-Декември** | **Трансфери кон спортски клубови** | Основната цел е поддржувањето на организираните активности за развој и унапредување на масовниот спорт и рекреактивниот спорт како и клубските натпревари и натпревари по принципот спорт за сите.Со оваа програма ќе се обезбеди финансиска поддршка на спортските клубови и школи во општина Охрид.<br>**Предвидените средства ќе бидат распределени по јавен повик за распределување на буџетските средства од програмата за спорт и рекреација од буџетот на општина Охрид за 2024 година за финансирање програми од Спортски клубови и здруженија** | **6.700.000,00** |
| **Трансфери до спортски клубови<br><br>Јануари-Декември** | **Трансфери кон спортски клубови** | **Директна подршка за спортските клубови во кои основачки влог има општина Охрид<br><br>1.ГРК Охрид<br><br>2.ГКК Охрид<br><br>3.ГФК Охрид Лихнидос<br><br>ВКУНО:** | **<br><br>15.000.000,00<br><br>5.000.000,00<br><br>8.000.000,00<br><br>28.000.000,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Трансфери до спортски клубови**<br><br>**Јануари-Декември** | **Трансфери кон спортски клубови** | **Финсиски средства за спортски клубови и здруженија кој во 2023 година согласно јавен повик се добитници на средства од буџетот на општина Охрид,но поради извршување на истиот по судски извршни решенија не беа исплатени.**<br><br>**1.Здружение за Таеквон-До„Хваранг Фист“-Охрид**<br><br>**2.БК.„Алексо Огненоски“-Охрид**<br><br>**3.ГК„Охрид“**<br><br>**ВКУПНО:** | **55.000,00**<br><br>**90.000,00**<br><br>**50.000,00**<br><br>**195.000,00** |
| **Други трансфери**<br><br>**Јануари-Декември** | **-Во други трансфери влегува подршка за:**<br>**-Спортски манифестации/настани, проекти од обласа на спортот**<br>**-Спортисти од индивидуални спортови**<br>**-Клубови за подводни дејности**<br>**-Училишен спорт**<br>**-Традиционални турнири**<br>**- Награди и признанија за најдобрите спортисти,спортски работници,клубови**<br>**-Активности на лицата за посебни потреби и пензионери** | -Поддршка за учество во училишните спортски системи на активности и натпревари на Сојузот на училиште на спорт Охрид,како и подршка на проекти кои ,ќе значат унаредување на наставата по физичко и здраствено образование и спорт.<br>-Подршка на спортските здруженија и клубови кои допринесуваат за развојот на подводните спортови,ја развиваат свеста кај населението за здрава животна околина и со својата работа активно учествуваат за развојот на спортскиот туризам.<br>-Финансиска подршка за спортски манифестации,настани и проекти кој со нивната реализација ќе допринесат за попурализација на спортот,подигнување на свеста за здрав начин на живот,масовност но истовремено можност за достигнување на врвни спортски резултати.Нивната подршка и одржување допринесува за промоција на општина Охрид како препознатлива спортско туристичка дестинација во земјата и светот.<br>.<br>-Подршка за спортско рекреативните активности за лица со посебни потреби и пензионерите,како и подршка за традиционални спортски натпревари при што играта секогаш ќе биде над резултатот.Реализацијата ќе значи можност за социјализација на сите учесници независно од нивната возраст,пол или етничка структура.<br><br>-Подршка за спортисти во индивидуалните спортови кои имаат врвни достигнувања на национално и меѓународно ниво.<br><br>**-Предвидените финасиски средства ќе бидат распределени по јавен повик за распределување на буџетските средства од програмата за спорт и рекреација од буџетот на општина Охрид за 2024** | **6.400.000,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **година за финансирање програми од Спортски манифестации, настани ,проекти,спортисти и други правни лица од областа на спортот на територијата на општина Охрид.** | |
| **Други трансфери**<br><br>**Јануари-Декември** | **Подршка за спортски манифестации,настани и проекти од областа на спортот** | **-Финсиски средства за спортски клубови и здруженија кој во 2023 година согласно јавен повик се добитници на средства од буџетот на општина Охрид за реализација на спортски манифестации,настани и проекти од областа на спортот,истите ги реализирале но поради извршување на буџетот на општина Охрид по судски извршни решенија средствата половично или во целост не им се исплатени.** | **65.000,00** |
| | | **1.ФК„ОСК Фер Плеј“-„Фер Плеј Куп 2023“** | **139.000,00** |
| | | **2.ЕК„Акватика Јахтинг“-„Интернационална едриличарска регата“** | **30.000,00** |
| | | **3. ЕК„Акватика Јахтинг“-„Експрес селинг“** | **140.000,00** |
| | | **4„Клуб за подводни дејности Охрид“-„Охрид нуркат“** | **60.000,00** |
| | | **5.ПК„Охридски бранови 2008“-Охрид „Мал Илинденски Пливачки маратон„** | **45.000,00** |
| | | **6. ПК„Охридски бранови 2008“-„Олимписки пливачки маратони 2.5км,5км,10км“** | **25.000,00** |
| | | **7. ПК„Охридски бранови 2008“-„Ревијален Ватерполо турнир2023“** | **20.000,00** |
| | | **8.ВК.„Шампион Систем“-„На Бована Сараиште“** | **25.000,00** |
| | | **9. ВК.„Шампион Систем“-„Трофеј Охрид 2023“** | **40.000,00** |
| | | | **55.000,00** |
| | | **10.ЕК„Меч Рејс Клуб“-„Прва регата околу Охридско езеро“** | **50.000,00** |
| | | **11.АК„Охрид трчаТ-„Пештани Екстрим Вертикал“** | **32.500,00** |
| | | **12.ВК„Горица Ремо“-„Меѓународна веслачка регата2023“** | **20.000,00** |
| | | **13. ВК„Горица Ремо“-„Регата со традиционални** | **15.000,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **кајчиња2023“**<br><br>**14.ПК„Акваспирит“-„Пливаме во сино“**<br><br>**15.ЖСК„Лихнидос“-Охрид„Турнир во стрелаштво 2023“**<br><br>**16.ФК„ФЦ Копенхаген“-Охрид„Свети Климентов куп-фудбалски турнир**<br><br>**17. ФК„ФЦ Копенхаген-„Новогодишен Куп 2023“**<br><br>**18.ШК„Ласкер“-Охрид„3-то општинско 7-мо Ноемвриско првенство во шах**<br><br>**19.КК„Колибри“-Охрид„Св.Климент Охридски 2023“кошаркарски турнир**<br><br>**20.ГК„Охрид“-„Отворени голф денови“**<br><br>**21.ЗГ„Кик Стар Про“-Охрид „Суп трка“„Суп јога“**<br><br>**22.НК„Амфора“-Охрид„Промоција на рекреативно нуркање за деца“**<br><br>**23.Јахтинг клуб „ОЛС“-Охрид „Запознај го едрењето,заштити го езерото“**<br>**24.ВК„Лихнидос“-Охрид „Куп Охрид 2023“Друмска велосипедска тура**<br><br>**25.Параглајдинг клуб„Флај Ох“-Охрид„Охрид Флај фестивал“**<br><br>**ВКУПНО:** | **30.000,00**<br><br>**30.000,00**<br>**30.000,00**<br><br>**30.000,00**<br><br>**30.000,00**<br><br>**20.000,00**<br>**69.500,00**<br><br>**25.000,00**<br>**45.000,00**<br><br>**69.500,00**<br><br>**1.140.000,00** |
| **Јануари-Декември** | **Училишни спортски лиги за основни и средни училишта** | Во насока на унапредување на училишниот спорт општината ќе финансира програми,проекти и спортски активности на учениците од основните и средните училишта од општина Охрид.<br>Училиштето има обврска да води грижа и за здравјето на учениците со овозможување правилен физички развој, во современи услови,како и создавање здравствена култура. Поради сето ова се помага училишниот спорт,се развива и организира при што учениците кои имаат афинитет и желба побрзо избираат сакан спорт под стручна контрола и организација.Воедно се создава еднаквост на правата за физичката активност на сите деца без оглед на нивните предиспозиции.<br>Организатор и реализатор:<br>-„Сојуз за училишен спорт Охрид“ | **500.000,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Јануари-Декември** | **Општински фудбалски сојуз-Охрид** | Во насока на подршка на општинскиот фудбал и општинските клубови<br>Средствата се наменети за покривање трошоци за судии,котизации,спортска опрема<br>-„ОФС“-Охрид | **250.000,00** |
| **Јануари-Декември** | **-Меморијален турнир во ракомет „Крсте Андоновски –Усташ”** | - Меморијален турнир во ракомет под покровителство на градоначалникот на општина Охрид,<br>а во организација на ГРК Охрид. | **600.000,00** |
| **Јануари-Декември** | **-Турнир во фудбал за млади категории„Охридски Фудбалски надежи’’** | -Турнир во фудбал за млади категории во кој ќе земат учество сите фудбалски школи во општина Охрид.Турнирот ќе биде под покровителство на градоначалникот на општина Охрид,а во организација на „Сојуз за Училишен спорт Охрид“. | **150.000,00** |
| **Јануари-Февруари** | **Спортска манифестација „Најдобрите од спортот во општина Охрид”2023** | „Најдобрите од спортот во општина Охрид”<br>Спортска манифестација на која се одбираат најдобрите спортисти,спортски работници,во организација на општина Охрид | **150.000,00** |
| **Јануари-Февруари** | **Печатарски услуги** | Средствата ќе бидат искористени за печатење,пехари,плакети,дипломи,рол банери,големи банери за потребите на спортски манифестации на кој организатор е општина Охрид | **60.000,00** |
| **Август-Септември** | **Охридски пливачки маратон 2024 Патека„Климе Савин”** | 37-мо издание на „Охридски пливачки маратон”.<br>Технички организатор:Пливачки клуб„Охридски бранови 2008”-Охрид | **1.300.000,00** |
| **Август-септември** | **Фестивал на водените спортови „Ohrid water festival’’2024** | Спортско-туристички настан кој ке трае 9 дена во кој ке се организираат спортски манифестации од сите спортови на вода,поврзано со музички концерти,презентација на храна и пијалоци автентични за охридскиот регион и Македонија | **800.000,00** |
| **Јануари-Декември** | **Субвенција за ЈП„Билјанини извори“Охрид за Набавка на друга опрема** | Метални заштитни подвижни огради за одржување на спортски настани,манифетстации,одржување концерти со цел зголемување на безбедноста. | **350.000,00** |
| **Јануари-декември** | **ЛА**<br>**Реконструкција на други објекти** | **Финансиски средства за ЈП„Пазар“-Охрид кој во 2023 г изврши реконструкција на ограда на мултифункционалното игралиште при ООУ„Христо Узунов“-Охрид**.<br>**Поради извршување на буџетот на општина Охрид по судски извршни решенија средствата во целост не им се исплатени.** | **300.000,00** |
| **Јануари-декември** | **ЛА**<br>**Субвенција за ЈП„Билјанини** | Одржување на условите за користење на постојните спортските терени во склоп на ЈП „Билјанини извори“ Охрид | **1.000.000,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **извори„Охрид Реконструкција на други објекти** | Реконструкција на трибина и ограда на фудбалски терен со вештачка трева при ЈП„Билјанини извори„Охрид | |

**Напомена: Неисплатени средства од 2023 година од програмата за спорт и ркреација 2023 поради извршување на буџетот на општина Охрид по судски извршни решенија се вкупно 3.135.000,00 денари од кој 1.500.000,00 денари се за изнајмување спортски објекти на ЈП„Билјанини Извори“Охрид, 195.000,00 денари се за трансфери кон спортски клубови,1.140.000,00 денари се за други трансфери и 300.000,00 денари се за реконструкција на други објекти,кој се пренесуваат за исплата во програмата за спорт и рекреација во 2024 година.**

**ВКУПНО :54.395.000,00**

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/73**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ-ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2024 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за млади и невладини организации за 2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/159**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден .11.2023 година, ја донесе следната:

# НАЦРТ- ПРОГРАМА
## ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2024 ГОДИНА

***Воведни напомени***

Општина Охрид ја препознава улогата на младите во развојот на општествените, демокаратски процеси, па затоа дава постојана систематизирана поддршка со цел нивно поголемо, активно вклучување во општествените процеси, а со самото тоа и развојот на градот. Програмата за млади и невладини организации претставува дополнителна алатка за вклучување на младите во сите активности на локално ниво и истата служи како водичи гаранција за успешна и просперитетна локална заедница.

Освен тоа за општина Охрид од клучна важност е и граѓанскиот сектор и неговата улога во развојот на општеството. Целта на општината е да обезбеди поголема вклученост и на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики со што би се постигнал развој на градот, а притоа би се подобрил и животот во заедницата. Со спроведувањето на програмата се воспоставува партнерски однос меѓу општина Охрид и граѓанските организации, онаму каде што општината има потреба од одредена задача, а тие можат да одговорат на истата. Се разбира, општина Охрид ја почитува независноста на граѓанските организации, како и нивната слобода при креирањето и спроведувањето на сопствените политики.

Од сето ова произлегува основната функција на одделението за млади и невладини организации при општина Охрид- да претставува мост на поврзување помеѓу младите, невладините организации и општината. Задачата на вработените во одделението за млади и невладини организации, водејќи се според оваа програма, е овозможување услови за подобра положба на младите во општеството, нивно учество во креирањето на младинските политики кои се важни за развојот на градот, формирање на работни групи по области и приоритети за потемелно и поефикасно истражување на потребите на младите, организирање на трибини, дебати, фокус групи, консултации, семинари и конференции, континуирани средби со претставниците на граѓанскиот сектор и останати активности кои произлегуваат од делокругот на работните активности на ова одделение.

## ПОДДРШКА НА НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

### *1. Учество во проектот ReLOAD2*

Општина Охрид втора година активно учествува во проектот на програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) ReLOaD2 откако беше потпишан меморандумот за разбирање помеѓу двете инволвирани страни. Проектот Регионална програма за локална демократија во Западен Балкан 2 ReLOaD2е финансиран од Европската унија и го спроведува програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во шест земји од Западен Балкан. Проектот ќе трае до декември 2024 година и истиот има за цел јакнење на партиципативната демократија и процесите за интеграција на земјите од Западен Балкан во Европската Унија преку јакнење на граѓанското општество и младите за нивно активно учество во процесот на донесување одлуки. Со проектот се потикнуваат локалните власти да го користат јавното финансирање за граѓанските организации на транспарентен и развојно ориентиран начин, препознаваќи ги локалните потреби.

Согласно потпишаниот меморандум, Општина Охрид се обврзува да издвои средства од општинскиот буџет во висина од 25%од вкупниот одобрен буџет на проектот. Средствата ќе бидат

наменети за кофинансирање на проектите на граѓанските организации кои ќе бидат избрани преку јавни повици организирани во рамки на самиот проект.

Општина Охрид и проектот ReLOaD2 во тековнава година а и следната ќе објави јавен повик до граѓанските организации за поднесување предлог проекти кои се доследни на развојните цели за кои преку јавен повик општината ќе ги определи како приоритетни за 2024 година.

**Извор на финансирање: Буџет на општина Охрид**

| *Ставка* | *Износ во денари* |
|---|---|
| Средства наменети за кофинансирање на проектите на ГО во рамките на проектот ReLOaD2 | ***881,648.00 МКД*** |

**ПОДДРШКА НА МЛАДИ И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ**

***1. Проект: МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР ОХРИД***

Младинскиот центар претставува еден од основните сервиси за младите со чие функционирање каде ќе се подготвуваат и спроведуваат програми кои ќе ја подобруваат б лагосостојбата на младите, развојот на личниот, социјален и професионален живот на младите, информации од важен интерес за младите и други апекти од животот на младите.Отворањето младински центри произлегува од член 22 од Законот за младинско учество и младински политики донесен во јануари 2020 година.

Врз таа основа а спрема член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02),член 18 став 1 точка 10, како и член 114 и 115 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08,10/10,05/11,09/14, 14/14 и 15/20), а во врска со член 22 од Законот за младинско учество и младински политики („Сл.Весник на РМ“ бр.10/20), како и Правилник за стандарди за квалитет на младинските центри бр. 12-923/1 од 07.04.2021 година, донесен од страна на Агенцијата за млади и спортСоветот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 11.2021 година донесе одлука за отстапување на времено користење и спроведување постапка за формирање на Младински Центар Охрид.Воедно по претходно објавен јавен повик бр.09- 433/2 од 13.01.2022 за избор на младинска организација или организација на млади која ќе раководи со младинскиот центар – Охрид Општина Охрид донесе решение со кое **Коалиција на младински организации СЕГА** од Прилеп се избира за оператор на Младински Центар Охрид.Во рамките на истиот по претходно објавен оглас на Коалиција на младински организцаии СЕГА вработени се три лица од кои еден раководител и двајца младински работници.

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА

Младинскиот центар во Охрид е место каде ќе се подготвуваат и спроведуваат програми кои ќе ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите, согласно член 22 од Законот за младинско учество и младински политики.

Целта на постоењето на младинскиот центар Охрид е да се обезбеди соодветен и безбеден простор каде ќе се спроведува системска поддршка на личниот развој на младите луѓе и нивното активно вклучување во животот во заедницата преку:

- неформалнообразование: обучување и подучување на млади;
- информирање, менторство, подучување и советување;
- информалноискуственоучењекое се случува во слободновременизучество во забавни и волонтерскиактивностиорганизираниза и одмлади.

Младинскиот центар и оваа година ќе биде отворен секој работен ден и ќе биде достапен за младите најмалку 40 часа, распоредени во најмалку 5 дена неделно. Во овој период младите можат да доаѓаат во Центарот, да учествуваат во програмските активности и да ги користат постојаните услуги или пак да се самоорганизираат, дружат и да ги користат достапните ресурси со поддршка на младинските работници од Центарот

## РАБОТЕН ПАКЕТ 1: КООРДИНАЦИЈА И РАКОВОДЕЊЕ СО ПРОЕКТОТ

### Координативни состаноци

Проектниот тим кој го сочинуваат Раководител на програми, Координатор на МЦО и Финансиски Менаџер од Коалиција СЕГА како и Раководител и 2 младински работници од МЦО ќе организираат редовни месечни состаноци за координација на програмските активности на Младински Центар Охрид. На состаноците ќе учествува и Извршниот директор, а по потреба ќе се вклучат и други членови од персоналот на СЕГА.

На првиот иницијален состанок во јануари 2024 година, проектниот тим ќе подготви оперативен план за спроведување на активноститеза 2024 година и ќе дефинира индикатори за успех. На иницијалниот состанок, проектниот тим ќе креира Календар за одбележување на позначајни интернационални денови во годината кои се од интерес на младите.

### Обезбедување на техничка и логистичка поддршка за програмски активности

Проектниот тим ќе биде задолжен за целосна техничка и логистичка поддршка за сите настани предвидени со програмата на МЦО. Тој ќе биде задолжен за обезбедување на простор за одржување на настаните и состаноците, набавка на материјали и технички материјали, како и обезбедување на храна и освежување.

Тековно ќе се развиваат и дополнуваат сите неопходни процедури за работа кои ќе овозможат непречено функционирање на Младинскиот Центар Охрид.

### Известување

Младинските работници се одговорни за документирање на спроведените активности според претходно утврдени правила од страна на Коалиција СЕГА. Раководителот на МЦО е одговорен на месечна основа да ја прибере и документира целосната административна документација од спроведените активности и ја испраќа до Проектниот координатор во форма на месечен извештај. Проектниот координатор и раководителот се задолжени за известување и комуникација со Општина Охрид. Финансискиот менаџер е задолжен за реализација на сите плаќања предвидени со буџетот на Младинскиот Центар Охрид, во согласност со финансиските процедури на СЕГА, како и за чување и документирање на финансиската документација од проектот и подготовка на финансиски извештај.

**Дисеминација и видливост**

Проектниот тим ќе биде задолжен за промоција на Младинскиот центар и програмските резултати преку средствата за јавно информирање, веб страни и социјални мрежи. На веб страната на МЦО, СЕГА и каналите на социјалните мрежи тимот редовно ќе споделува информации за напредокот на активностите на МЦО. Веб страната, како и профилите на центарот на социјалните мрежи (facebook, Instagram, tweeter, youtube) ќе се користат како канали за комуникација со јавноста. Дополнително, на почетокот на календарска година ќе се подготви Комуникациска Стратегија на Младинскиот Центар, која ќе биде водилка за активностите кои се однесуваат на видливост и промоција на центарот.

## РАБОТЕН ПАКЕТ 2: ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ НА МЛАДИНСКИТЕ РАБОТНИЦИ

**Интерна Обука за јакнење на капацитетите на младинските работници**

Во првиот квартал на спроведување на програмата на МЦО, СЕГА ќе организира интерна обука со цел зајакнување на вештините за работа со млади. Интерните обуки ќе бидат фокусирани кон успешно спроведување на Програмските Активности на МЦО, а ќе бидат спроведувани од претставници на персоналот на СЕГА.

## РАБОТЕН ПАКЕТ 3: ПРОМОЦИЈА НА РАБОТАТА НА МЦО

**Креирање на промотивен материјал**

За потребите од промоција на Младинскиот Центар Охрид, ќе се креирапромотивен материјал (нотеси, хартиени кеси, балони, белезици, маички) кои ќе се користат наменски при реализацијата на програмските активности.

Дополнително ќе се брендираат дел од прозорците со цел поголема видливост на самиот Центар.

**Организирање на ИНФО ДЕНОВИ за промоција на Младински Центар Охрид**

Во текот на 2024 година МЦО ќе продолжи да организира активности Инфо Денови, преку кои ќе се промовира работата на Младинскиот Центар, активностите, можностите за вклучување на локалните млади, како и услугите што ги нуди младинскиот центар за младите. Инфо деновите ќе бидат организирани на различни локации на кои фрекфенцијата на млади е најголема и на истите ќе се користат флаери и промотивни материјали со логото на МЦО и логото на Општина Охрид.

**Промоција на МЦО на социјалните мрежи**

На креираните профили на центарот на социјалните мрежи (facebook, Instagram) кои се користат како канали за комуникација со јавноста, секојдневно ќе се врши промоција на Младинскиот Центар и промоција на услугите и програмите што ги нудиме. Со оваа промоција се планира да се опфатат месечно околу 3 000 млади (допаѓања на фејсбук страната, рекации на постови, прегледи, импресии итн.), а истата бројка се очекува секој месец да се зголемува. Со цел поголема видливост на социјалните мрежи предвидени се средства за спонзорирање на социјалните мрежи.

## РАБОТЕН ПАКЕТ 4: ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ НА МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР ОХРИД

**Програма: Младинско Учество**

Во рамките на програмата за Младинско Учество во текот на 2024 година, Младинскиот Центар Охрид ќе спроведе кампања за поттикнување и унапредување на младинското учество. Кампањата ќе вклучи неколку компоненти:

[1] Е-младинско учество: поттикнување на учеството на младите преку дигитални алатки и платформа за дигитално младинско учество inciraj.mk (со која раководи Коалиција СЕГА)

[2] Работилници за младинско учество со млади на возраст од 15 – 29 години: Целта на овие работилници ќе биде младите да се запознаат со скалилата на учество и можностите како тие да се вклучат во процесите на донесување одлуки согласно постоечката законска регулатива

[3] Младински кругови – на теми кои се од интерес на младите Охриѓани а кои се во доменот на функционирањето на локалната самоуправа

[4] Ученичко учество – работилници со ученичките организации формирани во средните општински училишта за воспоставување процедури за работа, креирање на годишни програми и застапување за интересите на учениците

[5] Соработка со Локален Совет за Млади и Собрание за млади

[6] Клуб за Дебата – серија на работилници со млади со цел зајакнување на нивните вештини за јавно говорење, дебатирање и анализа на локалните проблеми.

**Програма: Младинско Информирање**

Со цел навремено и точно информирање на локалните млади за сите можности кои им се нудат (волонтерство, образование, култура, повици за учество на младински размени, стипендии, локални јавни повици, огласи за вработување, огласи за практикантсво), младинските работници секојдневно ќе објавуваат информации на веб страната и на социјалните мрежи. МЦО ќе продоложи да биде центар за документација и информирање со прибирање на печатени и електронски публикации, прирачници, книги и важни документи од областа на младите. Исто така младинските работници ќе ги промовираат европските програми за интернационални мобилности и волонтерство, интеркултурни размени како и можностите за искористување на овие програми од страна на младите.

Во рамките на оваа програма во Младинскиот Центар Охрид ќе продолжи да работи Медиа Клубот. Преку овој клуб младите кои имаат интерес за новинарство, графички дизајн и фотографија ќе можат да известуваат за теми од интерес на младите. Нивните вести ќе се објавуваат во посебно мени на веб страната на МЦО. Дополнително, младите ќе изработат списание за млади кое ќе излезе во еден годишен број (годишно списание) во текот на 2024 година.

Младински подкасти - во 2024 година од страна на членовите на Медиа клубот ќе се снимаат подкасти-емисии на теми од интерес на младите, како и актуелни случувања на локално ниво. Подкастите ќе бидат објавени на каналот на Youtubeна МЦО и на веб страната.

## Програма: Вработување и претприемништво

Програмата Вработување и претприемништво ќе вклучи серија на работилници за млади во насока на унапредување на нивниот личен развој и поттикнување на нивната вработливост. Работилниците ќе вклучат компоненти на кариерно насочување и кариерно советување во зависност од возраста на учесниците во програмата.

Дополнително, оваа програма предвидува објавување на сите можности за кариерен развој, образование и отворени работни места на веб страната на МЦО кои ќе се преземаат од повеќе проверени извори.

Младинскиот Центар Охрид ќе ја промовира и Гаранција за Млади (посебна мерка од Оперативниот План за вработување) помеѓу младите од Охрид, вклучително и активните мерки за вработување.

Во рамките на програмата се планираат следните активности:

[1] Саем за образование и кариера - организирање на Саем за образование и кариера, во соработка со средните училишта, факултетите и бизнис секторот во Општина Охрид.

[2] Работилници за кариерно советување и вработливост за млади лица – редовно спроведување на работилници со млади од 15 – 29 години.

[3] Мотивирачки трибини на МЦО

[4] Посета на млади претприемачи / успешни бизниси во Охрид

[5] Панел дискусии

[6] Конференција за младинско претприемништво – ноември 2024

## Програма: Култура

Посебен фокус во работата на Младинскиот Центар Охрид ќе има и програмата Култура. Оваа програма ќе вклучува активности во насока на развивање на креативниот потенцијал на младите но и промоција на млади уметници и креативци. Програмата за Култура ќе ги вклучи следниве компоненти:

[1] Креативен Клуб: ќе продолжи да работи и оваа година со цел да се поттикне креативноста кај младите, каде на информален начин младите ќе се дружат, креираат и творат. Креативниот клуб ќе функционира во согласност со потребите на младите во период од 6 месеци во текот на 2024 година.Во рамките на креативниот клуб ќе се организира Летна креативна школа за млади и деца која ќе има цел да ја поттикне креативноста кај младите лица и деца од Охрид.

[2] Театарска Работилница: младите кои имаат аспирации за глума ќе имаат можност преку театарска работилница да ги унапредат своите вештини и знаења од областа на театарот. Работилниците ќе резултираат со перформанс кој ќе биде организиран во просториите на МЦО, и на кој ќе присуствуваат млади лица и соработници на МЦО.

[3] Саем на рачни изработки – во насока на промоција на младите креатори и творци на ракотворби, МЦО повторно ќе организира саем на рачни изработки преку кои младите ќе имаат можност да ја

презентираат својата работа но и да ги понудат своите ракотворби на продажба на посетителите на саемот.

[4] Соработка со други организации и промоција на млади уметници – МЦО ќе продолжи да дава поддршка и промоција на различни музички, културни и уметнички настани организирани од млади уметници и организации од Охрид.

[5] Ликовна школа – оваа школа ќе се реализира со помош на ангажирање на ментор/ наставник каде преку серија на работилници младите ќе се запознаат со разни ликовни и уметнички техники.

[6] Музичка школа – оваа школа ќе биде реализирана од локален ментор / наставник по музичко каде ќе се вклучат млади кои имаат желба поблиску да се запознаат со музиката и да имаат можност да свират на различни инструменти.

[7] Литературен камп - Во текот на месец јануари ќе се организира литературен камп со средношколци со цел поттикнување на талентите за пишување и творење. МЦО ќе ги поддржи младите творци и ќе ги промовира нивните творби.

**Програма: Неформално Образование**

Програмата за Неформално Образование ќе опфати различни теми кои се од интерес на младите: здравје, екологија, недискриминација, безбедност и сл. Во првиот квартал од 2024 година, МЦО ќе го обнови Волонтерскиот Клуб кој ќе обезбеди можност за нови млади да се вклучат во работата на Центарот преку промоција на активностите и програмите на Центарот, но и преку учество во различни иницијативи кои ќе произлезат од младите за младите. Заедно со персоналот на МЦО волонтерскиот клуб ќе организира работилници на теми од интерес на младите. Воедно Волонтерскиот Клуб ќе биде вклучен и во:

[1] Одбележување на позначајни денови

[2] Неформално образование на теми од интерес на младите (работилници и предавања за здравје и спорт, безбедност, недискриминација, екологија, кампања за превенција од пороци, превенција од насилство и врсничко насилство и сл.)

[3] Младински иницијативи (како на пример Еко Акции, Панел дискусии, Форуми и сл.)

[4] Одбележување на Ден на Млади – Недела на млади: по повод 12 август, Светскиот Ден на младите, ќе се организираат серија на активности кои од една страна ќе ги презентираат сите програми на МЦО но и ќе се промовираат младите уметници, креативци и артисти преку пригоден хепенинг кој ќе се одржува цела недела (Недела на млади).

**Други услуги за млади, младински организации и организации за млади**

За потребите од младинските организации, организациите за млади, младинските неформални групи и младите воопшто, МЦО ќе ги изнајмува бесплатно своите простории за реализација на нивни настани но и за поттикнување на нивниот развој. Воедно, МЦО ќе ги промовира сите активности на други организации кои реализираат активности во просториите на Центарот кои се во интерес на младите.

## РАБОТЕН ПАКЕТ 5: СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНИ АКТЕРИ

### Соработка со училишта

На почеток на новата учебна година 2024/2025 ќе бидат обновени и потпишани меморандуми за соработка со основни и средни училишта со цел вклучување на учениците и заедничка организација и имплементација на предвидените активности кои опфаќаат различни креативни и едукативни работилници, обуки, забавни настани, инфо денови и сл.

### Состаноци со локални младински организации

Во текот на целата година, (на секои два месеци) ќе се одржуваат тековни состаноци со останатите младински организации со кои веќе имаме воспоставено успешна соработка: Младински Совет Охрид, Црвен крст Охрид, Енхелеус Лихнид, Суп Клуб Охрид, Фото Клуб Охрид, Охрид Трчат и други. МЦО ќе продолжи да работи на воспоставување на соработка со други организации кои работат на територијата на општина Охрид. Средбите ќе имаат за цел запознавање, подобра организација и имплементација на предвидените заеднички активности како што се: формирање на локален волонтерски клуб; одбележување на значајни датуми како Интернационален ден на волонтеризмот; организација на хуманитарни акции, јавни настани и други активности.

### Состаноци со претставници на локалните власти

Во текот на годината редовно ќе се организираат средби со претставници на локалните власти со цел презентација на спроведените активности и резултатите од истите. На истите состаноци ќе се дискутира за забелешки, насоки и идеи за подобрување на соработката, потребите и проблемите на младите и зголемување на младинскиот активизам во Општина Охрид.

Тековни состаноци во зависност од потребите ќе се организираат со Советникот за Млади при ЛС Охрид и со претставници на Локалниот Младински Совет со цел консултации и помагање за поуспешно спроведување на некои од предвидените активности.

**Предлог буџет за раководење со Младинскицентар Охрид за 2024 година, Коалиција на младински организации СЕГА**

| | Опис на трошокот | Единица Тип | Тип Цена | Количина # Единици | Месеци/ Единици | Побараноод општина Охрид (МКД) | Учество на апликантот (МКД) | ВКУПНО (МКД) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Персонал** | | | | | | **1,231,080.00** | **1,590,612.00** | **2,821,692.00** |
| 1.1 | ПрограмскиРаководител (СЕГА) | месец | 63,419.00 | 1 | 12 | 0.00 | 761,028.00 | **761,028.00** |
| 1.2 | МЦО Координатор (СЕГА) | месец | 54,132.00 | 1 | 12 | 0.00 | 649,584.00 | **649,584.00** |
| 1.3 | МЦО раководител | месец | 40,270.00 | 1 | 12 | 483,240.00 | 0.00 | **483,240.00** |
| 1.4 | МЦО Младинскиработник | месец | 35,650.00 | 1 | 12 | 427,800.00 | 0.00 | **427,800.00** |
| 1.5 | МЦО Младинскиработник | месец | 26,670.00 | 1 | 12 | 320,040.00 | 0.00 | **320,040.00** |
| 1.6 | Финансискиасистент (СЕГА) | месец | 15,000.00 | 1 | 12 | 0.00 | 180,000.00 | **180,000.00** |
| **2. Патнитрошоци** | | | | | | **37,920.00** | **0.00** | **37,920.00** |
| 2.1 | Патнитрошоцизакоординативнисостанocизамониторинг и евалуација | месец | 2,160.00 | 1 | 12 | 25,920.00 | 0.00 | 25,920.00 |
| 2.2 | Локалнипатнитрошоци | месец | 1,000.00 | 1 | 12 | 12,000.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| **3. Обуки** | | | | | | **9,000.00** | **0.00** | **9,000.00** |
| 3.1 | Интернаобука (патнитрошоци, сместување, работниматеријали, храна) | единица | 3,000.00 | 3 | 1 | 9,000.00 | 0.00 | 9,000.00 |
| **4. Другидиректнитрошоци** | | | | | | **9,600.00** | **0.00** | **9,600.00** |
| 4.1 | Банкарски задршки | месец | 800.00 | 1 | 12 | 9,600.00 | 0.00 | 9,600.00 |
| **5. Индиректнитрошоци** | | | | | | **72,000.00** | **24,000.00** | **96,000.00** |
| 5.1 | Канцеларискиматеријали | месец | 1,200.00 | 1 | 12 | 14,400.00 | 0.00 | 14,400.00 |
| 5.2 | Освежувањеза МЦО | месец | 1,000.00 | 1 | 12 | 12,000.00 | 0.00 | 12,000.00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.3 | Средствазa одржувањ е на канцеларij а МЦО | месец | 800.00 | 1 | 12 | 9,600.00 | 0.00 | 9,600.00 |
| 5.4. | Лицезачис тење на простории на МЦО | месец | 3,000.00 | 1 | 12 | 36,000.00 | 0.00 | 36,000.00 |
| 5.5 | Комуника цискитрош оци | месец | 2,000.00 | 1 | 12 | 0.00 | 24,000.00 | 24,000.00 |
| **6.Специфични трошоциповрзани со проектот** | | | | | | **331,100.00** | **0.00** | **331,100.00** |
| 6.1 | Печатење на промотивн иматеријал и (балони, маици, стикери, белезици) | единица | 20,000.00 | 1 | 1 | 20,000.00 | 0.00 | 20,000.00 |
| 6.2 | Тефтери (бележниц и) А5 | единица | 74.00 | 500 | 1 | 37,000.00 | 0.00 | 37,000.00 |
| 6.3 | Печатених артиенике си | единица | 100.00 | 200 | 1 | 20,000.00 | 0.00 | 20,000.00 |
| 6.4 | Знаме со јарбол (4 метра) | единица | 5,300.00 | 2 | 1 | 10,600.00 | 0.00 | 10,600.00 |
| 6.5 | Организир ање на настанзаД ен на млади | единица | 35,000.00 | 1 | 1 | 35,000.00 | 0.00 | 35,000.00 |
| 6.6 | Театарскар аботилниц а - реквизити | единица | 9,000.00 | 1 | 1 | 9,000.00 | 0.00 | 9,000.00 |
| 6.7 | Медиаклу б (печатење на весник) | единица | 6,000.00 | 1 | 1 | 6,000.00 | 0.00 | 6,000.00 |
| 6.8 | Креативен клуб | месец | 3,000.00 | 6 | 1 | 18,000.00 | 0.00 | 18,000.00 |
| 6.9 | Активност и на волонтерс киклуб | месец | 1,000.00 | 12 | 1 | 12,000.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 6.10 | Спонзорир ање на објави на социјални мрежи | месец | 2,000.00 | 12 | 1 | 24,000.00 | 0.00 | 24,000.00 |
| 6.11 | Печатење на материјали | единица | 3,500.00 | 1 | 1 | 3,500.00 | 0.00 | 3,500.00 |
| 6.12 | Хонорарза ментори/н аставници зашколиза | месец | 6,600.00 | 2 | 5 | 66,000.00 | 0.00 | 66,000.00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | музика и уметност | | | | | | | |
| 6.13 | Печатење на промотивн иматеријал и (флаери, публикаци и и сл.) | единица | 70,000.00 | 1 | 1 | 70,000.00 | 0.00 | 70,000.00 |
| **7.Трошоци заопремување на МЦО** | | | | | | **164,500.00** | **0.00** | **164,500.00** |
| 7.1 | Опремазао звучување | единица | 100,000.00 | 1 | 1 | 100,000.00 | 0.00 | 100,000.00 |
| 7.2 | Осветлува њезанаста ни | единица | 20,000.00 | 1 | 1 | 20,000.00 | 0.00 | 20,000.00 |
| 7.3 | ПП Апарат | единица | 3,000.00 | 1 | 1 | 3,000.00 | 0.00 | 3,000.00 |
| 7.4 | Сетзапрва помош | единица | 1,000.00 | 1 | 1 | 1,000.00 | 0.00 | 1,000.00 |
| 7.5 | Пепелник | единица | 1,500.00 | 1 | 1 | 1,500.00 | 0.00 | 1,500.00 |
| 7.6 | Столици во боја | единица | 2,600.00 | 10 | 1 | 26,000.00 | 0.00 | 26,000.00 |
| 7.7 | КлубМаси чки | единица | 4,000.00 | 2 | 1 | 8,000.00 | 0.00 | 8,000.00 |
| 7.8 | Брендира ње на прозори | единица | 5,000.00 | 1 | 1 | 5,000.00 | 0.00 | 5,000.00 |
| **Вкупнодиректн итрошоци** | | | | | | **1,855,200.00** | **1,614,612.00** | **3,469,812.00** |
| Административнитрошоци, 10% одпрограмскитетрошоци | | | | | | MKD 185,520.00 | MKD 0.00 | MKD 185,520.00 |
| **ВКУПНО** | | | | | | **MKD 2,040,720.00** | **MKD 1,614,612.00** | **MKD 3,655,332.00** |

| | ОПШТИНА ОХРИД | КОАЛИЦИЈА СЕГА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **ПРОЦЕНТУАЛЕН ПРИКАЗ НА БУЏЕТ** | **55.83%** | **44.17%** | **100.00%** |

**НАЦРТ ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**ЗА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ**

Со цел непречено функционирање на Локалниот младински совет и негово понатамошно активно делување, општината се обрзува да издвои средства потребни за реализација на годишната програма на Локалниот младински совет.

Локалниот младински службите ја достави својата програма во која се предвидени два предлог проекти со кои се таргетира младото население на територија на Општина Охрид и чија цел е поголема вклученост на младинската популација во општествените процеси.

Нацрт предлог програмата на Локалниот младински совет на Општина Охрид за 2024 година:

1. **ПРОЕКТ – Мултикултурен фестивал – Спојување на различни етнички заедници и нивно претставување на нивните култури.**

**1.1 Опис и цели на проектот**

Охрид претставува еден културен град кој е збир на култури од повеќе етнички заеднички.

Низ годините нашиот град се развивал мултикултурно, па така и денес во него живеат најразлични етникуми, како на пример: Македонци, Роми, Еѓипкани, Турци, Албанци, Срби, Власи, Бошњаци и други. Нашата цел преку овој проект е спојување на сите млади од различни етнички заедници на настан кадешто секоја заедница би имала можност да си ги претстави своите народни обележја, култура и уметност, преку својата традиционална храна, облека, танцови, инструменти, накит, песни, ора, итн.

**1.2 Целна група**

Младите од 15-29 години, учениците од основните и средните училишта, студентите и младите од различни етнички заеднички.

**1.3 Вклученост на младите**

Самиот проект би започнал со вклучување на младите во активностите на проектот кадешто тие преку нивно активно вклучување би придонесле за реализирање на предвидените активности (поетско читање, изведување на танцови, ора, народни песни, изложба на слики, накит, носии, инструменти). Исто така, младите и останатите посетители преку посетата на овој фестивал ќе имаат можност да се запознаат со културите, јазикот, уметноста и останатото народно творештво кое ќе биде претставено на самиот настан.

**1.4 Очекувани резултати**

- Запознавање на младите со различните етнички култури кои живеат во градот Охрид;

- Намалување на поларизацијата и јазот помеѓу етничките заедници;
- Здружување, зближување и вмрежување на младите од различни етникуми;
- Промоција на народното творештво од народите кои живеат во Охрид;
- Зголемена застапеност на социјалните мрежи;
- Остварена соработка со различните етникуми;

**1.5 Преглед на активности**

1. Мобилизација на младите;
2. Координативни средби со претставници на здруженија, образовни институции, професори, културни институции, културно-уметнички друштва и други засегнати страни;
3. Интеркултурна маса со етнолог;
4. On-line и медиумска промоција за време на целиот проект;
5. Завршен настан за промоција и вмрежување на младите од различните етникуми;

**1.6 Буџет**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Охрид

| Трошоци за проектот: | Износ во денари |
|---|---|
| Техничка опрема | 12,000,00 |
| Храна и Освежување | 30,000.00 |
| Промотивни материјали | 45,000.00 |
| Видео и Фотографија | 12,000.00 |
| Експерт од областа | 3,000.00 |
| Патни трошоци | 6,000.00 |
| **Вкупно:** | **108,000.00** |

**2. ПРОЕКТ – ЕКО СУП, ЕКО ПЛАНИНАРЕЊЕ, ЕКО ВЕЛОСИПЕД**

– физичка активност на младите и нивна мотивација за водење поздрав живот, развивање во правилна насока и подигање на еколошката свесност.

**1. Опис и цели на проектот**

Вклучување на сите основни и средни училишта на ниво на Охрид каде учениците би се вклучиле во одредена активност од проектот. Преку вакви активности се поттикнуваат младите на здрав начин на живот, мотивација и правилен развој со што сакаме да придонесеме до позитивни промени во животот на младите во време каде поголемиот дел од денот го поминуваат пред компјутери затворени, а со ваквите активности се стремиме за градење на едно здраво младо општество кое се грижи за животната средина.

Овие три активности се избрани поради тоа што позицијата на Охрид е таква што се наоѓа на езеро, но и на планина, и секако е толку мал град што до било која дестинација низ градот и подалеку може да се стигне со велосипед. Преку овие активности ќе се спроведуваат

акции за чистење на пешачка патека покрај Охридското езеро, чистење на плажа на Охридското езеро, и чистење на планинарска патека на Галичица.

**Напомена:**Безбедноста на младите и здравјето е на прво место, ниедна активност нема да ја наруши безбедноста и здравјето на младите.( напротив ќе го зголеми здравјето)

2. **Целна група**

Младите од 15-29 години, учениците од основните и средните училишта, студентите и останати.

3. **Вклученост на младите**

Самиот проект директно ги вклулува младите во извршувањето на активностите ( возење велосипед-чистење, планинарење-чистење, веслање суп даска – чистење)

4. **Очекувани резултати**

- Младите се запознаени со природните убавини на Охрид;
- Подигната еколошка свест;
- Зголемена потреба за физичка активност и бавење со одредени спортови кај младите;
- Задоволни и среќни млади;
- Почиста околина;

5. **Преглед на активности**

- Мобилизација на младите;
- Средби со професорите по физичка култура од основните и средни школи, со јавни претпријатија (комуналец и др.);
- Состанок со водичите и обучувачите за акцијата;
- Обезбедување храна, вода  и сл;
- Обезбедување суп  даски, велосипеди ;
- Обезбедување кеси, ракавици;
- Промоција на активноста;
- Спроведување на активностите (планинарење, велосипед, суп –веслање, чистење);

6. **Буџет**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Охрид

| **Трошоци за проектот:** | **Износ во денари** |
|---|---|
| Изнајмување опрема ( велосипед, суп-даски ) | 6,000.00 |
| Храна и Освежување | 15,000.00 |
| Промотивни материјали | 15,000.00 |
| Видео и Фотографија | 6,000.00 |
| Експерт од областа | 6,000.00 |
| Опрема за чистење(кеси за ѓубре, ракавици, дезинфекциско средство за раце) | 2,000.00 |
| Патни трошоци | / |

| **Вкупно:** | **50,000.00** |
|---|---|

| **Извор на финансирање** | **Износ во денари** |
|---|---|
| Буџет на Општина Охрид | 158,000.00 |
| **Вкупно** | 158,000.00 |

| | |
|---|---|
| **Вкупен износ на програмата во денари** | 158,000.00 |
| **Буџет на Општина Охрид во денари** | 158,000.00 |

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Програмата за работа на Советот на млади на Општина Охрид е изработена од членовите на Советот на млади на Општина Охрид во координација со претставници на општинската администрација. Целта на програмата е да делува во насока на реализирање на приоритетните цели за кои е основан Советот на млади на Општина Охрид. Програмата предвидува реализација на активности со кои се таргетира младинската популација на Општина Охрид какошто е претходно наведено. Согласно политиката на Општина Охрид затранспаретност и отчетност пред граѓаните, пред конечното донесување на самата програма ќе биде претставена нацрт верзија на која преку јавна расправа младите ќе имаат можност нивните идеи да ги претстават пред Советот на млади и да ги интегрираат во самата програма.

**Општина Охрид во 2023 година доби 8.000 долари во денарска притивредност од УНДП за реализација на две младински иницијативи.**

Во текот на 2023 година Локалниот Младински Совет доби обврска и изработи две иницијативи за чија реализација на Општина Охрид и беа одобрени 8000 долари од срана на УНДП и нивата реализација ќе биде и во текот на 2024 година.

Првиот одобрен проект има наслов **“Промоција на локалниот младински совет преку перомоција на младите, инклузија на млади еднаквост и доверба“.**

-Вториот одобрен проект има наслов **“Заштити се себе си, кажи не на насилството“.**

**За релаизација на овие два проекти предвидени се вкупно 460.000,00 денари**

| **Извор на финансирање** | **Износ во денари** |
|---|---|
| Буџет на Општина Охрид | **00.000,00** |
| УНДП | **460.000,00** |
| **Вкупно** | **460.000,00** |

**Вкупен буџет за предлог нацрт програма за Млади и НВОза 2024 година**

За успешнареализацијанапроктот„ReLOaD2“ОпштинаОхрид,се
обврзува да обезбеди средства од буџетот на општината во висина од минимум
25 % од вкупниот одобрен буџет на проектот. Средствата ќе се обезбедат во

рамки на прогрмата за млади и невладини организации на општината

| | |
|---|---|
| ***Вкупен износ на програма во денари*** | ***3.540.368,00*** |
| ***Буџет на УНДП во денари*** | ***460.000,00*** |
| ***Буџет на општина Охрид во денари*** | ***3.080.368,00*** |

Оваа Нацрт - програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.Гласник на општина Охрид„

**Број 08-17168/74**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ-ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2024 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за активностите на општина Охрид во областа на културата за 2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/160**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ( „Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид ( „Сл. гласник на општина Охрид “ бр 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) , Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ П Р О Г Р А М А**
**ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО**
**ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2024 ГОДИНА**

| Активности од областа на културата | Опис | Период на реализација | Носител | Износ |
|---|---|---|---|---|
| **МАНИФЕСТАЦИИ** | | | | |
| **Прличеви беседи** | Продолжување на долгогодишната традиција за промоција и негување на епохалното творештво на Григор С.Прличев | Февруари | Центар за култура “Григор Прличев”; Библиотека “Григор Прличев”; ООУ „Григор Прличев“; Општина Охрид НУ Библиотека,НУЦК Г.Прличев | **100.000,оо ден** |
| **Фестивал „Охридско лето“** | Меѓународна културна промоција на Охрид | јули-август | Министерство за култура; НУ “Охридско лето”; Општина Охрид | **400.000,оо ден.** |
| **Охридски етно фестивал** | Почит, негување, заштита и промоција на македонското фолклорно културно наследство | септември | Општина Охрид и ЗГ „Арт пријатели“ | **250.000,оо ден** |
| **„Вечер на Живко Чинго“** | Почит и негување на грандиозното книжевно дело на Живко Чинго | август | Општина Охрид; МЗ Велгошти; ООУ “Живко Чинго” –Велгошти | **100.000,оо ден.** |
| **Поетска ноќ во Велестово** | Меѓународна промоција на поетската реч и ликовната уметност | август | Здружение на граѓани “Поетска ноќ во Велестово”; МЗ Велестово; Општина Охрид | **130.000,оо ден.** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Културно-забавно лето “На зајдисонце воТрпејца”** | Промоција на охридските природни убавини | Јули-август | Здружение за развој и промоција За “Трпејца со љубов”; Општина Охрид | **80.000,оо ден.** |
| **Културно лето - Пештани** | Промоција на охридските природни и културни убавини;меѓународна културна промоција на Охрид | август | Општина Охрид, Здружение за мултидициплинарни уметности „Арте Азура“ (м-р Валентина Толеска) | **60.000,оо ден** |
| **Поетска манифестација “Охридски бисер”** | Промоција на поетската реч | Јуни-јули | Здружение за литература и култура “Охридски Поетски бисер“; Општина Охрид | **30.000,оо ден.** |
| **Балкански – детско –младински камп: „Поетски искри од огништетото на Ванчо Николески”** | Меѓународна промоција на поетската реч и културна промоција на Охрид | Јуни-јули | Здружение за историја, литература, издаваштво, екологија и еко –туризам “Мацково” – Охрид; Општина Охрид | **100.000,оо ден** |
| **Фестивал на виното и музиката** | Промоција на винската традиција и меѓународна културна промоција на Охрид | 2024 | Општина Охрид,Продукциски куќи, авторски агенција, винарии | **1.000.000,ооден** |
| | | | **ВКУПНО:** | **2.250.000,оо ден** |
| **<u>ВЕРСКИ МАНИФЕСТАЦИИ</u>** | | | | |
| **Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање** | Продолжување на традицијата и негување на верските обичаи | јануари | Здружение на граѓани „Бадникови поворки”;Здружение за грижи и воспитување на децата на Охрид; МПЦ-Охридска архиепископија; Општина Охрид | **120.000,оо ден.** |
| **Богојавление - Водици** | Продолжување на вековната традиција и обичаите по повод празникот | јануари | Македонска православна црква; Општина Охрид | **600.000,оо ден.** |
| **Василичарски Карневал во с.Куратица** | Продолжување на вековната традиција и обичаите по повод празникот | јануари | МЗ Куратица,Здружение на граѓани Св. Василиј ; Општина Охрид | **60.000,00 ден.** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Карневал „Емшири“во Велгошти по повод празникот Прочка** | Продолжување на долгогодишната традиција и обичаите по повод празникот Прочка во Велгошти | Февруари-март | Општина Охрид,<br>Месна Заедница Велгошти,<br>ЗГ Коњанички спорт | **25.000,оо ден** |
| **Ифтарска вечер** | Негување и продолжување на верските традиции | април | Општина Охрид;<br>Исламска верска заедница | **150.000,оо ден.** |
| **Поддршка на други верски манифестации** | Негување и продолжување на верските традиции | континуирано | Општина Охрид, Здруженија на граѓани, верски заедници | **150.000,оо ден** |
| | | | **Вкупно:** | **1.105.000,оо ден.** |
| **<u>ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ</u>** | | | | |
| **Издавање книга:<br>Отворено за македонистиката книга I<br>( второ издание)** | Негување на охридското поетско творепство и културна промоција на Охрид | 2024 | Општина Охрид | **100.000,оо ден.** |
| **Отворено за македонистиката книга II** | Негување и сочувување на културното наследство и културна промоција на Охрид | 2024 | Општина Охрид | **180.000,оо ден** |
| **Издавање книга:<br>Охридска урбана иконографија** | Негување и сочувување на културното наследство и културна промоција на Охрид | 2024 | Општина Охрид, | **150.000,оо ден** |
| **Издавање книга:<br>„Охридски драмски автори“** | Почит и негување на ликот и делото на охридските драмски автори | 2024 | Општина Охрид | **180.000,оо ден** |
| **Издавање книга:<br>„Охридски писатели за деца“** | Почит и негување на ликот и делото охридските писатели и | 2024 | Општина Охрид | **180.000,оо ден** |
| **Издавање книга:<br>„ Охридските писатели во книжевната критика“** | Почит и негување на ликот и делото на охридските писатели | 2024 | Општина Охрид | **180.000,оо ден** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Издавање книга:**<br>**„ Книгата и музиката – магија на еден живот“** | Почит и негување на музичкото народно творештво | 2024 | Општина Охрид | **100.000,оо ден** |
| **Издавање книга:**<br>**„ Избор од поетското творештво на Славе Ѓорѓо Димоски на англиски јазик“** | Почит и негување на творештвото на охридскиот поет Славе Ѓорѓо Димоски | 2024 | Општина Охрид | **180.000,оо ден** |
| **Издавање на ученичка поетска збирка** | Поттик и љубов на младата генерација кон литературното творештво | 2023 | Општина Охрид | **80.000,оо ден** |
| | | | **ВКУПНО:** | **1.330.000,оо ден.** |
| **<u>МУЗИЧКА ДЕЈНОСТ</u>** | | | | |
| **Балкански фестивал на народни песни и ора** | Продолжување на долгогодишната традиција и негување на македонскиот изворен фолклор | јули | НУЦК „Григор Прличев“<br>Општина Охрид | **50.000,оо ден.** |
| **Интернационален фестивал Охрид фест – Охридски трубадурии“** | Меѓународна културна промоција на Охрид | Август – септември | Здружението на граѓани Интернационален фестивал –„Охридски трубадурии“,<br>Општина Охрид | **80.000,оо ден.** |
| **Охридски хорски фестивал** | Поддршка, промоција и негување на хорската музика | август | Министерство за култура , Здружение на граѓани “Охридски хор” | **70.000,оо ден.** |
| **Охридски џез фестивал** | Меѓународна културна промоција на Охрид | Август – септември | Општина Охрид | **400.000,оо ден** |
| **Детски музички фестивал „Распеано Рибарче”** | Промоција и поддршка на млади музички таленти | Мај - јуни | Здружение на музичари и изведувачи;<br>Општина Охрид | **60.000,оо ден.** |
| **Музичко забавен хепениниг „Зимска бајка”** | Културна промоција на Охрид | декември | НИМО –ОХРИДЊУС и Општина Охрид | **60.000,оо ден.** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Поддршка на истакнати охридски музички уметници** | Поттикнување на музичкото творештво, а преку тоа и меѓународна промоција на Охрид | континуирано | Општина Охрид | **150.000,оо ден.** |
| **Поддршка на млади музички таленти** | Поттикнување на музичката креативност кај младите | континуирано | Општина Охрид | **150.000,оо ден.** |
| **Поддршка на охридскиот камерен оркестар** | Негување на македонската музика и културна промоција на Охрид | континуирани | Општина Охрид | **120.000,оо ден** |
| **Поддршка на охридскиот градски хор „Вокс лихнидос”** | Промоција и негување на хорската музика | континуирано | Здружение на граѓани Охридски градски мешан хор „Вокс Лихнидос”; Општина Охрид | **120.000,оо ден.** |
| **Велигденски музички концерт** | Негување на македонската народна музика и културна промоција на Охрид | континуирано | Општина Охрид | **60.000,оо ден** |
| **Интернационален натпревар за млади музичари „Охридски бисери“** | Негување на музичката креативности кај младите и меѓународна културна промоција на Охрид | јуни | Општина Охрид, ЗГ Интернационален натпревар на млади музичари „Охридски бисери“ | **50.000,оо ден** |
| **Чалгиски звуци во чест на Климе Садило и Тајфата** | Почит и негување на ликот и делото на охридскиот виолинист Климе Садило и тајфата | Јуни - јули | Општина Охрид, Здружение на граѓани Арт Вивенди, НУЦК „Григор Прличев“, Министерство за култура | **80.000,оо ден** |
| **Концерт во чест на Светите браќа Кирил и Методиј** | Почит и негување на ликот и делото на светите браќа Кирил и Методиј | мај | Општина Охрид, | **30.000,оо ден** |
| **Традиционален музички концерт по повод 8-ми септември – Денот на независноста на Р. Македонија** | Почит и поттикнување на родољубието | септември | ВИС Билјана, Општина Охрид | **50.000,оо ден** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **ВКУПНО:** | **1.530.000,оо ден.** |
| **<u>ЛИТЕРАТУРНА ДЕЈНОСТ</u>** | | | | |
| **Поддршка на литературни изданија посветени на Охрид** | Културна промоција на Охрид | Континуирано | Општина Охрид | **120.000,оо ден.** |
| **Поддршка на научни трудови посветени на Охрид** | Културна промоција на Охрид | континуирано | Општина Охрид | **150.000,оо ден** |
| **Поддршка на литературни изданија на роднокрајни писатели** | Поттик и негување на литературното творештво на роднокрајни писатели | континуирано | Општина Охрид | **150.000,оо ден.** |
| **Поддршка на млади автори** | Поттик за создавање литературно творештво меѓу младата популација | континуирано | Општина Охрид | **100.000,оо ден.** |
| **Поддршка на литературни клубови и здруженија** | Негување на вредностите на литературното творештво | континуирано | Општина Охрид | **100.000,оо ден.** |
| **Награден литературен и ликовен ученички конкурс по повод Патронот на градот** | Негување на духот на Свети Климент Охридски од страна на младата популација | Ноември - декември | Основни и средни училишта, Општина Охрид | **30.000,оо ден.** |
| | | | **ВКУПНО:** | **550.000 оо ден** |
| **<u>ТЕАТАРСКА, ФИЛМСКА И ДРУГА СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ</u>** | | | | |
| **Поддршка на Охридскиот народен театар** | Развој на театарската уметност | континуирано | НУЦК „Григор Прличев“; Општина Охрид | **200.000,оо ден.** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Поддршка на детските и младинските драмски студија** | Негување на македонскиот литературен јазик и поттикнување љубов кон театрската уметност кај младата генерација | континуирано | НУЦК „Григор Прличев”; Општина Охрид,<br>Здруженија на граѓани | **60.000,оо ден.** |
| **Меѓународен аматерски младински театарски фестивал „Вдиши театар“** | Приближување на театарската уметност до младата популација и меѓународна културна промоција на Охрид | Јуни- јули | Општина Охрид,<br>ОО на Црвен крст – Охрид | **50.000,оо ден** |
| **Поддршка на драмската секција при ООУ „Ванчо Николески“ - Лескоец** | Негување на македонскиот литературен јазик и поттикнување љубов кон театарската уметност | континуирано | Општина Охрид, ООУ Ванчо Николески – Лескоец<br>НУЦК „ Григор Прличев“ | **50.000,оо ден** |
| **Детски театарски фестивал „За сите деца“** | Приближување на театарската уметност до најмладите и меѓународна културна промоција на Охрид | 2024 | Општина Охрид,<br>Здружение на граѓани за културно – уметнички дејности Театар хит – Скопје, | **120.000,оо ден** |
| **Фестивал на нов европски филм “Beach FILM FESTIVAL 2024”** | Меѓународна културна промоција на Охрид | Јуни – јули | „ПИК - Продукција“ ДООЕЛ-Прилеп;<br>Општина Охрид | **50.000,оо ден.** |
| **Меѓународен фестивал „Summer comedy marathon“** | Меѓународна културна промоција на Охрид | Јули -август | Општина Охрид,<br>Друштвото за интернет портали “НИМО –ОХРИДЊУЗ” ДООЕЛ | **120.000,оо ден** |
| **Поддршка на музичко – сценската манифестација „Малите ѕвездички со КА двојче“(КА-2)** | Промоција и афирмација на млади таленти | 2024 | Општина Охрид и<br>Здружение за култура, уметност и информации „Ден и ноќ“ | **60.000,оо ден** |
| **Поддршка на локалните студија за балет** | Приближување на балетската уметност до граѓаните | континуирано | Општина Охрид;<br>НУЦК „Григор Прличев”,<br>Здруженија на граѓани | **60.000,оо ден.** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Поддршка на локалните студија за модерен танц** | Популаризација на модерните уметности | континуирано | Општина Охрид;<br>НУЦК „Григор Прличев”,<br>Здруженија на граѓани | **60.000,оо ден.** |
| **Поддршка на локалните фолклорни ансамбли и културно – уметничките друштва** | Поддршка на народните песни и ора и приближување на изворната народна музика и игра до граѓаните | континуирано | Општина Охрид,<br>Културно- уметнички друштва,<br>Фолклорни ансамбли | **200.000,оо ден.** |
| **Ревија на народни носии од Охрид и околината** | Поддршка и промоција на охридското и македонското народно творештво и приблиување наохридскиот и македонскиот фолклор до граѓаните | континуирано | Општина Охрид,<br>Културно- уметнички друштва,<br>Фолклорни ансамбли | **100.000,оо ден** |
| | | | **ВКУПНО:** | **1. 130.000,ооден.** |
| **ЛИКОВНА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| **Интернационална ликовна колонија „Трпејца 2024”** | Меѓународна културна промоција на Охрид | септември | Здружение на граѓани „За Трпејца со љубов”; МЗ Трпејца; Општина Охрид | **60.000,оо ден.** |
| **Реализација на проект: „Да ги овековечиме вредностите„- Сликање мурали на истакнати охридски дејци** | Почит и негување на ликот и делата на истакнатите охридски дејци | континуирано | Општина Охрид и ликовни уметници | **50.000,оо ден.** |
| **Поддршка на ликовни изложби** | Приближување на ликовната уметност до граѓаните | континуирано | НУЦК „Григор Прличев”;<br>Општина Охрид | **100.000,оо ден.** |
| **Поддршка на роднокрајни ликовни уметници** | Приближување на ликовната уметност до граѓаните | континуирано | Општина Охрид | **100.000,оо ден.** |
| **Каталог на уметничките дела од традиционалната Осмодекемвриска изложба на роднокрајни уметници** | Културна промоција на Охрид | Ноември-декември | Општина Охрид, роднокрајни уметници | **30.000,оо ден** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Поддршка на проектот: „Охрид низ фотографии“ Издавање на каталог на фотографиите од Охрид** | Културна промоција на Охрид | 2024 | Општина Охрид и Фото клуб – Охрид | **100.000,оо ден.** |
| | | | **ВКУПНО** | **440.000,оо ден** |
| **<u>ДРУГИ ФОРМИ НА ТВОРЕШТВО</u>** | | | | |
| **Поддршка и промоција на старите занаети и поттикнување на специфични форми на творештво** | Поддршка и промоција на старите занаети и поттикнување на специфични форми на творештво | 2024 | Општина Охрид,<br>Регионална занаетчиска комора,<br>Изработувачи на накит,<br>Рачна изработка на производи | **150.000,оо ден** |
| | | | **ВКУПНО:** | **150.000,оо ден** |
| **<u>Проекти и програмски активности на Здруженија на граѓани институции и слободни уметници</u>** | | | | |
| **Поддршка на проектот „Алтернативно културно-забавно лето К.И.5 до 12“** | Промоција на млади артисти,размена на идеи и културни вредности, промоција на природното и културното наследство на Охрид. | Март – септември | Здружение на граѓани Независна театарска аматерска група „Аматер“-Охрид;<br>Општина Охрид | **150.000,оо ден.** |
| **Поддршка на програмските активности на ОО „Сојуз на борци“** | Почитување и негување на светлите традиции на НОБ | континуирано | Општина Охрид;<br>Сојуз на борци | **150.000,оо ден** |
| **Поддршка на програмските активности на Здружението за пензионери** | Почитување и чување на охридското и македонското музичко творештво | континуирано | Општина Охрид,<br>Здружение на пензионери | **50.000,оо ден** |
| **Поддршка на програмските активности на Здружение на Египќани „Пирамида Зем“** | Културна еманципација на египќанската етничка заедница во Општина Охрид | Април-Октомври | Здружение на Египќани „Пирамида Зем“-Охрид | **150.000,оо ден** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Поодршка на ликовни проекти: „Човек на хартија “ во Париз и Точка на илузија“** | Поддршка на млади охридски уметници;<br>Меѓународна културна промоција на Охрид | 2024 | Општина Охрид, Сашо Блажески | **60.000,оо ден** |
| **Поддршка на програмските содржини на Институтот за национални вредности „Култура 365“** | Меѓународна промоција на Охрид | 2024 г | Општина Охрид и Институтот за национални вредности„Култура 365“ | **100.000,оо ден** |
| **Поддршка на програмските активности на Охридската академија на хуманизмот** | Меѓународна промоција на Охрид 2023 | 2024 | Општина Охрид и Охридската академија на хуманизмот | **300.000,оо ден** |
| **Поддршка на програмските активности на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура** | Меѓународна културна и научна промоција на Охрид и Македонија | 2024 | Општина Охрид и Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот„Св. Кирил и Методиј“ | **50.000,оо ден** |
| | | | **ВКУПНО:** | **1.010.000,оо ден** |
| | | | | |
| **<u>СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ-ПАТРОН НА ОХРИД</u>** | Почит и негување на вонвременското просветно, духовно и световно дело на Свети Климент Охридски | декември | Општина Охрид, МПЦ и сите останати воспитно – образовни и културни институции | **150.000,оо ден.** |
| | | | | **150.000,оо ден** |
| | | | | |
| **Меѓународна прмоција на охридското културно наследство** | Почит и негување на културата на другите земји и промоција на македонската култура во другите градови и земји | 2024 | Општина Охрид, Министерство за култура, Амбасади на Р.М во други земји, амбасади на други земји во Р.М, конзуларни претставништва | **150.000,оо ден** |
| | | | | **150.000,оо ден.** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реализација на активностите согласно Програмата за одбележување празници и манифестации,годишнини и јубилеи за 2024 година** | Почитување и негување на значајните културно – историски настани и личности од подрачјето на Општина Охрид | Континуирано | Општина Охрид | **200.000,оо ден.** |
| | | | **ВКУПНО:** | **200.000.оо ден.** |
| ***ТРАНСФЕРИ, ИЗНАЈМУВАЊЕ И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА (набавка на услуги и набавка на бина за техничка поддршка на програмските активности*** | | | | |
| **Трансфер кон здруженија на граѓани, институции и поединци од областа на културата** | Поддршка на невладиниот сектор од областа на културата | континуирано | Општина Охрид, Институции, Граѓани | **250.000,оо ден.** |
| **Изнајмување простор за одржување на културни настани** | Создавање услови за одржување на манифестации за промоција на охридските таленти како и културна промоција на Охрид | континуирано | Општина Охрид | **150.000,оо ден.** |
| **Техничка поддршка за реализација на планираните програмски содржини (озвучување, осветлување)** | Техничка поддршка за реализација на програмските активности | 2023-2024 | Општина Охрид | **300.000,оо ден.** |
| **Набавка на хотелско ресторански услуги за уметниците кои ќе бидат дел во Програмата за култура за 2024 г.** | Техничка поддршка за реализација на програмските активности | 2024 | Општина Охрид | **200.000,оо ден** |
| **Набавка на подароци за потребите на Одделението за култура** | Меѓународна културна промоција на Охрид,промоција на богатото движно и недвижно културни наследство | 2024 | Општина Охрид | **200.000,оо ден** |
| | | | **ВКУПНО:** | **1.100.000,оо ден** |
| **СПОМЕН – ОБЕЛЕЖЈА** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Санација, одржување, дислокација и хортикултурно уредување на спомениците и спомен –обележјата** | Почитување на културно-историското наследство | континуирано | Општина Охрид | **120.000,ооден** |
| | | | **ВКУПНО:** | 120.000,оо ден |
| **Изградба на други објекти** | | | | |
| **Изработника на Проектна документација за реконструкција на Домот на култура во нас.Радојца Новичиќ** | Заголемување на просторните капацитети за непречена работа и развој на здруженијата и поединците од обласата на културата | континуирано | Општина Охрид | **150.000,оо ден** |
| **Санација и решавање на проблемите со затоплувањето на Спомен –куќата на Григор Прличев** | Одржување и чување на родната куќа на Григор Прличев | 2024 | Општина Охрид,<br>НУ Завод и музеј<br>Министерство за култура | **60.000,оо ден** |
| | | | | **210.000,оо ден** |
| | | | ***ВКУПЕН ИЗНОС НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРА (К4) ЗА 2023 ГОДИНА*** | ***11.425.000,оо ден*** |

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/75**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ-ПРОГРАМАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО ЗА 2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштитата и спасувањето за 2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/161** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) и чл.34 и чл.123 ст.4 од Закон за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16, 83/18, 215/21), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ-ПРОГРАМА**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО ЗА 2024 ГОДИНА**

**Вовед**

Заштитата и спасувањето во Република Македонија се организира како единствен систем за откривање и спречување на настанувањето и отстранувањето на последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи и давање помош во мир, вонредна состојба и воена состојба.

Заштитата и спасувањето претставува, поврзан процес за планирање, програмирање, организирање, раководење, командување, координирање, спроведување, финансирање и надзор за навремена и ефикасна превенција како и подготвување, дејствување и отстранување на причините и последиците од природни непогоди и други несреќи.

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес за Републиката.

Општина Охрид е должна да организира заштита и спасување на своите вработени и луѓето затекнати во објектите во моментот на настанување на природната непогода или друга несреќа.

Заштитата и спасувањето претставува збир на мерки и активности кои се превземаат од

страна на субјектите во системот со цел навреме да се откријат и спречат природните непогоди и други несреќи и да се отстранат последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна и воена состојба.
Со превземање на превентивни плански и програмски мерки, кои се превземаат пред настанување на природните непогоди и други несреќи, за време на настанувањето, по настанатите непогоди и несреќи се овозможуваат реални услови за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство.
Системот за заштита и спасување во Република Македонија согласно Законот за заштита и спасување се остварува преку:

- набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности од природни непогоди и други несреќи;
- преземање на мерки за превенција за ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош преку единствениот систем за известување;
- обука, тренинг и вежби за оспособување за заштита, спасување и помош;
- организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- самозаштита, самопомош и заемна помош;
- мобилизација и активирање на силите и средствата за заштита и спасување;
- одредување и спроведување на заштитните мерки;
- спасување и помош;
- отстранување на последиците од природни непогоди и други несреќи, до
- обезбедување на основните услови за живот;
- надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
- давање помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од
- природни непогоди и други несреќи;
- давање помош на други држави кои претрпеле штети од поголеми размери од
- природни непогоди и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа;
- примање помош од други држави;
- идентификација и процена на опасностите;
- водење на база на податоци на сите извори на ризици и опасности од
- природни непогоди и други несреќи и
- изработка на процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи и
- планови за заштита и спасување и ажурирање на истите.

**1. Основни начела на заштита и спасување**

Заштитата и спасувањето се засновува на следниве основни начела:
1) секој има право на заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;
2) во заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи приоритет имаат животот и здравјето на луѓето;

3) при настанување на природни непогоди и други несреќи секој е должен да помага во рамките на своите можности;
4) Републиката, општините и градот Скопје, јавните претпријатија, установи и служби и трговските друштва се должни, навремено да ги организираат и преземаат превентивните и оперетивните мерки за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;
5) секое физичко и правно лице, во согласност со закон, одговара за неспроведување на предвидените мерки за заштита и спасување;
6) при ангажирањето на силите за заштита и спасување се употребува моделот на постапност, при што најпрвин реагираат силите на сопственикот, потоа општините и градот Скопје, Републиката и меѓународната заедница и
7) податоците за опасностите и преземените активности за заштита и спасување, од страна на надлежните органи и служби се јавни и мора транспарентно да се објават.

## 2. Надлежности на Советот на општина Охрид

Во остварувањето на заштитата и спасувањето, Советот на општина Охрид согласно чл.34 од Законот за заштита и спасување, ги врши следниве работи:
1) одлучува за воспоставување на потребна организација за заштита и спасување и за спроведување на мерките за заштита и спасување;
2) донесува одлука за формирање на просторни сили за заштита и спасување;
3) заради отстранување на последиците од настанатите природни непогоди или и други несреќи, ги утврдува обврските на јавните претпријатија, установи и служби од локален карактер кои тие ги основале во:
- гаснење на пожари и спасување на луѓе и имот при сообраќајни, техничко-технолошки и други несреќи;
- расчистување на локални патишта, улиците и другите инфраструктурни објекти во случај на непроодност поради врнежи од снег, наноси од снег, голомразица, наноси од земја предизвикани од силни врнежи, одрони, лизгање на земјиштето и друго;
- укажување на прва медицинска помош во случај на појава на зголемен број на заболени и повредени и спречување на ширењето на заразни болести;
- заштита на животните и растенијата во случај на појава на болести, штетници и други природни непогоди;
4) ја следи подготвеноста на општина Охрид за заштита и спасување;
5) одлучува за висината на средствата потребни за заштита и спасување од буџетот на единицата на локалната самоуправа;
6) одлучува за висината на средствата од буџетот на единицата на локалната самоуправа за надомест на штета од природни непогоди и други несреќи и
7) одлучува за распределба на хуманитарна помош наменета за настраданото население во единиците на локалната самоуправа.

## 3. Надлежности на Градоначалникот на општина Охрид

Во остварувањето на заштитата и спасувањето на подрачјето на општина Охрид, согласно чл.35 од Закон за заштита и спасување, градоначалникот ги врши следниве работи:
1) го предлага планот за заштита и спасување;

2) ја следи состојбата во врска со реализацијата на донесените одлуки од Советот на општина Охрид за спречување на настанувањето и за отстранувањето на последиците од природните непогоди и други несреќи;
3) одговорен е за подготвеноста на силите за заштита и спасување кои ги формира општина Охрид;
4) одлучува за ангажирање на силите за заштита и спасување кои општина Охрид ги формира;
5) раководи и ги координира активностите за заштита и спасување што ги спроведува општина Охрид до активирање на подрачните штабови;
6) го следи остварувањето на акциите за расчистување на локални патишта, улиците и другите инфраструктурни објекти во случај на настанување на природни непогоди или и други несреќи на подрачјето на општина Охрид;
7) бара помош во ангажирање на просторните сили за заштита и спасување, формирани кај правните лица од подрачјето на општина Охрид;
8) во услови кога со силите за заштита и спасување на општина Охрид не можат да се отстранат последиците од природните непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, бара ангажирање на републичките сили за заштита и спасување.

## 4. Основни цели на Програмата

Општина Охрид за 2024 година ќе спроведува мерки и активности согласно законските норми, предвидени за сегментите кои се од областа на превенција, заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од елементарни и други непогоди, како и мерки и активности кои редовно се спроведуваат, а со цел превентивно делување заради заштита на животот и здравјето на населението на подрачјето на општината.

Во оваа Програма се опфатени мерките и активностите кои општина Охрид во соработка со другите надлежни сублекти ќе ги спроведе, како и финансиската рамка која е потребна за остварување на истите мерки за 2024 година.

Општина Охрид настојувајќи да оддржи чекор за намалување на ризиците од несреќи, обезбедува услови за мирен и безбеден живот на своите граѓани.

Со оваа Програма се остваруваат целите и активности во областа на заштитата и спасувањето, кои претставуваат активности од јавен интерес. Планирањето на развојот, оперативното и тековното планирање на краток, среден и долг рок на системот за заштита и спасување ќе се води и реализира според принципите, критериумите и стандардите кои важат во системот на планирање, програмирање и буџетирање.

Општина Охрид, основните цели на заштитата и спасување ќе ги остварува преку:
- Штаб за заштита и спасување на општина Охрид со следниве единици:
- Универзална единица за заштита и спасување во јачина на вод;
- Просторна специјализирана единица за прва медицинска помош во јачина на одделение;
- Просторна специјализирана единица за противпожарна единица во јачина на одделение;
- Просторна специјализирана единица за заштита и спасување на вода и планинско спасување;

- Планинска спасителна служба;
- ТППЕ-Охрид
- Соработка со сите јавни претпријатија (ЈП Охридски Комуналец, ЈП Градски Пазар, ЈП Водовод, ЈП Градски гробишта, ЈП Нискоградба, ЈП Билјанини извори, ЈП Национални шуми и ЈУ Национален парк Галичица).
- Соработка со подрачните одделенија на Центар за управување со кризи, Дирекција за заштита и спасување, Министерство за одбрана и МВР.

Основна цел на оваа програма е заштита на граѓаните, материјалните добра и природните ресурси од елементарни непогоди и други несреќи преку обезбедување на основни средства за финансирање на системот за заштита и спасување со цел превентивно делување на подрачјето на општина Охрид, односно:

- Заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба (пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др.);
- Создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра;
- Обезбедување на навремено детектирање на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на непогодата;
- Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување за справување со кризи (обезбедување на основни средства за превентивно делување на подрачјето на општината и соодветни обуки);
- Едукација и подготовка за превентивно делување;
- Организирање на предавања во училиштата и градинките на тема превентива и заштита од пожари и други природни катастрофи.

## 5. Програмски активности

| Ред. бр. | Програмски активности |
|---|---|
| 1 | Ажурирање на Проценката на загрозеност на територијата на Општина Охрид од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епитофии и други несреќи |
| 2. | Ажурирање на Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на општина Охрид |
| 3. | Ажурирање на персоналниот состав на Штабот за заштита и спасување на општина Охрид и просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид |
| 4. | Обуки, работилници, семинари на членови на Штабот за заштита и спасување и Просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид на Штабот за заштита и спасување |
| 5. | Специјализирани обуки на просторните сили за заштита и спасување (универзална, за противпожарна заштита, за справување со поплави, земјотреси итн.) |
| 6. | Ангажирање на Планинска Спасителна Служба на Црвен крст Охрид<br>180.000 ден. x 12 месеци=2.160.000 денари |
| 7. | Набавка на заштитна опрема и средства за Универзална единица за заштита и спасување; |
| 8. | Набавка на заштитна опрема на Просторна специјализирана единица за противпожарна заштита<br>Јакна за шумски пожари<br>Пантолони за шумски пожари<br>Ракавици за шумски пожари<br>Шлем за шумски пожари.<br>Чизми за чумски пожари<br>Подкапа |
| 9. | Надоместок на граѓаните за извршување на правата и должностите во заштита и спасување (во зависност од потребите за ангажирање на граѓаните, општинскиот кризен штаб и просторните сили за заштита и спасување) |
| 10. | Оддржување на оџаци, димноводни уреди, системи за воздух, системи за воздушно и водно греење, огништа-котли за парно греење (2 оџаци, канали и 2 парни котли) |
| 11. | Организирање на предавања во училиштата и градинките на тема превентива и заштита од пожари и други природни катастрофи |

## 6. Неопходни финансиски средства

| Ред. бр. | Програмски активности | Потребни средства |
|---|---|---|
| 1. | Обуки, работилници, семинари на членови на Штабот за заштита и спасување и Просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид | 60.000 денари |
| 2. | Ангажирање на Планинска Спасителна Служба на Црвен крст Охрид<br>180.000 ден. x 12 месеци=2.160.000 денари | 2.160.000 денари |
| 3. | Чистење на оџаци, димоводни уреди, системи за воздух, системи за воздушно и водно греење, огништа-котли за парно греење (2 оџаци, канали и 2 парни котли) | 337.000 денари |
| | **Вкупно** | **2.557.000 денари** |

## 7. Финансирање

Програмата за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштита и спасувањето за 2024 година ќе биде финансирана од Буџетот на општина Охрид за 2024. Дополнителни финасиски средства можат да бидат обезбедени и од донации, спонзорства и проекти.
Одредени активности кои можат да трпат измена во зависност од потребите за заштита и спасување, како и за некои активности кои не се предвидени во програмата, а се во интерес на зголемување на заштитата и реализирање на превентивните мерки за заштитс и спасување од природни непогоди и други несреќи во општина Охрид, ќе се предвидат дополнителни финансиски средства од буџетот на општина Охрид.
По реализација на годишната Програма за заштита и спасување на општина Охрид до Советот на општина Охрид ќе се достави извештај за потрошени финансиски средства за програмските мерки и активности.
Носител и одговорен за реализација на Програмата за заштита и спасување во 2024 година е Градоначалникот и Советот на Општина Охрид.
Општина Охрид во соработка со Штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и други органи и тела, ќе го следат спроведувањето и реализацијата на оваа Програма. Наведените органи и тела ќе покренуваат иницијативи, ќе даваат мислења и предлози за доследно и квалитетно реализирање на Програмата.

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/76**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- ПРОГРАМАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт- програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/162** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

## НАЦРТ-ПРОГРАМА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА

**Вовед**

Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид е изготвена согласно Закон за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2007, 136/2011, 23/2013, 25/2013, 137/2013, 164/2013, 158/2014, 15/2015, 129/2015,192/2015 и 30/2016) и Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2021-2025 и се темели на фактот дека заштита на работа е едно од основните права загарантирани со Уставот на Република Македонија, со кое се обезбедува чување и унапредување на здравјето на работниците како предуслов за успешна работа и оптимална продуктивност во работењето.

Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид ќе обезбеди безбедност и здравје при работа за сите вработени во општина Охрид од секој аспект поврзан со работата. Градоначалникот во рамки на неговите обврски презема мерки потребни за безбедност и здравје при работа на вработените, вклучувајќи заштита од професионални ризици, обезбедување информации и обука и обезбедување соодветна организација и потребни средства.

Градоначалникот е должен да планира мерки и средства за обезбедување развој и унапредување на безбедноста и здравјето при работа и за менување на постојните технолошки процеси со помалку опасни, односно со побезбедни процеси и да ги

прилагоди мерките земајќи ги предвид променливите околности за подобрување на постојните состојби.

Градоначалникот ги спроведува мерките за безбедност и здравје при работа врз основа на следниве основни начела:

- избегнување на ризици,
- проценување на ризиците кои не можат да се избегнат,
- справување со ризиците на самиот почеток,
- прилагодување на работата кон поединецот, особено во однос на карактеристиките на работното место и работната средина и олеснување на монотоната работа и работата со претходно утврдено работно темпо
- изборот на личната заштитна опрема,
- изборот на хемиски супстанции или препарати,
- изборот на работни и производни методи,
Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), а во врска со член 39, 40, 41, 42 и 43 од Законот за заштита на правата на пациентите („Сл.весник на РМ“ бр.82/08, 12/09, 53/11, 150/15, 190/19, 122/21), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Комисија за унапредување и заштита на правата на пациентите во користењето на здравствените услуги на територија на општина Охрид, чија основна задача е обезбедување на квалитетна и континуирана здравствена заштита во согласност со тековните достигнувања во здравството и медицината, во рамките на системот на здравствената заштита и здравстевеното осигурување согласно поединечните потреби на пациентите.

**Член 2**

Комисијата за заштита на правата на пациентите се формира во следниот состав:

1.Сашо Котели - Здружение на лица со попреченост
2.Гордана Лолеска - Здружение на членови на пациенти
3.Устијана Речкоска Шикоска - женско претпримештво
4.Наталија Крстеска - лекар
5.Дијана Паунковска - лекар
6.Михаил Пероски - човечки права и граѓански иницијативи
7.Петар Стојчески - човечки права и граѓански иницијативи
8.Татјана Трпческа - член делегиран од советот на општина Охрид
9.Кети Росиќ - член делегиран од советот на општина Охрид
10.Влатко Ристески - член делегиран од советот на општина Охрид
11.Христијан Ламбевски - член на Здружение на планинари за млади лица и лица со попреченост Великкамен.

**Член 3**

Членовите на Комисијата за заштита на правата на пациентите брои 11 членови кои се избрани од редот на лица наведени во Законот за заштита на правата на пациентите, а именувани од страна на Советот на општина Охрид и функционира како постојано тело.

Членовите на Комисијата се со мандат од 2 години со право на уште еден последователен избор.

**Член 4**

Начинот на работа на Комисијата детално ќе се регулира со Деловник за работа, донесување на Програмски акт за работа на Комисијата, одржување на состаноци со документирани записници и сл. чија евиденција, публикација и проследување ќе ја водат лицата именувани од редот на општинската администрација, како би имале директен увид во работата на комисијата.

**Член 5**

Согласно Законот за заштита на павата на пациентите, средствата за работа на комисијата ги обезбедува општината за која е формирана.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/101** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈАТА ЗА ОПРАВДАНОСТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот за усвојување на Информацијата за Физибилити студијата за оправданост за поставување на фотоволтаични централи во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/187** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈАТА ЗА ОПРАВДАНОСТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Информацијата за Физибилити студијата за оправданост за поставување на фотоволтаични централи во општина Охрид, бр.08-728 од 08.05.2023 година, изработена од економскиот оператор Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии „Скопје“ АД Скопје, избран во тендерска постапка спроведена преку електронскиот систем за јавни набавки.

**Член 2**

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/102** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА КОНСУЛТАНТСКА КУЌА (КОНСУЛТАНТ) ЗА ИЗРАБОТКА НА КОМПЛЕТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН МОДЕЛ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА ОПШТИНСКИТЕ ОБЈЕКТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за започнување на постапка за избор на консултантска куќа (консултант) за изработка на комплетна документација за избор на најповолен модел за поставување на фотоволтаични централи на општинските објекти на подрачјето на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/188**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА КОНСУЛТАНТСКА КУЌА (КОНСУЛТАНТ) ЗА ИЗРАБОТКА НА КОМПЛЕТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН МОДЕЛ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА ОПШТИНСКИТЕ ОБЈЕКТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Одлука за започнување на постапка за избор на консултантска куќа (консултант) за изработка на комплетна документација за избор на најповолен модел за поставување на фотоволтаични централи на општинските објекти на подрачјето на општина Охрид.

**Член 2**

Целта на оваа постапка е изнаоѓање на најповолен модел (најповолна опција на можно финансирање) за реализација на проктот „Поставување на фотоволтаични централи на објекти на подрајчето на општина Охрид“ со кои ќе се овозможи рационално искористување и заштеда на електрична енергија.

Моделите на финансирање се дадени во Физибилити студијата за оправданост за поставување на фотоволтаични централи во општина Охрид, бр.08-728 од 08.05.2023 година, изработена од економскиот оператор Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии „Скопје“ АД Скопје, избран во тендерска постапка спроведена преку електронскиот систем за јавни набавки.

**Член 3**

Повикувајќи се на горенаведениот текст и економската оправданост на проектот за Поставување на фотоволтаични централи на објекти на подрајчето на општина Охрид“, утврдена во изработената физибилити студија, Градоначалникот на општина Охрид, се задолжува да преземе активности за спроведување на постапка за избор на консултанска куќа (консултант) за изработка на комплетна документација за избор на најповолен модел за поставување на фотоволтаични централи на општински објекти на подрачјето на општина Охрид, со користење на постапки утрдени во постојната законска регулатива.

Постапката за избор на најповолна консултантска куќа (консултант) ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на Градоначалникот на општина Охрид.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/103** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ООУ „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Григор Прличев“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/189** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 26 став 3, член 46, член 48, член 49 став 5, член 65 став 2 и член 66 од Законот за основното образование („Сл.весник на РСМ“ бр. 161/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ООУ „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ - ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Григор Прличев“ - Охрид, донесена од Училишниот одбор на ООУ „Григор Прличев“ бр.02-390/2 од 18.10.2023 година.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-17168/104**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11,

09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ООУ „БРАТСТВО ЕДИНСТВО“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Братство Единство“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/190** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 26 став 3, член 46, член 48, член 49 став 5, член 65 став 2 и член 66 од Законот за основното образование („Сл.весник на РСМ“ бр. 161/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ООУ „БРАТСТВО ЕДИНСТВО“ - ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Братство Единство“ - Охрид, донесена од Училишниот одбор на ООУ „Братство Единство“ бр.02-520/6 од 31.10.2023 година.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-17168/105** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА НАТОВАРУВАЧ-РОВОКОПАЧ МАРКА „JSB“-СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД НА ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за пренесување на правото на користење на натоварувач-ровокопач марка „JSB“-сопственост на општина Охрид на ЈП Нискоградба Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/191**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА НАТОВАРУВАЧ-РОВОКОПАЧ МАРКА „JSB“ - СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД НА ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД

### Член 1

Со оваа Одлука се пренесува правото на користење од Општина Охрид на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД на комбинирана градежна машина Натоварувач-Ровокопач марка „ **JSB** “ со следните технички карактеристики:

- Број на шасија : **JCB3CX4TPN3014962**
- Број на мотор: **FN320/41610U0636722**
- Марка: **JSB**
- Тип: **JSB 3CX14L5WM**
- Година на производство: **2022**

### Член 2

Наведената комбинирана градежна машина од член 1 на оваа Одлука се отстапува на трајно користење на ЈП НИКОГРАДБА ОХРИД.

Се задолжува Градоначалникот на Општина Охрид да склучи договор со директорот на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД, со кој ќе се уредат правата и обврските за користење на наведенота градежна машина.

Користењето на возилото од страна на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД ќе биде без надомест.

### Член 3

Сите трошоци за одржување и користење на возилото вклучувајќи и сервисирање, осигурување и регистрација ќе ги сноси ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД.

### Член 4

Општина Охрид, набавката на возилото ја изврши со спроведување на постапка за јавна набавка, со објава на оглас на ЕСЈН.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/106**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ ПРОСТОР НА ЗДРУЖЕНИЕ НА ЛОВЦИТЕ „ОХРИД“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за отстапување на времено користење простор на Здружение на ловците „Охрид“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/192**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 6, член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 15 став 1 точка 6 и член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ ПРОСТОР НА ЗДРУЖЕНИЕ НА ЛОВЦИТЕ „ОХРИД“ ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Охрид, отстапува на времено користење простор на кој општина Охрид има право на трајно користење, лоциран во поранешната „Стара касарна“ во Охрид, запишан во ИЛ бр. 95189 КО Охрид 2, добиен на трајно користење со Одлука на Владата бр. 44-7650/3 од 25.09.2018 година. Просторот е опишан како објект бр. 7 влез 1 кат приземје (стара кантина).

Просторот се отстапува за потребите на Здружение на ловците „Охрид“ Охрид. За оваа намена согласно имотниот лист, вкупно се отстапуваат 286 м2.

Периодот на користење на просторот кој е предмет на оваа одлука ќе биде 3 (три) години со право на продолжување доколку просторот се користи наменски согласно предвиденото.

**Член 2**

Општина Охрид е насочена кон обезбедување на подобри услови за рекреативни активности и овозможување на услови за развој на специфични туристички понуди од една страна и поддршка на граѓански иницијативи кои се движат во тој правец од друга страна.

**Член 3**

Режиските трошоци (струја, вода, греење), обезбедувањето приклучоци на истите како и трошоците за реновирање на просториите се на товар на Здружение на ловците „Охрид“ Охрид.

**Член 4**

Оваа одлука стапува на сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/107**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ ПРОСТОР НА ЗДРУЖЕНИЕ „ВОВЕДЕНИЕ 2014“ С. ЗАВОЈ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за отстапување на времено користење простор на Здружение „Воведение 2014“ с. Завој Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/193**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 и 6, член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 15 став 1 точка 5 и 6 и член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ ПРОСТОР НА ЗДРУЖЕНИЕ „ВОВЕДЕНИЕ 2014“ С. ЗАВОЈ ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Охрид, отстапува на времено користење простор на кој општина Охрид има право на сопственост, лоциран во с. Завој, запишан во ИЛ бр. 106 КО Завој КП бр. 836. Просторот е поранешното училиште.

Просторот се отстапува за потребите на Здружение „Воведение 2014“ како и за жителите на с. Завој. За оваа намена согласно имотниот лист, вкупно се отстапуваат 86 м2.

Периодот на користење на просторот кој е предмет на оваа одлука ќе биде 3 (три) години со право на продолжување доколку просторот се користи наменски согласно предвиденото.

**Член 2**

Општина Охрид е насочена кон обезбедување на подобри услови за рекреативни активности и овозможување на услови за развој на специфични туристички понуди (рурален и верски туризам), почитување на традиционалните вредности од една страна и поддршка на граѓански иницијативи кои се движат во тој правец од друга страна.

**Член 3**

Режиските трошоци (струја, вода, греење), обезбедувањето приклучоци на истите како и трошоците за реновирање и оплеменување на просторот се на товар на Здружение „Воведение 2014“ с. Завој.

**Член 4**

Оваа одлука стапува на сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/108**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ ДОНАЦИЈА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА И ЗЕЛЕНИЛО ВО ДВОРОТ НА ООУ„БРАТСТВО И ЕДИНСТВО“ ОПШТИНА ОХРИД ОД ХАЛКБАНК А.Д. СКОПЈЕ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за примање донација за поставување на урбана опрема и зеленило во дворот на ООУ„Братство и единство“ општина Охрид од Халкбанк А.Д. Скопје, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/194** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 ), член 18 став 1, точка 15 од Статутот на Општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) а во врска со член 6 став 1 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИМАЊЕ ДОНАЦИЈА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА И ЗЕЛЕНИЛО ВО ДВОРОТ НА ООУ„БРАТСТВО И ЕДИНСТВО“ ОПШТИНА ОХРИД ОД ХАЛКБАНК А.Д. СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Охрид се согласува да прими донација од Халк банк А.Д. Скопје, која се состои во поставување на урбана опрема и зеленило во дворот на ООУ„Братство и единство“ општина Охрид.

**Член 2**

Предмет на оваа Донација е:

- Поставување на урбана опрема и зеленило во дворот на ООУ„Братство и единство“ општина Охрид и тоа: корпа Орто, коцки и парклет, како што е содржано во прилогот со цртежи кој е составен дел од оваа одлука.

Вкупната вредност на донацијата изнесува 467.100,00 денари.

**Член 3**

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Општина Охрид, да склучи Договор за примање на донација со Халк банк А.Д. Скопје.

**Член 4**

Општина Охрид е согласна, согласно желбата на донаторот, по завршување на постапката, урбаната опрема и зеленило во дворот на ООУ„Братство и единство“ да се во сопственост на основното училиште „Братство и единство“ Охрид.

**Член 5**

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Охрид.

**Број 08-17168/109** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ВО НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈП „ВОДОВОД“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за разрешување член во Надзорниот одбор на ЈП „Водовод“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/195** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 17 и 17-ѓ од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19 и 89/2022), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ВО НАДЗОРНИОТ ОДБОР**
**НА ЈП „ВОДОВОД“ - ОХРИД**

**Член 1**

Се разрешува членот во Надзорниот одбор на ЈП „Водовод“ - Охрид и тоа:

- **ЃУЛАДИН ЃУЛАДИН**.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/110** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за измени и дополнувања на годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/196** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА**

**Член 1**

Поради активностите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште во областа на донесување на урбанистичките планови и потребите на правни и физички лица се врши дополнување и изменување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2023 донесена од страна на Совет на општина Охрид со бр.08-17370/7 од 22.12.2022 год.

## ВО ТОЧКА

**2. ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ И ПЛАНСКО - ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ**

## ***I. Планови кои ќе ги финансира Општина Охрид***

**ВО ТОЧКА**

| | | |
|---|---|---|
| **I-2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
| **СЕ БРИШЕ ТОЧКА 5.1** | | |
| **5** | **Урбан блок 4.4** | |
| 5.1 | ДУП за УЗ 4 УБ 4.4 | Општина (246.000,00) |

| | | |
|---|---|---|
| **IV-3. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| ВО ТОЧКАТА **11.** ПОСЛЕ ТОЧКАТА **11.2 СЛЕДИ ТОЧКА** | | |
| 11.3 | ДУП за УЗ 8 УБ 8.1 - опфат 4 | Прив. иницијатива |
| ПОСЛЕ ТОЧКА **19. ПОДТОЧКА 19.1**<br>**СЛЕДИ ТОЧКА 20.** | | |
| **20** | **Урбан блок 11.4** | |

| | | |
|---|---|---|
| 20.1 | ДУП за УЗ 11, УБ11.4 опфат 2 | Прив. иницијатива |

**ПОРАДИ ОДОБРУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКИТЕ ДОКУМЕНТАЦИИ ОД ТОЧКА IV-6. СЕ БРИШЕ ТОЧКА**

| | | |
|---|---|---|
| **IV-6. ЛОКАЛНИ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| 2 | ЛУПД за ГП 1.1 на кп бр. 1445/1 КО Трпејца, општина Охрид | Прив.иницијатива |
| | | |
| **ТОЧКА 5. СТАНУВА ТОЧКА 2.** | | |

**Член 2**

Оваа Програма за измени и дополнување на Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17168/111**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВО УЗ 15, УБ 15.7, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2019-2024**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување деталeн урбанистички план во УЗ 15, УБ 15.7, Општина Охрид, плански период 2019-2024, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/197**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 29 и член 39 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), а врз основа на издадена Согласност од Министерството за транспорт и врски

согласно член 38, член 22 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14/, 1019 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВО УЗ 15, УБ 15.7, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2019-2024**

**Член 1**

Се донесува детален урбанистички план во УЗ 15, УБ 15.7, Општина Охрид, плански период 2019-2024, бр. на постапка на електронскиот систем е-урбанизам 21507.

**Член 2**

Со овој урбанистички план се опфаќа простор со површина од **25,10 ха**.

Просторот на планскиот опфат по детален урбанистички план во УЗ 15, УБ 15.7, Општина Охрид , плански период 2019–2024 е со граница на опфат:

- **Север – граница на опфатот на ГУП на град Охрид (по катастарски парцели)**
- **на Исток – магистрална улица со профил М4 – ул. „15ти Корпус“,**
- **на Југ – сервисна улица со профил СЕ 15.3 и**
- **на Запад собирна улица со профил С7 ул. „Петрино“.**

**Член 3**

Детален урбанистички план за УЗ 15, УБ 15.7, Општина Охрид, плански период 2019–2024, изработен од ДППИ „ТАЈФАПЛАН“, доо Скопје, со технички број 060/11/18 од Септември 2023, содржи:

- Детален урбанистички план – комплетна папка во ПДФ формат,
- Согласност бр 21-391/6 од 07.11.2023 година и
- Извештај од спроведена повторена јавна анкета и јавна презентација бр.19-529/17 од 15.06.2022 година.
-

**Член 4**

Детален урбанистички план во УЗ 15, УБ 15.7, Општина Охрид, плански период 2019–2024, се заверува со печат и потпис на претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 5**

Детален урбанистички план во УЗ 15, УБ 15.7, Општина Охрид, плански период 2019–2024, се чува, следи и реализира во Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 08-17168/112** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА ЗА ГП 1.2 И ГП 1.3 ВО ДУП ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ ЗА НАСЕЛБА „РАДОЈЦА НОВИЧИЌ“ - ОХРИД, БЛОК ДЕТСКА ГРАДИНКА, ОПШТИНА ОХРИД ДОНЕСЕН СО ОДЛУКА БРОЈ 07-565/2 ОД 07.10.1998 ГОДИНА, ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување техничка исправка за ГП 1.2 и ГП 1.3 во ДУП измени и дополнување за населба „Радојца Новичиќ“ - Охрид, Блок Детска градинка, општина Охрид донесен со одлука број 07-565/2 од 07.10.1998 година, општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/198** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 2 и став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/2020), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА ЗА ГП 1.2 И ГП 1.3 ВО ДУП ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ ЗА НАСЕЛБА „РАДОЈЦА НОВИЧИЌ“ – ОХРИД, БЛОК ДЕТСКА ГРАДИНКА, ОПШТИНА ОХРИД ДОНЕСЕН СО ОДЛУКА БРОЈ 07-565/2 ОД 07.10.1998 ГОДИНА, ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Се донесува техничка исправка за ГП 1.2 и ГП 1.3 во ДУП измени и дополнување за населба „Радојца Новичиќ“ – Охрид, Блок Детска градинка, Општина Охрид донесен со одлука број 07-565/2 од 07.10.1998 година, Општина Охрид, со тех.бр. 07/23 од Април 2023, изработена од страна на ДПГ „Снегар Компани“ дооел Охрид, од системот е-урбанизам како број на постапка 51615.

**Член 2**

Во системот е-урбанизам аплицирана е следната документација:

- Техничка исправка – електронски формат, PDF верција
- Позитивно мислење бр. 19-16385/2 од 03.11.2023 година

**Член 3**

Комисијата за урбанизам дава позитивно мислење за усвојување на техничката исправка за ГП 1.2 и ГП 1.3 во ДУП измени и дополнување за населба „Радојца Новичиќ“ – Охрид, Блок Детска драдинка, Општина Охрид донесен со одлука број 07-565/2 од 07.10.1998 година, Општина Охрид, и истата ја доставува на донесување до Советот на општина Охрид.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на општина Охрид“.

**Бр. 08-17168/113** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 7.4 ВО ДУП ЗА ДЕЛ ОД УЗ 10 И 11, УБ 10.4 И 11.1 ВЛАШКА МААЛА И ГРАДИНАР, БЛОК 7 ВО КО ОХРИД 2, ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.4 во ДУП за дел од УЗ 10 и 11, УБ 10.4 и 11.1 Влашка Маала и Градинар, блок 7 во КО Охрид 2, општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/199** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 63 став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/2020 и 111/23), Прирачник за начинот на водење на постапката за изготвување и одобрување на урбанистички проект со план за парцелација од Министерство за транспорт и врски бр.24-6836/1 од 15.10.2021, член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19

и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 7.4 ВО ДУП ЗА ДЕЛ ОД УЗ 10 И 11, УБ 10.4 И 11.1 ВЛАШКА МААЛА И ГРАДИНАР, БЛОК 7 ВО КО ОХРИД 2, ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Се донесува Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.4 во ДУП за дел од УЗ 10 и 11, УБ 10.4 и 11.1 Влашка Маала и Градинар, блок 7 во КО Охрид 2, општина Охрид, со тех.бр. 13/2023 од Октомври 2023, изработен од ТДПТУ „НЈУ ВИЖЕН“ доо увоз – извоз, Охрид, од системот е-урбанизам како број на постапка 55043.

**Член 2**

Во системот е-урбанизам аплицирана е следната документација:

- Урбанистички проект со план за парцелација,
- План за парцелација (графички прилог бр.4) тех.бр.13/2023 од Октомври 2023,
- Извештај од Стучна ревизија, изработен од ДПИПУ „КВАДАР“ ДОО Скопје со тех.бр.0701-806 од октомври 2023
- Позитивно мислење бр. 19-13494/3 од 09.10.2023 год.
-

**Член 3**

Комисијата за урбанизам дава Позитивно мислење и го достави Урбанистичкиот проект со план за парцелација до Советот на општината за Одлука за донесување на план за парцелација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на општина Охрид“.

**Бр. 08-17168/114** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 2.3.30 ФОРМИРАНА ВО ДУП ЗА ДЕЛ ОД УЗ 2, УБ 2.3 ОПФАТ 2 ВО КО ОХРИД 3, ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 2.3.30 формирана во ДУП за дел од УЗ 2, УБ 2.3 опфат 2 во КО Охрид 3, општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023 година.

**Број 09-17168/200** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2023 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 63 став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/2020 и 111/23), Прирачник за начинот на водење на постапката за изготвување и одобрување на урбанистички проект со план за парцелација од Министерство за транспорт и врски бр.24-6836/1 од 15.10.2021, член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.11.2023, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 2.3.30 ФОРМИРАНА ВО ДУП ЗА ДЕЛ ОД УЗ 2, УБ 2.3 ОПФАТ 2 ВО КО ОХРИД 3, ОПШТИНА ОХРИД

**Член 1**

Се донесува Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 2.3.30 формирана во ДУП за дел од УЗ 2, УБ 2.3 опфат 2 во КО Охрид 3, Општина Охрид, со тех.бр. 20/2021 од Јули 2023, изработен од ТДПТУ „НЈУ ВИЖЕН“ ДОО увоз – извоз, Охрид, од системот е-урбанизам како број на постапка 37294.

**Член 2**

Во системот е-урбанизам аплицирана е следната документација:

- Урбанистички проект со план за парцелација,
- План за парцелација - тех.бр.20/2021 од Јули 2023,
- Извештај од Стучна ревизија, изработен од ДПИПУ „КВАДАР“ ДОО Скопје со тех.бр.0701-551 од Јули 2023 година.
- Позитивно мислење бр. 19-1141/2 од 09.11.2023 год.

**Член 3**

Комисијата за урбанизам дава Позитивно мислење и го достави Урбанистичкиот проект со план за парцелација до Советот на општината за Одлука за донесување на план за парцелација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на општина Охрид“.

**Бр. 08-17168/115**
**30.11.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Сашо Донев,с.р.**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на општина Охрид објавува дека по барање на инвеститорот Дритон Никола од Охрид ул "Марко Несторoски" број 92А/1-4, б Охрид му се одобрува изградба на А1 градба од Втора категорија со катност ПР+ПК на ГП 35, локација формирана на КП бр.3755/12 КО Охрид 4, согласно Извод бр 20-2956/2 од 06.03.2023г., за ДУП за УЗ 11 дел од блок 11.3 Опфат 2 општина Охрид, донесен со Одлука бр 07-6092/35 од 30.06.2014 година.

Согласно член 62-а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 39/16, 71/16, 132/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23), лицето Мики Величковски од Охрид врз основа на доставени податоци за точна адреса од АКН, беше известен за издаденото одобрение за градба и тоа по пошта со препорачана пратка.

Од увидот во доставата која се однесува на горе именуваното лице и наведената адреса се утврди дека истата не е уредна.

Заради претходно наведеното, се повикува Мики Величковски од Охрид сопственик на КП.бр. 3755/16 во КО Охрид 4 и се известува за донесеното одобрение и се задолжува во рок од 15 дена од денот на објавата да дојде во просториите на Секторот за урбанизам и упрвување со градежно земјиште да изврши увид во предметот.

Доколку не се јаите или не назначите полномошник ќе сетаме дека е извршена уредна достава а евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Помошник Раководител на Сектор**
**Кирил Илоски,с.р.**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на општина Охрид, објавува дека врз основа на член 58 став 2 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20 ,279/20 и 111/23), а решавајќи по барањето Уп.1 бр. 20 - 839 од 03.10.2023 год. на инвеститорот Катарина Џамбазовски со адреса на ул. „Партизанска“ бр.17 Охрид, му издаде Одобрение за градба Уп1бр.20-839 од 23.11.2023 год. на станбена куќа А1–Објект од Втора категорија и катност Пр и Кат на Г.П.за Кп.бр.2659/2 КО Велгошти согласно Општ акт за с.Велгошти донесен со Одлука бр.08-9194/9 од 18.07.2017 год. од Советот на општина Охрид.

Согласно член 62- а од Законот за градење обврзани сме да ги известиме и непосредните соседи за издадените одобренија.

Од податоците добиени од АКН Охрид како сосед на локацијата се јавува лицето Шикоска Марија за кое АКН ни даде адреса на живеење, но известувањето до истата се врати од пошта со назнака преселен.

Врз основа на горенаведеното ја правиме оваа јавна објава со цел запознавање со издаденото одобрение за градба на непосредниот сосед кој во наредните 15 денови од објавата може да изврши увид во предметот или да изјави Жалба против издаденото одобрение до Министерството за транспорт и врски.

Доколку во горенаведениот рок не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Помошник Раководител на Сектор**
**Кирил Илоски,с.р.**